СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена.

Четврток, 9 април 1998 Скопје Број 17 Год. LIV

Аконтацијата за 1998 година изнесува 7.200 денари. Овој број чини 200 денари. Жиро сметка 40100-603-12498

439.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

УКАЗ
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за телекомуникациите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 31 март 1998 година.

Број 07-1390/1
31 март 1998 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Тито Петковски, с р.

ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИТЕ

Член 1

Во Законот за телекомуникациите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 33/96) во член 1 зборовите· „како и“ се бришат, а по зборот „услуги“ точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите „конкуренција во областа на телекомуникациите, обезбедувањето на универзални услуги, издавање на концесија и вршењето на телекомуникациските услуги по пат на концесија, управувањето, користењето и контролата на радиофреквентниот спектар, производството, увозот, продажбата, користењето и одржувањето на радиостаници, терминална опрема и други прашања поврзани со телекомуникациите“.

Се додава нов став 2, кој гласи

„Со вршењето на дејностите во областа на телекомуникациите треба:

– да се подобри ефикасноста и да се унапреди развојот во областа за телекомуникации и со тоа да се поттикне порастот на стопанството на Република Македонија;

– да им се овозможи на граѓаните на Република Македонија недискриминаторен пристап до современи, ефикасни и високо квалитетни телекомуникациски услуги, средства и опрема по разумни цени базирани на трошоците,

– да се утврди регулативна и економска основа за воведување пазарна конкуренција во телекомуникациската област;

– да се усогласи телекомуникациската област во согласност со меѓународните стандарди, најдоброто искуство и работни норми и

– да се обезбеди правична, ефикасна и независна примена на прописите“.

Член 2

Во член 2 алинеја 4 се менува и гласи:

„Телекомуникациска мрежа е преносен систем што вклучува комутациска опрема и други средства, кои овозможуваат телекомуникации, и се користи за обезбедување на телекомуникациски услуги“.

Алинеја 5 се брише.

Во алинеја 7 зборовите: „за потребите“, се заменуваат со зборовите: „наменета и користена исклучително да ги задоволи сопствените потреби“.

Во алинеја 12 зборовите „служат за остварување на телекомуникациите“ се заменуваат со зборовите: „се користат во телекомуникациските мрежи“.

Во алинеја 19 зборовите: „врши јавни телекомуникациски услуги преку јавните телекомуникациски мрежи“ се заменуваат со зборовите: „што работи со јавна телекомуникациска мрежа“.

Во алинеја 23 по зборот „оператори“ точката и запирката се бришат и се додаваат зборовите: „или на давателите на јавни телекомуникациски услуги“.

Во алинеја 25 по зборот „оператори“ се додаваат зборовите: „и даватели на јавни телекомуникациски услуги“.

Алинејата 26 се менува и гласи:

„– ВСАТ услуги се еднонасочни и/или двонасочни телекомуникациски услуги кои се обезбедуваат преку електромагнетни бранови и мали земни сателитски антени;“.

По алинеја 26 се додаваат 23 нови алинеи, кои гласат:

„– Кабловска радио и телевизиска услуга е емитување на радио и телевизиски програми и други телекомуникациски сигнали преку кабловска или безжична радио и телевизиска мрежа. Оваа услуга не го вклучува обезбедувањето на говорни телефонски услуги;

– Целуларна мобилна телефонска услуга е телекомуникациска услуга која се обезбедува преку јавна мобилна телекомуникациска мрежа, на определени фреквенции која користи аналогна или дигитална целуларна технологија;

– ДЦС – 1800 мобилна телефонска услуга е телекомуникациска услуга која се обезбедува преку јавна мобилна телекомуникациска мрежа на определени фреквенции, која користи ДЦС – 1800 технологија;

– Услугите за евиденција на телефонски претплатници се информативни услуги кои се однесуваат на корисници на јавни телекомуникациски услуги и кои се обезбедуваат по барање на секое лице преку јавната телекомуникациска мрежа;

– Јавна мобилна телекомуникациска мрежа е телекомуникациска мрежа која се користи целосно или делумно за обезбедување целуларни мобилни телефонски услуги, ДЦС – 1800 мобилни телефонски услуги или ГСМ мобилни телефонски услуги меѓу мобилни станици и фиксни станици и меѓу мобилни станици и други мобилни станици, (но до 31 декември 2005 година не ги вклучува изнајмените линии и другите капацитети за пренос употребени за поврзување на мобилните комутирани центри еден со друг или со фиксната јавна телекомуникациона мрежа) и која применува броеви или кодови за идентификација на мобилните терминали кои се користат при обезбедување на таквата услуга;

– Фиксна јавна телекомуникациска мрежа е телекомуникациска мрежа која се користи целосно или делумно за обезбедување на јавни телекомуникациски услуги меѓу неподвижни точки за приклучување на мрежата, (и до 31 декември 2005 година, ја вклучува телекомуникациската мрежа меѓу мобилните комутирани центри на мобилната јавна телекомуникациска мрежа и меѓу мобилните комутирани центри на мобилната јавна телекомуникациска мрежа и точката на фиксна јавна телекомуникациска мрежа) вклучувајќи ја и опремата за комутација и пренос и друга инфраструктура наменета за меѓусебно приклучување со јавните телекомуникациски мрежи во и надвор од границите на Република Македонија;

– Фиксна говорна телефонска услуга е локална, меѓумесна и меѓународна говорна телефонска услуга која им се обезбедува на корисниците на јавните телекомуникациски услуги преку фиксната јавна телекомуникациска мрежа;

– ГСМ мобилна телефонска услуга е телекомуникациска услуга која се обезбедува преку јавна мобилна телекомуникациска мрежа на одредени фреквенции, која користи ГСМ технологија;

– Постојниот јавен телекомуникациски оператор е АД „Македонски телекомуникации" и неговите натамошни правни наследници (во натамошниот текст: постојниот ЈТО);

– Меѓусебно поврзување е физичко или логично приклучување на јавните телекомуникациски мрежи за да им се овозможи на корисниците на јавните телекомуникациски услуги од еден јавен телекомуникациски оператор или давател на јавни телекомуникациски услуги меѓусебно да се приклучуваат или комуницираат со корисниците на јавните телекомуникациски услуги на друг јавен телекомуникациски оператор или давател на телекомуникациски услуги;

– Услуга на изнајмена линија е телекомуникациска услуга каде што изнајмените линии, било да се постојани или виртуални меѓу мрежните точки на приклучување се определени од страна на јавен телекомуникациски оператор или давател на јавна телекомуникациска услуга за потребите на индивидуалните корисници со надоместок;

– Мобилна јавна телефонска услуга претставува целуларна мобилна телефонска услуга, ДЦС – 1800 мобилна телефонска услуга и ГСМ мобилна телефонска услуга;

– Пејџинг услуга е услуга која опфаќа пренос на кодирани пораки преку радио до претплатниците со подвижни радио терминали;

– Јавна услуга за пренос на податоци е јавна телекомуникациска услуга која се обезбедува за корисниците преку јавна мрежа за пренос на податоци. Услугата за пренос на јавни податоци не вклучува говорна телефонија (во реално или друго време) телеграфска, телекс или услуга на изнајмени линии;

– Јавна мрежа за пренос на податоци е јавна телекомуникациска мрежа која овозможува пренос на податоци, со комутација на пакети или комутација на кола, меѓу два или повеќе компјутери, меѓу два или повеќе терминали за податоци или меѓу компјутери и терминали за податоци;

– Давател на јавна телекомуникациска услуга е домашно или странско правно или физичко лице кое врши јавни телекомуникациски услуги преку јавните телекомуникациски мрежи;

– Услуга на јавна говорница е говорна телефонска услуга која се обезбедува преку јавна телефонска говорница или друго телефонско средство достапно на јавноста кои ги контролира јавниот телекомуникациски оператор или давател на јавна телекомуникациска услуга и се користат со ковани пари, кредитни или однапред платени картички за повик или обратно или на сметка на трета страна;

– Телекомуникациски услуги за сопствени потреби се телекомуникациски услуги што ги обезбедуваат одделни државни органи, органите на единиците на локалната самоуправа, трговски друштва и други правни и физички лица преку телекомуникациската мрежа, исклучително наменети за задоволување на своите потреби;

– Телеграфска услуга е телекомуникациска услуга каде што пренесената информација, било во пишана или печатена форма или во неподвижна слика е наменета за прием во првобитна форма која може да се архивира и користи;

– Телекс услуга е телекомуникациска услуга која овозможува интерактивно доставување на текст пораки меѓу претплатници со телепринтер преку јавна телекомуникациска мрежа со помош на кодирани знаци;

– Универзална услуга е пакет на телекомуникациски услуги со определен квалитет кои треба да им се достапни на сите корисници на јавните телекомуникациски услуги во Република Македонија, без оглед на нивната географска локација, по разумни и недискриминаторни цени;

– Говорна телефонска услуга е комутиран пренос на говор меѓу терминална опрема приклучена на мрежа која поврзува точки кои овозможуваат пренос на говорни пораки меѓу корисници на телекомуникациски услуги и вклучува локални, меѓумесни и меѓународни услуги.

– Услуги на повратен повик (call back services) се телекомуникациски услуги при кои на барање на корисник од Република Македонија на било каков начин се остварува повратен повик од странство на телекомуникациски број на корисник во Република Македонија".

Член 3

Во член 3 се додава нов став 2, кој гласи:

„Дирекцијата за телекомуникации може да го ограничи пристапот до телекомуникациските мрежи или услуги заради заштита на безбедноста на јавните телекомуникациски мрежи, зачувување на интегритетот на телекомуникациската мрежа и обезбедување на меѓусебното работење на телекомуникациските служби и заштита на податоците, само во оправдани случаи и во согласност со важечките закони и прописи".

Член 4

Член 5 се менува и гласи:

„Планот за развој вообласта на телекомуникациите во Републиката го донесува Владата на Република Македонија во рамките на макроекономската политика на Републиката, на предлог на Министерството за сообраќај и врски.

Со Планот од став 1 на овој член, во согласност со одредбите на овој закон, се определува стратегијата за либерализација на секторот за телекомуникации, вклучувајќи ги и времените чекори за прогресивно воведување на конкуренција.

При изготвување на Планот од став 1 на овој член Министерството за сообраќај и врски треба да ги има предвид:

– степенот до кој тарифите на постојниот ЈТО се одраз на трошоците на работење со телекомуникациските мрежи и обезбедувањето на телекомуникациски услуги,

– обврската на постојниот ЈТО да ја развива фиксната јавна телекомуникациска мрежа и

– принципите и политиката на Европската унија и Светската трговска организација и меѓународните обврски на Република Македонија".

Член 5

Во член 7 зборовите: „под еднакви услови" се заменуваат со зборовите: „според недискриминаторски, објективни и транспарентни рокови и услови, освен во случаи на ограничувања кои се во врска со капацитетот на давателот на услугата".

По став 1 се додаваат шест нови става кои гласат:

„Корисникот од став 1 на овој член има право да добива непречена, ефикасна и редовна услуга и да му се надоместува од страна на јавниот телекомуникациски оператор или давателот на јавната телекомуникациска услуга за секој недостаток во квалитетот на јавната телекомуникациска услуга што ја добива.

Корисникот има право неговите барања, жалби и приговори во врска со обезбедувањето на телекомуникациската услуга да бидат земени на разгледување и да се решат веднаш и ефикасно.

Корисникот има право надоместокот за јавната телекомуникациска услуга да биде фактуриран на начин лесен за разбирање.

Корисникот кој што прима радио и телевизиски сигнали преку јавните телекомуникациски мрежи наменети за пренос и емитување на радио и телевизиски сигнали има право да добива квалитетен прием на радиодифузните програми во рамките на оптималните технички параметри на мрежите.

Корисникот има обврска да ги плаќа јавните телекомуникациски услуги што ги добива.

Корисникот има обврска да се грижи и соодветно да ја користи телекомуникациската опрема која му ја обезбедува јавниот телекомуникациски оператор или давателот на јавната телекомуникациска услуга и не смее да ја менува опремата или да презема друго дејствие за да го избегне плаќањето за јавните телекомуникациски услуги што ги добива".

Член 6

Во член 8 по зборот „смеат" се додава зборот „неоправдано".

По став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Имателите и операторите на телекомуникациските мрежи и средства и давателите на јавни телекомуникациски услуги не смеат да вршат ниту една работа со која се ограничува или нарушува конкуренцијата".

Член 7

Во член 9 зборовите: „забранет е пренос" се заменуваат со зборовите: „забрането е намерно пренесување".

Член 8

Во член 10 став 1, член 11 и член 13 по зборот „средства" се додаваат зборовите: „даватели на јавни телекомуникациски услуги".

Член 9

Во член 12 ставот 1 се брише.

Став 2 се менува и гласи:

„Во станбени објекти со повеќе од шест стана и деловни објекти, инвеститорот е должен да изгради внатрешна телекомуникациска инсталација".

Член 10

Во член 13 зборовите: „органот на управата надлежен за внатрешни работи, односно органот на управата надлежен за одбрана" се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана".

Член 11

Во член 15 во став 2 зборот „основните" се заменува со зборот „јавните", а зборовите: „органот на управата надлежен за телекомуникации" се заменува со зборовите: „Дирекцијата за телекомуникации".

Член 12

Член 16 се менува и гласи:

„За регулирање на работите во областа на телекомуникации утврдени со овој закон, се надлежни:

– Министерството за сообраќај и врски и

– Дирекцијата за телекомуникации (во натамошниот текст: Дирекцијата).

Дирекцијата се формира како орган во состав на Министерството за сообраќај и врски.

Дирекцијата има својство на правно лице".

Член 13

Член 17 се менува и гласи:

„Министерството за сообраќај и врски:

– ја реализира политиката на Владата на Република Македонија во областа за телекомуникациите;

– ги координира телекомуникациските активности утврдени од Владата на Република Македонија;

– го унапредува развојот на конкуренцијата во областа на телекомуникациите;

– го донесува Планот за намена на радиофреквенциските опсези на предлог на Дирекцијата;

– го донесува Планот за распределба на радиофреквенциите на предлог на Дирекцијата;

– ја изготвува и донесува листата на универзални услуги;

– ги спроведува уредбите на Владата на Република Македонија за вршење на телекомуникациската дејност при постоење на воена или вонредна состојба или природни катастрофи и

– соработува со администрациите на странските држави, врши меѓународна координација на радиофреквенциите и во рамките на својата надлежност, ја застапува Република Македонија во меѓународни преговори во областа на телекомуникациите и во меѓународни организации и конференции во областа на телекомуникации.

Министерот за сообраќај и врски:

– определува и дава концесии во согласност со овој закон на предлог на Дирекцијата;

– и предлага на Владата на Република Македонија именување и разрешување на директорот на Дирекцијата;

– ја одобрува листата на универзалните услуги;

– ја утврдува висината на надоместоците согласно со овој закон, на предлог на Дирекцијата;

– донесува прописи со кои поблиску се уредува областа на телекомуникации на предлог на Дирекцијата и

– врши и други работи утврдени со овој и други закони."

Член 14

Член 18 се менува и гласи:

„Дирекцијата за вршење на работите од својата надлежност утврдени со овој закон, одговара пред министерот за сообраќај и врски и истите ги врши согласно со овој закон, други закони на Република Македонија, подзаконски прописи донесени од страна на Министерството за сообраќај и врски и други надлежни органи и меѓународни договори што ги склучила, односно на кои им пристапила Република Македонија.

Со Дирекцијата раководи директор.

Директорот ќе биде именуван со мандат од пет години и може да биде повторно именуван за уште еден мандат од пет години, но не повеќе од два мандата.

Функцијата директор на Дирекцијата е функција со полно работно време и е неспоива со секоја друга професионална платена активност и со секакво директно или индиректно учество во телекомуникациите, медиумите или другите сектори предмет на регулирање од страна на Дирекцијата.

Годишните средства за работа на Дирекцијата ги одобрува министерот за сообраќај и врски кои мора да се доволни за да може Дирекцијата на задоволителен начин да ги извршува работите од својата надлежност.

Дирекцијата ги наплатува надоместоците за надзор и другите надоместоци за да ги покрие трошоците што ги прави Дирекцијата во вршењето на работите и функциите утврдени со овој и други закони.

Средствата остварени од наплатените надоместоци според овој и други закони првенствено се користат за покривање на трошоците за работењето на Дирекцијата, а вишокот на средствата ќе се вложат во буџетот на Републиката.

Директорот на Дирекцијата:

– ја утврдува организацијата за работа на Дирекцијата;

– ги донесува актите за работа на Дирекцијата;

– обезбедува јавноста да има разумен пристап до сите информации кои се однесуваат на неговите активности, освен информациите кои се однесуваат на службени работи, одлуки, приватни или доверливи информации;

– обезбедува вработените во Дирекцијата да ги чуваат во строга доверба сите доверливи или приватни информации што ги добиваат;

– ја одобрува листата на службени информации кои не треба да се дадат на јавноста.

Дирекцијата:

– ги остварува своите овластувања користејќи отворена, транспарентна и недискриминаторска постапка;

– обезбедува корисниците да имаат пристап до јавните телекомуникациски мрежи и јавните телекомуникациски услуги на недискриминаторска основа;

– обезбедува сите информации во врска со корисниците кои не треба да бидат достапни на јавноста да се чуваат како доверливи;

– обезбедува јавните телекомуникациски оператори и давателите на телекомуникациските услуги да се придржуваат кон обврските кои им се дадени во интерес на одбраната, безбедноста и одржувањето на јавниот ред, како и за време на воена и вонредна состојба;

– презема мерки со цел да се обезбеди примената на овој закон, други закони, прописи, концесии, дозволи и одобренија кои се даваат согласно со овој закон;

– согласно со политиката на Владата и Министерството, ќе развие и реализира долгорочен план за воведување на конкуренцијата во областа на телекомуникациите, кој ќе ја урамнотежи конкуренцијата во однос на економските, општествените и другите вредности регулирани со овој закон;

– презема мерки и пропишува заштита за да ги спречи јавните телекомуникациски оператори и давателите на јавна телекомуникациска услуга од ангажирање во антиконкурентни активности;

– ги контролира цените и квалитетот на јавните телекомуникациски услуги согласно со одредбите од овој закон;

– обезбедува ниту еден јавен телекомуникациски оператор или давател на јавна телекомуникациска услуга да не е дискриминиран и утврдува сите оператори да се обезбедени со меѓусебно поврзување на недискриминаторна основа;

– одредува посебни категории на телекомуникациски активности, телекомуникациски услуги, телекомуникациски мрежи, јавни телекомуникациски оператори и даватели на јавни телекомуникациски услуги;

– прави анализи и редовно доставува извештај до Министерството за сообраќај и врски во врска со развојот на секторот за телекомуникации во Република Македонија и во странство;

– дава предлози на министерот за сообраќај и врски за доделување на концесии;

– дава предлози на министерот за сообраќај и врски во врска со износот на надоместоците пропишани во согласност со овој закон;

– издава дозволи за телекомуникациски активности пропишани во овој закон;

– објавува и ги чува тендерите за концесии и дозволи;

– го контролира придржувањето на роковите и условите дадени во концесиите и дозволите;

– извршува функции и обврски кои и се утврдени во концесиите и дозволите за телекомуникации;

– одобрува употреба на радио станици и терминална опрема кои се користат во Република Македонија и издава сертификати за одобрување;

– утврдува стандарди за меѓусебното поврзување на телекомуникациските мрежи, кога јавните телекомуникациски оператори не се во состојба да се договорат;

– го одобрува стандардниот договор меѓу јавните телекомуникациски оператори, давателите и корисниците на јавната телекомуникациска услуга;

– го подготвува, контролира и следи Планот за нумерација на телекомуникациските мрежи и услуги на Република Македонија, ги доделува броевите и обезбедува истите да се користат ефикасно и броевите и опсезите на броевите ги дава на јавните телекомуникациски оператори и даватели на телекомуникациска услуга согласно со објективните критериуми и недискриминаторските рокови и услови;

– управува, регулира и доделува радиофреквенции, подготвува планови за радиокомуникации, назначува фреквенции за предавање и прием, испитува и надгледува мрежи за радиокомуникации и обезбедува да не се користат радиостаниците и уредите од тип кој што не е одобрен;

– решава спорови во прв степен кои произлегуваат од односите меѓу јавните телекомуникациски оператори, давателите и корисниците на телекомуникациските услуги во согласност со овој закон;

– ги испитува повредите на овој закон, одредбите и прописите со кои се применува овој закон, дозволите, концесиите и одобренијата издадени согласно со овој закон, обезбедува доверливост на информациите добиени за време на овие испитувања, утврдува дали е направена повреда и ако е така покренува постапка до институциите за спроведување на законите во Република Македонија;

– пропишува интерни оперативни постапки неопходни за извршување на функциите на Дирекцијата;

– пропишува барања за евидентирање ревизија и сметководство за јавните телекомуникациски оператори и даватели на јавни телекомуникациски услуги;

– ја проверува тарифната опрема со која се мери траењето на услугите;

– му предлага на Министерството за сообраќај и врски донесување на прописи потребни за применување на овој закон и

– врши други работи утврдени со овој закон и со прописите донесени врз основа на закон.

Директорот има овластување:

– да бара од јавните телекомуникациски оператори и давателите на јавна телекомуникациска услуга да му доставуваат потребни информации, вклучувајќи ги и финансиските информации, кои Дирекцијата ги смета за потребни заради вршење на нејзината надлежност утврдена со овој закон, обврзувајќи се да не објавува доверливи информации и

– да презема други активности неопходни за извршување на одговорностите утврдени со овој закон и со одредбите усвоени од Министерството за сообраќај и врски."

Член 15

Член 19 се менува и гласи:

„Цените за јавните телекомуникациски услуги понудени на конкурентна основа ги утврдуваат јавните телекомуникациски оператори и давателите на телекомуникациски услуги.

Операторите на телекомуникациската мрежа и давателите на јавна телекомуникациска услуга ги одредуваат цените за услуги кои не подлежат на конкуренција врз основа на следниве принципи:

– цените мора да се темелат врз трошоците, и за слично поставени корисници мора да се недискриминаторски;

– цените мора да се формирани и нивните нивоа да се определат така што да се привлече инвестирање во секторот за телекомуникациите и

– при формирањето на цените мора да води сметка за прописите и препораките на меѓународните организации во кои Република Македонија е членка.

Директорот може да одреди регулативен режим за посебна цена на јавниот телекомуникациски оператор или давателот на јавна телекомуникациска услуга освен ако договорот за концесија не пропишува поинаку во следниве случаи:

– кога има само еден јавен телекомуникациски оператор или давател на јавна телекомуникациска услуга или кога давателот на јавна телекомуникациска услуга има доминантна позиција на пазарот за услугата;

– кога единствен или доминантен јавен телекомуникациски оператор или давател на јавна телекомуникациска услуга целосно субвенционира конкурентна мрежа или услуга од приходите на мрежата или услуги на кои тој е единствениот или доминантен давател и

– кога определена јавна телекомуникациска услуга не е целосно конкурентна или кога определена јавна телекомуникациска услуга не подлежи на определување цена врз целосно конкурентна основа.“

Член 16

Член 20 се менува и гласи:

„Јавниот телекомуникациски оператор мора да ги задоволи барањата за меѓусебно поврзување на неговата мрежа со мрежите на други јавни телекомуникациски оператори. Меѓусебното поврзување мора да се обезбеди најдоцна во рок од три месеци од денот на кој за првпат е доставено барањето за меѓусебно поврзување.

Меѓусебното поврзување не смее да се одбие ако барањето е оправдано и технички можно. Одбивањето на обезбедувањето за меѓусебно поврзување на мрежата мора да е целосно оправдано и на операторот кој бара меѓусебно поврзување мора да му се наведат причините за одбивањето.

Јавните телекомуникациски оператори ги утврдуваат роковите и условите за меѓусебното поврзување во договорот за меѓусебно поврзување. Директорот ги одредува општите услови на договорите за меѓусебно поврзување. Потпишаните договори мора да се доставаат на регистрација кај Директорот. Со договорите за меѓусебно поврзување детално се уредуваат техничките и финансиските услови. Кога договорот за меѓусебно поврзување не е во согласност со овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон или општите услови за меѓусебно поврзување, Директорот може да побара измена на договорот за меѓусебно поврзување. Сите договори за меѓусебно поврзување се достапни за јавноста, освен кога со тоа би се откриле сопственички или доверливи информации.

Ако јавен телекомуникациски оператор одбие да обезбеди меѓусебно поврзување, или ако два јавни телекомуникациски оператори не се во состојба да постигнат договор за меѓусебно поврзување во рок од три месеци, по првото барање за меѓусебно поврзување, било кој од јавните телекомуникациски оператори може да побара од Директорот да ги реши нивните несогласувања.“

Член 17

Член 21 се менува и гласи:

„Министерот за сообраќај и врски ќе ги донесе, а Директорот ќе ги применува прописите со кои се регулира обезбедувањето на универзални услуги и постапката за надомест што ќе се користи за да се наплатат тие услуги. Со прописите за обезбедувањето на универзалните услуги се уредува:

– идентификација и опис на универзалните услуги што треба да се обезбедат;

– постапки што ќе се користат за избор на давателите на универзални услуги (со јавен тендер или на друг начин);

– барање универзалните услуги да им се достапни на хендикепирани лица;

– методи за утврдување на максималните цени за универзални услуги;

– механизам за компензација за вршењето на универзалните услуги од страна на давателите на телекомуникациските услуги (вклучувајќи учество од други даватели на јавна телекомуникациска услуга и јавен телекомуникациски оператор);

– опис на информациите кои мора да ги обезбедат јавните телекомуникациски оператори и давателите на јавна телекомуникациска услуга заради пресметка на трошоците за обезбедување на универзалните услуги и

– други услови во врска со обезбедувањето на универзалните услуги.

Министерот за сообраќај и врски со подзаконски акт ја определува почетната група на универзални услуги, со кој задолжително се опфатени:

– пристап на фиксна говорна телефонска услуга;

– пристап до итни служби;

– пристап до јавни телефонски говорници и телефонски посредници и

– пристап до оператор и служба за информации (услуги за евиденција на телефонски претплатници).

Министерот за сообраќај и врски може да ја менува листата на услуги кои се сметаат за универзални услуги со дополнување на подзаконскиот акт од став 2 на овој член.

За време на периодот во кој постојниот јавен телекомуникациски оператор има ексклузивно право да обезбедува фиксни говорни телефонски услуги, Директорот ги утврдува правилата за надоместокот за плаќање на постојниот јавен телекомуникациски оператор за обезбедување на универзалните услуги, вклучувајќи го и определувањето на месечните давачки или давачки според користењето кои ќе ги плаќаат давателите на јавни мобилни телефонски услуги и на други јавни телекомуникациски услуги.

Обврските за обезбедување на универзални услуги на јавните телекомуникациски оператори и давателите на јавните телекомуникациски услуги се регулираат со договорот за концесија.“

Член 18

Член 22 се брише.

Член 19

Во поглавјето „IV. Вршење на телекомуникациски услуги по пат на концесија“ се додава нов член 22а, кој гласи:

„Член 22а

Постојниот јавен телекомуникациски оператор има право да дава фиксни говорни телефонски услуги, телеграфски услуги, телекс услуги, телефонски услуги преку јавни телефонски говорници, услуги на изнај-

мени линии, целуларни мобилни телефонски услуги, ДЦС-1800 мобилни телефонски услуги и ГСМ мобилни телефонски услуги, VSAT и други услуги со сателитски комуникации како и да гради, поседува и работи со фиксни јавни телекомуникациски мрежи, јавни мобилни телекомуникациски мрежи, јавни мрежи за пренос на податоци и кабловски радио и ТВ мрежи до 31 декември 2018 година.

Постојниот јавен телекомуникациски оператор има ексклузивно право, до 31 декември 2005 година, да обезбедува фиксни говорни телефонски услуги, телеграфски услуги, телекс услуги, телефонски услуги преку јавни говорници и услуги на изнајмени линии, и да гради, поседува и работи со фиксни јавни телекомуникациски мрежи.

Министерот за сообраќај и врски, на предлогот на Дирекцијата, ќе издаде концесија за вршење на услугите и работите од ставовите 1 и 2 на овој член и ќе склучи договор за концесија со постојниот јавен телекомуникациски оператор не подоцна од датумот до кој продажбата или трансферот на значително помал дел од постојниот ЈТО е извршена. Министерот за сообраќај и врски концесијата ја дава под рокови и услови со кои се обезбедува да се постигнат целите утврдени со овој закон. Министерот за сообраќај и врски нема да дава концесии или дозволи со кои се повредуваат ексклузивните права дадени на постојниот јавен телекомуникациски оператор со овој член.

До 31 декември 2005 година ниту едно правно или физичко лице освен постојниот јавен телекомуникациски оператор не смее:

– да дава, организира, рекламира, промовира или на друг начин да учествува во организирање на услуги на повратен повик ("Call-back services") и

– да обезбедува фиксни говорни телефонски услуги, телеграфски услуги, телекс услуги, услуги на јавна говорница или услуги на изнајмена линија и да гради, поседува и работи со фиксни јавни телекомуникациски мрежи."

Член 20

Член 23 се менува и гласи:

„Концесија е потребна за изградба, поседување или работење со јавна телекомуникациска мрежа и за обезбедување на јавни телекомуникациски услуги, освен ако поинаку не е уредено со овој закон.

Концесиите ги дава министерот за сообраќај и врски, на предлог на Дирекцијата и претставуваат јавни документи. Концесии можат да се дадат на домашни и странски правни и физички лица. Дирекцијата утврдува различни класи на концесии за различни видови телекомуникациски активности. Концесиите можат да се даваат согласно со роковите и условите за кои Дирекцијата смета дека се сразмерни и неопходни да се постигнат целите на овој закон.

Имателот на концесија ќе плати еднократен надомест за концесијата, како и други годишни надоместоци утврдени во роковите и условите на концесискиот договор, во износ што ќе го пресмета Дирекцијата. Од концесионерот може да се побара гаранција за плаќање на надоместоците во износ кој нема да ја надмине висината на надоместокот за концесија.

Концесијата не смее да се пренесува, целосно или делумно, без претходно одобрение од министерот за сообраќај и врски на предлог на Дирекцијата."

Член 21

Член 24 се менува и гласи:

„Министерот за сообраќај и врски дава концесија откако Дирекцијата ќе утврди дека барателот се придржува кон сите релевантни рокови и услови што ги утврдува Дирекцијата, што се одобрени од министерот за сообраќај и врски и коишто се претходно објавени во „Службен весник на Република Македонија". Ваквите рокови ќе бидат објективно оправдани во врска со односната активност или услуга, недискриминаторски, пропорционални и транспарентни и ќе вклучат барање дека барателот треба да достави детален технички план и програма за изградба во прилог на барањето. Со доставување на техничкиот план и програмата за изградба барателот ќе покаже дека ги задоволува сите барања за дозвола или концесија согласно законот со кој се уредува инвестиционата изградба и други релевантни закони. По издавањето на концесијата имателот на концесијата ќе ги обезбеди сите потребни одобренија и дозволи што се потребни согласно со овој закон, законот со кој се уредува инвестиционата изградба и други релевантни закони, во согласност со техничкиот план и планот за изградба.

Постапката што ја користи Дирекцијата за вреднување и давање предлог на министерот за сообраќај и врски во врска со доделувањето на концесиите на јавните телекомуникациски оператори и давателите на јавни телекомуникациски услуги ќе биде отворена, транспарентна, објективна и недискриминаторска.

По исклучок од член 23 на овој закон, бројот на расположливи концесии за одредена телекомуникациска активност или услуга може да се ограничи од страна на министерот за сообраќај и врски, на предлог на Дирекцијата, само поради недоволни ресурси, како што се радио фреквентниот спектар или ресурсите од Планот за нумерација.

Ако се ограничи бројот на концесии за одредена активност или услуга, Дирекцијата ќе спроведе јавен конкурс согласно со член 23 на овој закон. Ако за време на конкурсот не се добие барање, концесијата може да се дава врз основа на понуда."

Член 22

Во член 25 во став 1 зборот „Почетокот" се заменува со зборот: „Времетраењето,".

По став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Договорот за концесијата мора да биде јавен документ.".

Во ставот 2, кој станува став 3, зборот „десет" се заменува со зборовите: „дваесет и пет години и може да се продолжи по барање на имателот на концесијата под услови и на начин утврдени со овој закон".

Член 23

Во член 26 се додаваат два нови става 1 и 2, кои гласат:

„Ако се распишува јавен конкурс за давање на концесија:

– постапката што се користи е отворена, транспарентна и недискриминаторска и

– критериумите за давање се објективни, соодветни, поврзани со активностите или услугите за кои концесијата се дава и се објавени во „Службен весник на Република Македонија".

Концесија се дава за најдобрата понуда, проценета врз основа на економски, технички, искуствени и други критериуми претходно објавени во „Службен весник на Република Македонија".

Во член 26 став 1, кој станува став 3 во точките 1, 2 и 4 пред зборот „услуга", односно „услуги" се додаваат зборовите: „активност и", односно „активности и", а во точката 3 зборот „основната" се заменува со зборот „јавната".

Член 24

Во член 27 алинеја 2 се менува и гласи:

„Не се плаќа надоместокот за концесија или годишниот надоместок за надзор, или не се обезбедува гаранција на плаќањето на надоместокот во рок од 45 дена од истекот на рокот предвиден со концесискиот договор".

Член 25

Во член 29 по зборот „правни" се додаваат и зборовите: „и физички", а по зборот „лица" се додава зборот „исклучително".

Член 26

Член 31 се менува и гласи:

„Телекомуникациските мрежи за сопствени потреби не можат меѓусебно да се поврзуваат со други телекомуникациски мрежи без претходно одобрување на Дирекцијата"

Член 27

Во членот 32 став 1 зборовите „органот на управата надлежен за внатрешни работи, органот на управата надлежен за одбрана и органот на управата надлежен за надворешни работи" се заменуваат со зборовите: „Министерството за внатрешни работи, Министерството за одбрана и Министерството за надворешни работи".

Член 28

Во член 33 став 2 се менува и гласи:

„Прописите за доделување на радиофреквенциите и за техничките услови за користење на радиофреквенциите и радиостаниците ги донесува министерот за сообраќај и врски на предлог на Дирекцијата."

Член 29

Член 34 се менува и гласи:

„Користењето на радиофреквенциите се утврдува со Планот за намена на радиофреквенциските опсези и со Планот за распределба на радиофреквенциите.

Правото на користење на радиофреквенциите се добива со дозвола за работа на радиостаници. Дозволите можат да бидат издадени на домашни и странски правни и физички лица.

За правото на користење на радиофреквенциите од став 2 на овој член корисниците плаќаат еднократен и годишен надоместок во согласност со член 46 од овој закон.

Државните органи и радио аматерите се ослободени од плаќањето на надоместоците од став 3 на овој член."

Член 30

Во член 37 став 1 се менува и гласи:

„Плановите од членовите 35 и 36 на овој закон ги донесува министерот за сообраќај и врски, на предлог на Дирекцијата."

Член 31

Во член 38 став 1 се менува и гласи:

„Радиостаница може да се набави, увезе и постави врз основа на дозвола за набавка и поставување на радиостаницата".

Во став 3 зборот „надлежната" се заменува со зборот „царинската".

Во став 4 на член 38, член 42 став 2, член 44 и член 45 став 3 зборовите: „министерот надлежен за телекомуникации" се заменуваат со зборот „Дирекцијата".

Во став 6, по зборовите: „повик на лица" се додава зборот „-пејџинг".

Во став 8 зборовите: „органот на Управата надлежен за внатрешни работи и органот надлежен за одбрана" се заменуваат со зборовите: „Министерство за внатрешни работи и Министерство за одбрана".

Во став 8 на член 38, и во член 43 став 3 зборовите: „Сојузот на радио аматерите на Македонија" се заменуваат со зборовите: „Радио аматерски сојуз на Македонија".

Член 32

Во член 39 став 1 по зборот „дозвола" се додаваат зборовите: „издадена од страна на Дирекцијата".

Член 33

Во член 41 став 2 зборовите. „министерот надлежен за телекомуникации" се заменуваат со зборовите „министерот за сообраќај и врски", а зборовите: „министерот надлежен за внатрешни работи и министерот надлежен за надворешни работи" се заменуваат со зборовите: „министерот за внатрешни работи и министерот за надворешни работи".

Во член 38 став 5, член 73 став 3, член 83 точка 11, член 86 став 2 зборовите: „министерот надлежен за телекомуникации" се заменуваат со зборовите: „министерот за сообраќај и врски".

Член 34

Во член 43 став 1, член 45 став 2, член 47 став 1, член 52, член 89 став 1 точки 6 и 12 зборовите: „органот на управата надлежен за телекомуникации" се заменуваат со зборот „Дирекцијата".

Во ставот 2 на член 43 зборовите: „од член 23 на овој закон" се бришат.

Во ставот 4 на член 43 по зборот „лице" се додаваат зборовите: „без претходно одобрение од Дирекцијата".

Член 35

Во член 46 во ставот 2 зборовите: „и СВ" се бришат.

Во став 3 зборовите: „Владата на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „министерот за сообраќај и врски на предлог на Дирекцијата."

Член 36

Во член 48 став 1 по зборот „година" се додаваат зборовите: „со можност за продолжување за уште една година".

Став 2 се менува и гласи:

„Дозволата за работа на радиостаниците се издава за време од пет години. Периодот на важењето на дозволата за работа може да биде продолжен уште за пет години, на начин и постапка утврдена со овој закон, ако Дирекцијата смета дека имателот на дозволата ги исполнува условите од дозволата за радиостаница или концесијата."

Став 3 се брише.

Став 4 станува став 3.

Член 37

Во член 50 точката 7 се менува и гласи:

„7) оттуѓување на радиостаница без претходно одобрение од Дирекцијата или со расходување на истата."

Член 38

Членот 52 се менува и гласи:

„Ако во текот на работата на радиостаницата дојде до промени на Планот за намена на радиофреквенциските опсези и на плановите за распределба на радиофреквенциите, односно во прописите за условите за користење на радиофреквенциите, имателот на радиостаницата е должен по барање на Дирекцијата да ја приспособи работата на радиостаницата кон настанатите промени."

Член 39

Во член 53 став 2 по зборовите: „радиостаници во" се додаваат зборовите: „јавната мобилна телекомуникациска мрежа".

Во став 3 зборовите: „министерот надлежен за телекомуникации", се заменуваат со зборовите: „министерот за сообраќај и врски на предлог на Дирекцијата".

Член 40

Во член 54 зборовите: „министерството надлежно за телекомуникации", се заменуваат со зборот „Дирекцијата".

Член 41

Во член 55 и член 56 зборот „норми" се заменува со зборот „стандарди".

Во член 55 се додава нов став 2, кој гласи:

„Дирекцијата ја надгледува и спроведува усогласеноста на терминалната опрема со техничките стандарди утврдени во овој закон."

Член 42

Член 57 се менува и гласи:

„За набавка на терминална опрема не е потребна дозвола или концесија и истата не подлежи на регулирање на цените.

Дирекцијата може да презема мерки потребни за спречување на јавниот телекомуникациски оператор и давателите на јавни телекомуникациски услуги во субвенционирањето на обезбедувањето на терминалната опрема со средства добиени од вршењето на јавните телекомуникациски услуги кои не подлежат на конкуренција.

Прописите од член 55 и член 56 на овој закон, кои се однесуваат на терминалната опрема ги донесува министерот за сообраќај и врски на предлог на Дирекцијата, во согласност со македонските стандарди и техничките нормативи кои се однесуваат на ваков вид опрема. Во случај да не постојат македонски стандарди соодветно се применуваат европските стандарди и техничките нормативи, доколку се прифатени од страна на Република Македонија.

Ако не постојат европски стандарди и технички нормативи ќе се применуваат други меѓународни стандарди и технички нормативи од областа на телекомуникациите што ги склучила, односно им пристапила Република Македонија."

Член 43

Член 58 се менува и гласи:

„Телекомуникациските мрежи и средства се предмет на уредување на:

1) одредбите на овој закон и поблиските прописи донесени врз основа на овој закон и

2) македонските стандарди и техничките нормативи за работа со телекомуникациските мрежи и средства.

Доколку поинаку не е уредено со овој закон и не се донесени македонски стандарди и технички нормативи за телекомуникациските мрежи и средства, ќе се применуваат европските стандарди и техничките нормативи од областа на телекомуникациите кои ги прифатила Република Македонија. Ако не постојат европски стандарди и технички нормативи, ќе се користат други меѓународни стандарди и технички нормативи од областа на телекомуникациите кои ги прифатила Република Македонија.

Техничките прописи за проектирање, изградба, одржување и користење на телекомуникациските мрежи и средства ги донесува министерот за сообраќај и врски, на предлог на Дирекцијата, а по претходно мислење на јавните телекомуникациски оператори и давателите на услугите. Дирекцијата ја надгледува и спроведува согласноста со овие технички нормативи."

Член 44

Член 59 се менува и гласи:

„Дирекцијата ќе донесе План за нумерација за телекомуникациските мрежи за да се обезбеди управување и доделување на броевите врз недискриминаторска основа. За користење на доделените броеви се плаќа годишен надоместок кој го утврдува министерот за сообраќај и врски на предлог на Дирекцијата.

Планот за нумерација содржи:

– доделување на броеви со приоритети;

– доделување на броеви врз кои се применуваат посебни тарифи;

– доделување на броеви кои ќе бидат користени за преуредување на Планот за нумерација, ако тоа е потребно и

– редослед на менување или воведување на нови броеви.

Планот за нумерација треба да ја опфати и внатрешната нумерација и упатувањето на телекомуникациските мрежи, поефикасно користење на броевите, избор на носителот и предизбор и преносивост на броевите."

Член 45

Член 60 се менува и гласи:

„За сите одлуки и други преземени дејствија, како и за сите правила и одредби усвоени од страна на Министерството за сообраќај и врски и Дирекцијата во согласност со овој закон, може да се поднесе жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија за одлучување во управна постапка во втор степен. Таквите одлуки, дејствија, правила и одредби ќе бидат поништени доколку се утврди дека се неправедни или неразумно дискриминаторни, неподдржани со факти или неконзистентни со одредбите на овој или на другите закони."

Член 46

Член 61 се менува и гласи:

„Министерот за сообраќај и врски на предлог на Дирекцијата ќе обезбеди висината на надоместоците за надзорот, за нумерацијата и за дозволите за радиофреквенциите да бидат сразмерни со трошоците за регулирање на секторот. Еднократните надоместоци за концесиите и еднократниот надоместок за дозвола за радиофреквенција пропишани со овој закон, се соодветни на пазарната вредност на концесијата или дозволата која е доделена."

Член 47

Членовите 62 до 67 и член 69 се бришат.

Член 48

Во членот 74 по став 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Јавните телекомуникациски оператори имаат право за целите на овој закон на премин над државна и приватна недвижна сопственост, заради воспоставување на јавна телекомуникациска мрежа. Јавните телекомуникациски оператори се должни да преземаат мерки заради избегнување на штети врз таквата сопственост."

Ставот 2 станува став 3.

Ставот 3 се заменува со два нови става 4 и 5, кои гласат:

„Ако јавниот телекомуникациски оператор и сопственикот на земјиштето не се договорат во врска со употребата на земјиштето за монтажа или заштита на телекомуникациските мрежи и средства на воспоставувањето на правото на премин соодветно ќе се применуваат одредбите од законот со кој се уредуваат сопственичко правните односи.

На недвижностите на кои е поставена телекомуникациската мрежа и средство, јавниот телекомуникациски оператор може да стекне право на сопственост со претходен договор со сопственикот на недвижноста. Ако за стекнувањето на правото на сопственост не се постигне спогодба меѓу јавниот телекомуникациски оператор и сопственикот на недвижноста, недвижноста може да се експроприра согласно со Законот за експропријација. Јавниот телекомуникациски оператор во тој случај ќе се смета како корисник на експропријацијата согласно со член 3 од Законот за експропријација".

Член 49

Во членот 79 ставот 3 се менува и гласи:

„Јавните телекомуникациски оператори давателите на јавни телекомуникациски услуги кои непосредно ги

извршуваат меѓународните договори со странски лица можат непосредно да склучуваат договори заради извршувањето на тие меѓународни договори во рамките на своите овластувања."

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Меѓународните порамнувања и пресметковните цени не се утврдуваат согласно со член 19 на овој закон."

Член 50

Во член 80 зборовите: „министерот надлежен за телекомуникации" се заменуваат со зборот: Дирекција".

Член 51

Во член 81 зборовите „Министерот надлежен за телекомуникации" се заменуваат со зборот" „Министерството за сообраќај и врски".

Член 52

Член 82 се менува и гласи:

„Инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, меѓународните договори што ги склучила или на кои им пристапила Република Македонија, од областа на телекомуникациите врши Дирекцијата во рамките на нејзината надлежност преку свои инспектори за телекомуникации."

Член 53

Во членот 83 во уводната реченица зборовите: „е овластен да" се заменуваат со зборовите: „може да му предложи на директорот на Дирекцијата да:", а во точката 9 ред 5 пред зборот: „законот" се додава зборот „доследно".

Се додаваат четири нови става, кои гласат:

„Кога имателот на телекомуникациските средства не постапи по решението за забрана на работа на телекомуникациските средства или со своето работење прави штетни пречки во работата и користењето на други телекомуникациски мрежи и средства, инспекторот за телекомуникации ќе изврши запечатување на работните простории или телекомуникациските средства чие работење не е во согласност со одредбите од овој закон.

Запечатувањето од став 2 на овој член се означува со жиг

Содржината и формата на жигот ја пропишува министерот за сообраќај и врски.

По отстранување на утврдените неправилности и недостатоци поради кои е извршено запечатувањето на работните простории или телекомуникациските средства, а по писмено барање на имателот, инспекторот за телекомуникации ќе изврши отпечатување на работните простории или телекомуникациските средства."

Член 54

Во член 84 по зборот „имателот" се додаваат и зборовите: „и операторот".

Член 55

Во член 87 ставовите 1 и 2 се менуваат и гласат:

„Директорот на Дирекцијата на предлог на инспекторот при вршењето на инспекцискиот надзор донесува решенија во рамките на овластувањата определени со овој закон.

Против решението од став 1 на овој член може во рок од осум дена од приемот на решението да се изјави жалба до Комисијата на Владата на Република Македонија".

Член 56

Во член 88 во став 1 зборовите: „50 до 150 плати" се заменуваат со зборовите: „50.000 до 250.000 денари", а зборовите: „стопански престап" се заменуваат со зборот „прекршок".

Точките 1, 2, 3 и 4 се менуваат и гласат:

„1) во станбени објекти со повеќе од шест стана и во деловни објекти инвеститорот не вгради внатрешна телекомуникациска инсталација (член 12);

2) не дозволи меѓусебно поврзување во рокот утврден во став 1 на член 20;

3) до 31 декември 2005 година дава, организира, рекламира, промовира или на друг начин учествува во организирањето на услуги на повратен повик (call back) и обезбедува фиксни говорни телефонски услуги, телеграфски услуги, телекс услуги, услуги на јавна говорница и услуги на изнајмени линии, согласно со член 22-а на овој закон и

4) гради, поседува и работи со јавна телекомуникациска мрежа и обезбедува јавни телекомуникациски услуги без издадена концесија согласно со членовите 22-а и 23 на овој закон."

Точките 7, 8 и 9 се бришат.

Точките 10, 11, 12, 13 и 14 стануваат точки 6, 7, 8, 9 и 10.

По точката 9 се додава нова точка 10, која гласи:

„10) не му дозволи на инспекторот за телекомуникации запечатување на работните простории или на телекомуникациските средства."

Во ставот 2 зборовите: „пет до десет плати", се заменуваат со зборовите: „5.000 до 30.000 денари", а зборовите: „стопански престап" се заменуваат со зборот „прекршок".

Член 57

Во член 89 став 1 зборовите: „пет до дваесет плати" се заменуваат со зборовите: „50.000 до 250.000 денари".

Во точка 9 по зборот „лице" се додаваат зборовите: „без претходно одобрение од Дирекцијата" (член 43 став 4).

Во точка 10 пред зборот „користи" се додаваат зборовите: „пушти во работа радиостаница без извршен технички преглед и" (член 45).

Во став 2 зборовите: „една до пет плати" се заменуваат со зборовите: „5.000 до 30.000 денари".

Во став 3 и во член 90 став 2 зборовите: „заштитна мерка" се заменуваат со зборовите: „мерка на безбедност".

Член 58

Во член 90 зборовите: „една петтина до три плати" се заменуваат со зборовите: „5.000 до 30.000 денари", а во третиот ред по бројот „9" се додава бројот „10".

Член 59

Во Глава XIII – Преодни и завршни одредби се додаваат шест нови члена 90а, 90б, 90в, 90г, 90д, 90ѓ, кои гласат:

„Член 90а

Владата на Република Македонија ќе го приватизира постојниот јавен телекомуникациски оператор, преку продажба или пренос на дел или сите свои акции, во една или повеќе трансакции.

При извршувањето на приватизацијата од став 1 на овој член, Владата на Република Македонија ќе ги пренесе постојните акции или ќе издаде нови акции на инвеститорите, преку примена на некоја или сите од овие постапки:

– директно преговарање со еден или повеќе меѓународни финансиски институции и нивни коинвеститори;

– затворен тендер во кој е вклучена претквалификација, постапка или учесници и една или повеќе фази на понуда;

– било која друга комбинација на директно спогодување и постапка на затворено тендерирање кои се во согласност со меѓународната пракса на приватизација и

– јавна понуда.

Член 90б

Владата на Република Македонија има право да создаде класа од една или повеќе акции (златна акција) во постојниот ЈТО која што ќе има дополнителни права коишто се сметаат како неопходни, како дел од приватизацијата

Член 90в

Постојниот јавен телекомуникациски оператор може да биде трансформиран во акционерско друштво согласно со Законот за јавните претпријатија, Глава 7 од Законот за трговските друштва или секоја друга законска одредба која што се применува.

После трансформација на постојниот ЈТО во акционерско друштво Законот за јавните претпријатија и Глава 7 од Законот за трговските друштва нема да се применуваат на постоечкиот јавен телекомуникациски оператор. Правата на акционерите, управувањето со друштвото, раководството, работењето и сите други прашања во врска со постоечкиот јавен телекомуникациски оператор ќе бидат регулирани со овој закон, Глава 4 од Законот за трговските друштва и другите прописи коишто вообичаено се применуваат на акционерските друштва во коишто државните органи, општинските органи и други јавни органи немаат никакво сопственичко учество.

Член 90г

Постојниот јавен телекомуникациски оператор може да издава хартии од вредност, покрај акциите и конвертибилните обврзници овластени од Законот за трговските друштва, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на една или повеќе класи од следниве: конвертибилни приоритетни акции во кои се утврдени повеќекратни приоритетни права и права за конверзија, откупливи конвертибилни приоритетни акции и конвертибилни обврзници со фиксен износ.

Член 90д

Секакви договори кои се однесуваат на приватизацијата или управувањето на постојниот јавен телекомуникациски оператор или однесувањето на акционерите како акционери на постојниот јавен телекомуникациски оператор, кои одвреме навреме се склучуваат меѓу некој или сите акционери на постојниот јавен телекомуникациски оператор, или некој или сите акционери на постојниот јавен телекомуникациски оператор и постојниот јавен телекомуникациски оператор, ќе бидат валидни и ќе можат да ги спроведуваат страните на договорите. За целите на овој закон, Владата на Република Македонија е акционер во постојниот јавен телекомуникациски оператор, сè додека поседува акции издадени од постојниот јавен телекомуникациски оператор.

Член 90ѓ

На странски правни и физички лица и на странски правни лица контролирани или во сопственост на странски влади ќе им биде дозволено да стекнат акции, да станат директори, службени лица и вработени и да учествуваат во управувањето на постојниот ЈТО. Постојниот ЈТО нема да биде спречен да добие концесија, дозвола или да биде предмет на било какви ограничувања заради тоа што странско правно или физичко лице или правно лице контролирано или во сопственост на странска влада има добиено акции, станало директор, службено лице или вработен или учествува во управувањето на постојниот ЈТО".

Член 60

Дирекцијата, правата и должностите утврдени со овој закон ќе почне да ги врши најдоцна од 1 јануари 1999 година.

До конституирањето на Дирекцијата, Министерството за сообраќај и врски ќе ги извршува должностите, ќе ги остварува правата и ќе ги преземе обврските на Дирекцијата кои произлегуваат од овој закон, а работите на инспекцискиот надзор и одговорностите и овластувањата на инспекторите ќе се извршуваат преку Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски како орган во состав на Министерството за сообраќај и врски.

Член 61

Концесија за вршење на радио дифузна дејност ќе се дава под услови и на начин утврдени со овој закон и со Законот за радиодифузната дејност („Службен весник на Република Македонија" број 20/97).

Инспекцискиот надзор од член 82 на Законот за радиодифузната дејност ќе го врши Дирекцијата за телекомуникации, а до нејзиното конституирање Републичкиот инспекторат за сообраќај и врски како орган во состав на Министерството за сообраќај и врски.

Член 62

Прописите и другите општи акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

До донесување на прописите од став 1 на овој член ќе се применуваат прописите што важеле до влегувањето во сила на овој закон.

Член 63

Дозволите за радио станици издадени до влегувањето во сила на овој закон ќе се применуваат до истекот на нивната важност.

Член 64

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да изготви пречистен текст на Законот за телекомуникациите.

Член 65

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

440.

Врз основа на член 84, став 1, алинеја 10 од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 52/91), согласно член 1 од Законот за помилување („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/93), Претседателот на Република Македонија донесе

О Д Л У К А
ЗА ПОМИЛУВАЊЕ НА ОСУДЕНИ ЛИЦА

I

Потполно се ослободи од натамошно извршување на казната затвор осуденото лице:

1. Борче Лазар Иванов од Штип

II

Извршувањето на казната затвор му се заменува со условна осуда за време од 1 година на осуденото лице:

1. Љупчо Петре Стојкоски од Охрид, во траење од 3 месеци.

III

Извршувањето на паричната казна му се заменува со условна осуда за време од 1 година на осуденото лице:

1. Благоја Божин Кузмановски од Зелениково, во износ од 50.000,00 денари.

IV

Извршувањето на изречената казна затвор му се заменува со условна осуда за време од 2 години на осуденото лице:

1. Димитар Ѓорѓи Лазаров од Гевгелија, во траење од 1 година.

V

Делумно се ослободува од извршување на казната затвор осуденото лице:

1. Жарко Тодор Филипоски од Прилеп, во траење од 6 месеци.

VI

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-264
8 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Киро Глигоров, с.р.

441.

Врз основа на член 20 од Законот за извршување на буџетот на Република Македонија за 1998 година („Службен весник на РМ" бр. 67/97) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30 март 1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УЧЕСТВО НА РЕПУБЛИКАТА ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ ВО 1998 ГОДИНА

Член 1

1. Средствата планирани во Буџетот на Република Македонија за 1998 година за финансирање на општествени организации и здруженија на граѓани во износ од ден. 21.500.000 се распоредуваат и тоа за:

1. Противпожарен сојуз на Македонија	1.700.000
2. Сојуз на здруженијата на борците од НОБ – Републички одбор	10.000.000
3. Сојуз на студенти при Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје	1.500.000
4. Сојуз на студенти при Универзитетот Св. Климент Охридски – Битола	500.000
5. Сојуз на организација на жени на Република Македонија	200.000
6. Организација на жените на Македонија	200.000
7. Туристички сојуз на Македонија	100.000
8. Сојуз на извидниците на Македонија	100.000
9. Сојуз на организацијата Пријатели на шумите	300.000
10. Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата на РМ	1.200.000
11. Младински совет	1.500.000
12. Републичка заедница на културно-научните манифестации на Македонците муслимани	350.000
13. Здружение на децата бегалци од Егејскиот дел на Македонија	100.000
14. Здружение на индивидуални земјоделски производители	100.000
15 Детска амбасада – Штип	100.000
16. Здружение на стечајните работници	100.000
17. Сојуз на здруженијата на егејците од Егејскиот дел на Македонија	500.000
18. Театарска младина на Македонија	100.000
19. Сојуз на резервните воени старешини	150.000
20 Нумизматичко друштво Паионон	200.000

Член 2

За извршување на оваа одлука се грижи Министерството за финансии.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-829/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

442.

Врз основа на член 69 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 52/95) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.3.1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ЗАПИРАЊЕ ОД ИЗВРШУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ЛИПКОВО ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ОДГЛЕДУВАЊЕ, ЗАШТИТА И ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ШУМИ „КОПИЉАЧА" С. ОРИЗАРЕ – ЛИПКОВО, ОДЛУКАТА ЗА СТОПИРАЊЕ НА СЕЧА НА ДРВНА МАСА ВО ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ЛИПКОВО И ОВЛАСТУВАЊАТА ОД ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ЛИПКОВО ИЗДАДЕНИ НА СОВЕТИТЕ НА МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ОДНОСНО СТОПИРАЊЕ НА СЕЧА НА ДРВНА МАСА

1. Се запира од извршување Одлуката на Советот на општина Липково бр. 122-4/06 од 19.06.1997 година, за основање на јавно претпријатие за одгледување, заштита и искористување на шуми „Копиљача" с. Оризаре – Липково, Одлуката бр. 189/09 од 09.09.1997 година, за стопирање на сечата на дрвна маса во територијата на општина Липково и Овластувањата на Градоначалникот на општина Липково бр. 294/1 од 01.12.1997 година, 08-304/1 од 05.12.1998 година, 08-305/1 од 05.12.1998 година и 08-306/1 од 05.12.1998 година, со кои се овластуваат советите на месните заедници од селата Гошинце, Матејче, Отља и Руница да ја спречуваат, односно стопираат сечата на дрвна маса на територијата на месните заедници.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23 – 892/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

443.

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95, 34/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.03.1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „МИТЕ БОГОЕВСКИ" – РЕСЕН

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Мите Богоевски" – Ресен, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 14.03.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1023/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

444.

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95, 34/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.03.1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ДИМИТАР ВЛАХОВ" С. ЉУБОЈНО – РЕСЕН

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Димитар Влахов" с. Љубојно – Ресен, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 18.03.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1024/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

445.

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95, 34/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.03.1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „КИРИЛ И МЕТОДИЈ" С. ИЗВОР – ВЕЛЕС

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Кирил и Методиј" с. Извор – Велес, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 25.11.1997 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-994/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

446.

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95, 34/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.03.1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ПОСЕБНОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „Д-Р ЗЛАТАН СРЕМЕЦ" – СКОПЈЕ

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Посебното основно училиште „Д-р Златан Сремец" – Скопје, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 19.03.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-975/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

447.

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95, 34/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.03.1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ" – СКОПЈЕ

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Ѓорѓија Пулевски" – Скопје, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 12.02.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-968/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

448.

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95, 34/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.03.1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" С. ДРАСЛАЈЦА – СТРУГА

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Св. Климент Охридски" с. Драслајца – Струга,што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 28.02.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-658/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

449.

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95, 34/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.03.1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „26 ЈУЛИ" – СКОПЈЕ

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „26 Јули" – Скопје, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 20.12.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-652/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

450.

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95, 34/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.03.1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" С. ЈАБЛАНИЦА

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Гоце Делчев" с. Јабланица, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 13.02.1998 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-1064/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

451.

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95, 34/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.03.1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „ЉУБЕН ЛАПЕ" – СКОПЈЕ

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Љубен Лапе" – Скопје, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 4.01.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-967/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

452.

Врз основа на член 103 од Законот за основно образование („Службен весник на РМ" бр. 44/95, 34/96) и член 46, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.03.1998 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ „МАРШАЛ ТИТО" С. БАЈЛОВЦИ – КУМАНОВО

1. Се дава согласност на одредбите на Статутот на Основното училиште „Маршал Тито" с. Бајловци – Куманово, што го донесе Училишниот одбор на седницата одржана на 1.03.1996 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-811/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

453.

Врз основа на член 27 став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ" бр. 20/93 и 63/95) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30 март 1998 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Основен суд Свети Николе и тоа:

Тарифен број	Тарифна ознака	Наименување	Количина
1	2	3	4
8703		Патнички автомобили и други моторни возила главно конструирани за превоз на лица (освен возилата од тар. број 8702), вклучувајќи и моторни возила за комбиниран превоз на лица и стоки (од типот „караван", „комби", итн) и автомобили за трки:	
	8703 32	-- Со зафатнина на цилиндрите над 1500 см^3 до 2500 см^3:	
	8703 32 90 10	---- Со зафатнина на цилиндрите над 1500 см^3 до 2000 см^3: а) патничко возило „Опел-Вектра" со зафатнина на моторот од 1997 см^3, со број на шасија VV OЛ 000087X5173202.	1 парче

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.

Бр. 23-836/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

454.

Врз основа на член 27 став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ" бр. 20/93 и 63/95) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30 март 1998 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царини, а за потребите на Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина и тоа:

Тарифен број	Тарифна ознака	Наименување	Количина
1	2	3	4
8471		Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици; магнетни или оптички читачи, машини за преснимување на податоци на носители на податоци во кодирана форма и машини за обработка на такви податоци, неспомнати или неопфатени на друго место:	
	8471 30 00 00	- Портабл дигитални машини за автоматска обработка на податоци, со маса до 10 кг што се состојат од најмалку една централна единица, тастатура и дисплеј	1 парче
		а) Note book (color)	
	8471 60	- Влезни или излезни единици, што содржат или не содржат меморискиединици во исто куќиште:	
	8471 60 40 00	--- Печатари	
		а) Печатар	5 парчиња
		б) Плотер	5 парчиња
		в) ласерски печатар	20 парчиња
	8471 60 50 00	--- Тастатура	
		а) TASTATURA	45 парчиња
		б) MAUS	45 парчиња
	8471 60 90 00	--- Друго	
		а) SCANNER AO, COLOR	1 парче
		б) SCANNER A4, COLOR	1 парче
	8471 70	- Меморискиединици	
	8471 70 51 00	----- Оптички, вклучувајќи и магнетно – оптички	
		а) CD ROM	1 парче
		б) CD ROM 24 X	30 парчиња
	8471 70 53 00	------ Хард диск драјв (hard disk drives)	15 парчиња
		а) HARD DISK HDD 4,3 GB	
		б) HARD DISK HDD 6,4 GB	30 парчиња
		в) Disk	2 парчиња
	8471 70 59 00	------ Друго	
		а) FLOPPY DISK 3,5	15 парчиња
		б) FLOPPY DISK	30 парчиња
		в) INTERNAL ZIP – FILE	5 парчиња
8473		Делови и прибор (освен прекривачи, куфери за машини и сл.) погодни за употреба исклучително или главно со машините од тар. број 8469 до 8472;	
	8473 30	- Делови и прибор на машини од тар. број 8471:	
	8473 30 10 00	-- Електронски	
		а) Video Card S3 VIRGE 2 MB	15 парчиња
		б) Матична плоча	45 парчиња
		в) Video Card Matrox millenium 4MB WARM	30 парчиња
		г) Switch – ери, за поврзување на печатачи	20 парчиња
	8473 30 90 00	-- Други	
		а) кутија	8 парчиња
8517		Електрични апарати за жичана телефонија или жичана телеграфија, вклучувајќи жични телефонски апарати со безжична слушалка и телекомуникациски апарати за жични системи со носечка струја или дигитални линиски системи; видеофони:	
		- телефонски апарати (телефони); видеофони:	
	8517 50	- Други апарати за жичани системи со носечка струја или за дигитални линиски системи:	
	8517 50 10 00	-- За жичани линиски системи со носечка струја	
		а) Надворешен Faks modem	10 парчиња
8528		Приемни апарати за телевизија, со или без вграден радиодифузен приемник или со апарати за снимање или репродукција на звук или слика: видео-монитори и видео-проектори:	
		- Приемни апарати за телевизија со или без вграден радиодифузен приемник или со апарати за снимање или репродукција на звук или слика:	
	8528 21 00 00	-- Во боја	
		а) Монитор 21' COLOR	30 парчиња
		б) Монитор 17' COLOR	15 парчиња
8542		Електронски интегрални кола и микро склопови:	
	8542 13	-- Метално оксидни полупроводници (MOC технологија):	
	8542 13 10 00	--- Мемории (D-RAMs; S-RAMs; cache-RAMs; EPROMs; E2PROMs; ROMs; CAMs; FIFOs; LIFOs; и др.)	
		а) Меморија RAM 256 MB	30 парчиња
		б) меморија RAM 32 MB	15 парчиња
	8542 19	-- друго, вклучувајќи кола добиени со комбинација на	

1	2	3	4
		биполарна и MOS технологија (BIMOS технологија):	
	8542 19 55 00	--- Микропроцесори	
		а) Процесор Pentium MMX 200 Mhz	15 парчиња
		б) Процесор	30 парчиња
9008		Проектори за слики, освен кинематографски, фотографски апарати (освен кинематографски) за зголемување и намалување.	
	9008 30 00 00	- Други проектори на слики	
		а) LCD PROJECTOR	1 парче
9009		Апарати за фотокопирање со вграден оптички систем, апарати за контактно копирање и апарати за термичко копирање:	
	9009 11 00 00	-- За репродукција на оригинал директно на копија (директна постапка)	
		а) фотокопир А3	5 парчиња
		б) фотокопир АО	2 парчиња

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-877/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

455.

Врз основа на член 27 став 12 од Законот за царините („Службен весник на РМ" бр. 20/93 и 63/95) и член 46, став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30 март 1998 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОПРЕМА КОЈА МОЖЕ ДА СЕ УВЕЗЕ БЕЗ ПЛАЌАЊЕ ЦАРИНА

1. Со ова решение се утврдува опремата која не се произведува во Република Македонија и може да се увезе без плаќање царина, а за потребите на Министерството за наука и тоа

Тарифен број	Тарифна ознака	Наименување	Количина
1	2	3	4
8471		Машини за автоматска обработка на податоци и нивни единици, магнетни или оптички читачи, машини за преснимување на податоци на носители на податоци во кодирана форма и машини за обработка на такви податоци, неспомнати или неопфатени на друго место.	
	8471 41	-- Што во исто куќиште имаат најмалку една централна единица, како и една влезна и една излезна единица, или една комбинирана влезно-излезна единица.	
	8471 41 90 00	--- Друго	
		а) PC SERVER SE 330 P266 (Централни единици)	1 парче
	8471 70	- Мемориски единици:	
	8471 70 53 00	----- Оптички вклучувајќи и магнетно – оптички	
		а) ULTRA WIDE SCSI HDD (хард диск драјв)	5 парчиња
	8471 70 60 00	---- Мемориски единици со магнетни ленти	
		а) INTERNAL 4/10 GB 4mm TAPE DRIVE SCSI 3,5	
		а) мемориски единици со магнетни ленти	1 парче
8473		- Делови и прибор (освен прекривачи, куфери за машини и слично) погодни за употреба исклучително или главно со машините од тар. број 8469 до 8472,	
	8473 30	- Делови и прибор на машини од тар. број 8471:	
	8473 30 10 00	-- Електронски	
		а) TR PCI AUTO 16/4 ADAPTER (мрежна картичка)	1 парче
8524		Плочи, ленти и други снимени подлоги со звучни или други слични феномени, вклучувајќи матрици и галвански отпечатоци за производство на плочи, освен производите од Глава 37:	
	8524 40	- Магнетни ленти за репродукција на појави освен на звук или слика	
	8524 40 10 00	-- Со снимени податоци или програми, од вид кои се употребуваат со машини за автоматска обработка на податоци	
		а) WINDOWS NT LICENCI	45 парчиња
		б) WINDOWS NT SERVER 4,0	1 парче
		(магнетни ленти со снимени податоци и програми кои се употребуваат во машини за АОП)	
8528		Приемни апарати за телевизија, со или без вграден радиодифузен приемник или со апарати за снимање или репродукција на звук или слика; видео-монитори и видео-проектори.	
		- Приемни апарати за телевизија, со или без вграден радиодифузен приемник или со апарати за снимање или репродукција на звук или слика.	

1	2	3	4
	8528 21 00 00	-- Во боја а) G51 COLOR MONITOR (видео монитори во боја)	1 парче
8542		Електронски интегрални кола и микро склопови; - Монолитни дигитални интегрални кола:	
	8524 13	-- Метално оксидни полупроводници (MOC технологија)	
	8524 13 10 00	--- Мемории (D-RAMs; S-RAMs; cache-RAMs; EPROMs; E2PROMs; FLASH; E2PROMs; ROMs; CAMs; FIFIs; и др.) а) 64 MB RAM DIMM – ECC (мемории)	2 парчиња

2. Ова решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.

Бр. 23-882/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

456.

Врз основа на член 96 став 3 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95; 24/96; 34/96 и 35/97) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 23 март 1998 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ „ПЕРЕ ТОШЕВ“ – ОПШТИНА РОСОМАН

1. За член на Училишниот одбор на ОУ „Пере Тошев“ – општина Росоман се именува Дафинчо Ристов, дипл. економист, вработен во „Фенимак“ – Кавадарци.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 17-57/1
23 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

457.

Врз основа на член 30 од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија“, бр. 13/96) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“, бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“, бр. 63/94, Владата на Република Македонија на седницата одржана на 23 март 1998 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ДИРЕКТОР НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ – СКОПЈЕ

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на Јавната научна установа Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“ – Скопје, со која за директор на Институтот е избрана д-р Марија Коробар – Белчева, виш научен соработник и досегашен вршител на должност директор на овој институт.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-81/2
23 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

458.

Врз основа на член 141 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 март 1998 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ГЛАВЕН РЕПУБЛИЧКИ ИНСПЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА

1. За вршител на должноста главен републички инспектор на Републичкиот инспекторат за техничка инспекција во состав на Министерството за стопанство се именува Илија Кацарски, републички електро-енергетски инспектор во Републичкиот инспекторат за техничка инспекција.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-648/2
23 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

459.

Врз основа на член 11 од Законот за основање Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството („Службен весник на Република Македонија“, бр. 3/98) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“, бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“, бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 23 март 1998 година, донесе

РЕШЕНИЕ
ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ПОПИС НА ПРАВАТА, ОБВРСКИТЕ, СРЕДСТВАТА И ДРУГИОТ ИМОТ ОД ПОСТОЈНИТЕ СЛУЖБИ – ЦЕНТРИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНО ЗЕМЈОДЕЛСТВО ШТО ГИ ПРЕЗЕМА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО

1. Се формира Комисија за попис на правата, обврските, средствата и другиот имот од постојните служби – центри за унапредување на индивидуално земјоделство што ги презема Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството во состав:

1. Анѓа Алексовска, шеф на сметководство при Службата за општи и заеднички работи во Владата на Република Македонија – пункт Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство;

2. Милка Младеновска, сметководител во Републичката служба за унапредување на индивидуалното земјоделство и управување со пасиштa;

3. Митко Стефанов, виши советник за градинарство во Републичката служба за индивидуално земјоделство и унапредување со пасиштa;

4. Елисавета Филиповиќ, виши советник за земјишна политика и индивидуално земјоделство во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

5. Васил Џамбаски, раководител на безготовински платен промет при Заводот за платен промет – Централа Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-653/2
23 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

460.

Врз основа на член 153 став 4, а во врска со член 156 став 1 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 март 1998 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА СЕКРЕТАРОТ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ИНФОРМАЦИИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За советник на секретарот на Секретаријатот за информации на Владата на Република Македонија се назначува м-р Благоја Нинески, досегашен советник на секретарот на Секретаријатот за информации.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр 17-681/2
23 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с р.

461.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 март 1998 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА СЕКРЕТАРОТ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ИНФОРМАЦИИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За советник на секретарот на Секретаријатот за информации на Владата на Република Македонија, се назначува Љубица Станојовска, досегашен самостоен извршител во Секторот за јавно информирање во Секретаријатот за информации.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-682/2
23 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

462.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата на 23 март 1998 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА СЕКРЕТАРОТ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ИНФОРМАЦИИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За советник на секретарот на Секретаријатот за инфорамции на Владата на Република Македонија, се назначува Снежана Арсовска, досегашен самостоен извршител за следење на информативно-пропагандната и издавачката дејност од Македонија кон странската јавност во Секретаријатот за информации.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-683/2
23 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с р

463.

Врз основа на член 153 став 4, а во врска со член 156 став 1 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 март 1998 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА ОДБРАНА

1.Михајло Петковски, советник на министерот за одбрана, повторно се назначува на истата должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќс се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-687/2
23 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

464.

Врз основа на член 153 став 4, а во врска со член 156 став 1 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 март 1998 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА СЕКРЕТАРОТ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Еленка Стојаноска, советник на секретарот на Секретаријатот за законодавство на Владата на Репу-

блика Македонија повторно се назначува на истата должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-703/2
23 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р

465.

Врз основа на член 153 став 4, а во врска со член 156 став 1 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр 38/90 и „Службен весник на Република Македонија" бр 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 март 1998 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ ЗАВОД

1. Илија Цветковски, помошник на директорот на Републичкиот хидрометеоролошки завод и раководител на Секторот за нормативно-правни, финансиско-материјални и општи работи повторно се назначува на истата должност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-713/2
23 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски,с.р

466.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 23 март 1998 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА РАЗВОЈ

1. За советник на министерот за развој се назначува Димитрула Лисичова, досегашен виш самостоен советник во Министерството за развој.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-741/2
23 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с р

467.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 23 март 1998 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОТСЕКРЕТАР ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СООБРАЌАЈ И ВРСКИ

1 Се разрешува Борис Чаушевски од должноста потсекретар во Министерството за сообраќај и врски, поради истек на мандатот

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр 17-786/2
23 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

468.

Врз основа на член 153 став 4, а во врска со член 156 став 1 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 23 март 1998 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА СООБРАЌАЈ И ВРСКИ

1. За помошник на министерот за сообраќај и врски во Секторот за телекомуникации и поштенски сообраќај се назначува Димче Чамуровски, досегашен помошник на министерот за сообраќај и врски

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија"

Бр. 17-786/3
23 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

469.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90 и „Службен весник на РМ" бр 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр 38/90 и „Службен весник на РМ" бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 23 март 1998 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ПОВТОРНО НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА СООБРАЌАЈ И ВРСКИ

1. За помошник на министерот за сообраќај и врски во Секторот за сувоземен сообраќај се назначува м-р Зекирија Идризи, досегашен помошник на министерот за сообраќај и врски.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 17-786/4
23 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р

470.

Врз основа на член 18 став 1 од Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 20/95), а во врска со член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 23 март 1998 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА СЕКРЕТАРОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. За заменик на секретарот на Владата на Република Македонија се именува Идет Мемети, досегашен заменик на секретарот на Владата на Република Македонија.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-841/1
23 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р

471.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 30 март 1998 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

1. Се разрешува Ерол Хасан од должноста помошник на министерот за надворешни работи, поради преземање на нова должност.

2 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 17-942/2
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с р.

472.

Врз основа на член 153 став 4 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 40/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94) и член 46 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 38/90 и „Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/94), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 30 март 1998 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА МИНИСТЕРОТ ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

1 За советник на министерот за надворешни работи се назначува Ерол Хасан, досегашен помошник на министерот за надворешни работи.

2 Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“

Бр. 17-943/2
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

473.

Врз основа на член 30 од Законот за спортот („Службен весник на РМ“ бр. 7/96), министерот за образование и физичка култура донесе

ПРАВИЛНИК
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАТУСОТ И РАНГОТ И ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ НА ВРВНИТЕ СПОРТИСТИ АМАТЕРИ

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат мерилата и критериумите за стекнување со статусот – категоријата (во натамошниот текст: спортска категорија) и рангот и правата и обврските на спортистите – аматери – државјани на Република Македонија кои остваруваат врвни спортски резултати.

Член 2

Во Република Македонија спортистите ќе ја стекнуваат спортската категорија во следните спортови:

а) олимписки спортови:

1. Атлетика
2. Бокс
3. Борење – слободен и грчко римски стил
4. Ватерполо
5. Веслање
6. Велосипедизам
7. Гимнастика
8. Едрење
9. Кајак на диви води
10. Кајак на мирни води
11. Коњички спорт
12. Кошарка
13. Мечување
14. Одбојка
15. Пливање
16. Ракомет
17. Скијање
18. Скијачко трчање
19. Столен тенис
20. Стрелаштво
21. Тенис
22. Фудбал
23. Џудо
24. Шах

б) неолимписки спортови:

1. Алпинизам
2. Авто-мото
3. Воздухопловство
4. Карате
5. Спортски риболов
6. Кунг фу – фул контакт.

Член 3

Врз основа на остварените резултати во одреден временски период, спортистите од Република Македонија се врвни спортисти и можат да се стекнат со следниве спортски категории:

– Заслужен спортист на Македонија
– Спортист од Меѓународна категорија
– Спортист од Државна категорија.

Член 4

Спортските категории од член 3 од овој правилник, врвните спортисти ги стекнуваат врз основа на остваре-

иите резултати на званични натпревари во земјата (државни првенства) и странство (европски и светски првенства, универзијади и олимписки игри).

При категоризирањето на врвните спортисти се вреднуваат само резултатите на спортистите остварени на државните првенства и на званичните меѓународни натпревари кои се во календарот на европските и светски асоцијации.

Член 5

Спортска категорија стекнуваат само врвните спортисти сениори.

Спортистите од помладите возрасни категории, можат да стекнат спортска категорија, согласно член 3 од овој правилник, доколку постигнат резултати, кои со овој правилник се предвидени за сениори.

Екипа или поединец, кој освои прво место на светско или европско првенство во највисока старосна категорија за младинци во олимписките спортови, може да се стекнат само со спортска категорија Спортист од Меѓународна категорија.

Спортистите студенти спортската категорија Спортист од Меѓународна категорија ја стекнуваат за освоено прво и второ место во дисциплини што се на програмите на универзијадите.

Член 6

Еднаш стекнатата спортска категорија има траен карактер и доживотно му припаѓа на спортистот како титула.

Член 7

Користењето на правата, остварени согласно овој правилник, е временски ограничено.

Правата кои произлегуваат од спортската категорија Заслужен спортист на Македонија, се користат четири години, под услов спортистот да биде активен во тој период.

Правата кои произлегуваат од спортската категорија Спортист од меѓународна категорија, се користат две години, под услов спортистот да е активен во тој период.

Правата кои произлегуваат од спортската категорија Спортист од Државна категорија на Македонија, се користат една година.

Член 8

Министерот за образование и физичка култура ги прогласува категоризираните спортисти во Република Македонија два пати годишно и тоа од 1 до 31 јануари и од 1 до 31 јули во тековната година, за остварувањата од првата половина на претходната година, односно втората половина на тековната година.

II. ОЛИМПИСКИ СПОРТОВИ

1. Стекнување спортска категорија

Член 9

Спортската категорија Заслужен спортист на Македонија е највисока почесна категорија во спортот во Република Македонија.

Член 10

Спортските категории Заслужен спортист на Македонија, Спортист од Меѓународна категорија и Спортист од Државна категорија во олимписките спортови, ги стекнуваат врвните спортисти кои ги исполнуваат критериумите утврдени со овој правилник, а на предлог на соодветниот гранков сојуз на Републиката.

2. Мерила за стекнување на спортска категорија

Член 11

Спортските категории од член 3 на овој правилник врвните спортисти ги стекнуваат врз основа на постигнати резултати во спортските дисциплини што се на програмите на званичните меѓународни натпревари, а утврдени со Правилата и Пропозициите на меѓународните спортски асоцијации. Тоа се дисциплините кои се наоѓаат на програмите на олимписките игри, светските и европски првенства на универзијадите и на натпреварите во Република Македонија.

Член 12

Спортските категории Заслужен спортист на Македонија, Меѓународен спортист и Спортист од Државна категорија во спортските игри ги стекнуваат спортистите кои се пријавени за настап, ако вкупниот број на натпреварувачи во поедини спортови е во согласност со пропозициите на меѓународниот натпревар, а списокот на предложените спортисти за категоризирање да биде подготвен од сојузот или клубот.

Член 13

Исполнувањето на мерилата за стекнување на спортска категорија, врз основа на учество во репрезентација на Република Македонија, се признава кога тоа е остварено на олимписки игри, светски и европски првенства и балканијади.

Член 14

Податоците за спортските категории Заслужен спортист на Македонија и Спортист од Меѓународна категорија се потврдуваат од министерот за образование и физичка култура.

Податоците за спортската категорија Спортист од државна категорија се потврдуваат во спортските сојузи на Републиката и преглед – листите на спортистите од државна категорија, до Министерството за образование и физичка култура се доставуваат најдоцна до 31 декември во тековната година.

3. Критериуми за стекнување спортска категорија

Член 15

Спортската категорија Заслужен спортист на Македонија ја стекнува спортист од Република Македонија кој во олимписките спортови, на олимписки игри, светски и европски првенства, остварил:

Пласман на европски првенства до 4 место
Пласман на светски првенства до 6 место
Пласман на олимписки игри до 8 место и
Пласман во финале, во Куп на шампиони и 1 место во Куп на купови на Европа.

Член 16

Спортската категорија спортист од Меѓународна категорија ја стекнува спортист од Република Македонија кој, во олимписките спортови, на олимписки игри, светски и европски првенства остварил:

Пласман на европски првенства до 8 место
Пласман на светски првенства до 12 место
Пласман на олимписки игри до 16 место и
Пласман од 3 - 4 место во Куп на шампиони и финале во Куп на купови на Европа.

Во индивидуалните спортови пласман во финале на Светски куп.

Член 17

Спортската категорија Спортист од Државна категорија ја стекнуваат поединци и екипи, кои ќе станат

сениорски државни прваци во системот на натпревари усвоен од спортскиот сојуз на Републиката.

Покрај прваците во државниот систем на натпревари со категоријата Државен спортист на Македонија се стекнуваат и спортистите, кои се членови на сениорските репрезентации на Република Македонија.

III. НЕОЛИМПИСКИ СПОРТОВИ

1. Стекнување спортска категорија

Член 18

Спортистите од Република Македонија, кои настапуваат во неолимписките спортови за достигнувањата постигнати на највисоките меѓународни натпревари на своите асоцијации, можат да се стекнат со спортска категорија Спортист од Меѓународна категорија.

Спортската категорија Спортист од Меѓународна категорија ја стекнува спортист, кој ги исполнил критериумите утврдени со овој правилник, а на предлог на соодветниот гранков сојуз на Републиката.

Член 19

Спортската категорија Спортист од Државна категорија спортистите од неолимписките спортови, ја стекнуваат под исти услови како и спортистите од олимписките спортови, согласно овој правилник.

2. Мерила за стекнување на спортски категории

Член 20

За спортистите од неолимписките спортови, во постапката за стекнување на спортските категории Меѓународен спортист на Македонија и Спортист од Државна категорија, се применуваат мерилата од член 11 до член 14 на овој правилник.

3. Критериуми за стекнување категорија

Член 21

Спортската категорија Спортист од Меѓународна категорија ја стекнува спортист од Република Македонија кој, во неолимписките спортови на светски и европски првенства остварил:

Пласман на европски првенства до 3 место

Пласман на светски првенства до 6 место.

Член 22

Спортската категорија Спортист од Државна категорија во неолимписките спортови ја стекнуваат поединци и екипи кои ќе станат сениорски државни прваци во системот на натпревари усвоен од спортскиот сојуз на Републиката.

Покрај прваците во државниот систем на натпревари со спортската категорија Државен спортист на Македонија се стекнуваат и спортистите, кои се членови на сениорските репрезентации на Република Македонија.

IV. ПРАВА НА КАТЕГОРИЗИРАНИТЕ СПОРТИСТИ

Член 23

Категоризираните спортисти во олимписките и неолимписките спортови имаат право на материјален надоместок и други видови награди.

Член 24

Материјалниот надоместок е во вид на:

а) паричен надоместок;

б) надомест за изгубена плата.

Член 25

Категоризираниот спортист може да оствари паричен надоместок и тоа:

На Заслужен спортист на Македонија, кој не е во работен однос, му се исплатува паричен надоместок во висина од две просечни плати исплатени во општествените дејности во изминатата година во бруто износ.

На Спортистот од Меѓународна категорија му се исплатува паричен надоместок во висина од 1,3 просечни плати, исплатени во општествените дејности за изминатата година.

Доколку спортистите од став 1 и 2 на овој член се во работен однос, паричниот надоместок им се исплатува во нето износ.

Паричниот надоместок во нето износ им се исплатува и на спортистите кои својата спортска активност ја обавуваат надвор од Република Македонија .

Член 26

Надоместокот за изгубена плата, заради отсуство од работа за подготовки и учество на натпревари на Заслужениот спортист на Македонија и Спортист од Меѓународна категорија му се обезбедува согласно утврдените критериуми за распределба на средствата за остварување на јавниот интерес во спортот на Министерството за образование и физичка култура.

За спортистите од Државна категорија надоместоците по овој основ може да ги обезбедува здружението во кое спортистот членува.

Член 27

Надоместокот за плата, категоризираниот спортист го обезбедува преку претпријатието односно правното лице каде е во работен однос.

Член 28

На категоризираниот спортист кој заради повреда стекната на тренинг или натпревар, породилно отсуство или болничко лекување, го прекинал тренажниот процес или натпреварите во земјата или странство, му следува материјален надоместок најмногу во траење од една година од денот на прекинот.

Член 29

На стручното лице со чија стручна работа спортистот остварил врвен спортски резултат со кој ја стекнал категоријата Заслужен спортист и Спортист од Меѓународна категорија му следува еднократна награда од 40% од вкупните средства што му следуваат на категоризираниот спортист за една година.

Лицето од став 1 на овој член е тренерот што го реализирал тренажниот процес и го водел спортистот во системот на натпреварите.

Член 30

Доколку во процесот на подготовките и реализацијата на системот на натпреварите учествувале повеќе стручни лица како стручен тим, наградата предвидена за едно лице се дели на учесниците кои партиципирале во работата на стручниот тим.

Член 31

Категоризираниот спортист може, за освоениот пласман врз основа на кој ја стекнал категоријата, да добие и награда во вид на еднократна парична исплата, спортска опрема или друг вид на чаграда.

Категоризираниот спортист може да биде наградуван и од други правни и физички лица.

V. ОБВРСКИ НА КАТЕГОРИЗИРАНИОТ СПОРТИСТ

Член 32

Категоризираниот спортист се придржува на актите на:

– спортското здружение чиј член е;

– спортскиот сојуз на Републиката;

– меѓународната спортска асоцијација.

Ако спортистот е категоризиран како спортист кој ја остварил спортската категорија со постигнување во олимписките спортови се придржува и на актите на Македонскиот олимписки комитет и Интернационалниот олимписки комитет.

Член 33

Категоризираниот спортист одговорно и дисциплинирано се однесува во процесот на реализацијата на програмата на ниво на здружение и спортски сојуз.

Член 34

Категоризираниот спортист се придржува на утврдените норми во Европската конвенција против допингување во спортот.

Член 35

Доколку категоризираниот спортист не ги исполнува обврските од членовите 32,33 и 34 на овој правилник, се покренува постапка за одземање на стекнатата категорија.

Постапката за одземање на категоријата ја покренува здружението чиј член е, спортскиот сојуз на Републиката или Министерството за образование и физичка култура.

Член 36

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.13-1528/98
23 март 1998 година
Скопје

Министер,
д-р Софија Тодорова, с.р.

474.

Врз основа на член 32, став 2 точка 9 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на РМ" бр. 38/91, 46/93 и 55/95), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.03.1998 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ПРЕВЕНТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1998 ГОДИНА

Со Програмата за превентивна здравствена заштита во Република Македонија за 1998 година, утврдени се мерки, задачи и активности што треба да ги реализираат 10 заводи за здравствена заштита и Републичкиот завод за здравствена заштита – Скопје.

Со мерките, задачите и активностите утврдени во оваа програма се обезбедува на сите граѓани на Република Македонија остварување на загарантирани права, утврдени потреби и интереси со Законот за здравствена заштита што имаат карактер на унапредување на здравјето и преземање на мерки и активности за спречување и сузбивање на заболувањата, како и остварување на задачите и активностите на заводите за здравствена заштита утврдени со член 110 од Законот за здравствена заштита.

Со мерките, задачите и активностите утврдени во Програмата за реализација од страна на заводите за здравствена заштита во соработка со Републичкиот завод за здравствена заштита се обезбедува и спроведување на одредбите на поголем број на закони со кои се регулирани прашањата за следење, истражување и проучување на здравствената состојба на населението, причините за појавата и ширењето на заразните и други болести што имаат социјално-медицинско значење, како и влијанието на еколошките фактори врз здравјето, предлагање и преземање на мерки заради заштита и унапредување на здравјето на луѓето.

Во Програмата утврден е видот на задачите и активностите, содржината, обемот и роковите за нивно извршување како и финансиските средства за остварување на Програмата.

Мерките, задачите и активностите ќе ги вршат санитарно-хигиенската, епидемиолошката, лабораториската и социјално-медицинската дејност на заводите за здравствена заштита со седиште во општините: Битола, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Струмица, Скопје, Тетово, Велес и Штип. Овие 10 заводи ќе ги вршат задачите и за потребите на населението од новооснованите општини според Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 49/96 и 56/96) во две дејности (санитарно-хигиенската и епидемиолошката дејност) во седиштето на општините според старата територијална поделба, а другите две дејности (лабораториската и социјално-медицинската дејност) ќе се обавуваат само во 10-те седишта и Републичкиот завод за здравствена заштита.

Републичкиот завод за здравствена заштита ќе ги врши задачите за потребите на населението од Република Македонија освен во цитираните четири дејности и во заштитата на населението од јонизирачките зрачења, како и испитувањето и контролата на лековите.

По однос на мострите за анализа на квалитетот на храна што ги земаат граничните санитарни инспектори, како и инспекторите од подрачните служби на Републичкиот санитарен и здравствен инспекторат, испитувањата се вршат во седиштата на 10-те заводи во општините, според старата територијална поделба и тоа во оние заводи што се најблиску до граничните премини, а се опремени со соодветна опрема и кадровски екипирани.

Супераналитите се вршат во овластени здравствени организации од Министерството за здравство.

Поодделно реализацијата на утврдените задачи и активности ќе се врши и тоа:

I. САНИТАРНО–ХИГИЕНСКА ДЕЈНОСТ

Во склоп на санитарно-хигиенската дејност во заводите за здравствена заштита се врши:

– следење, спроведување и предлагање мерки за снабдување на населението со здравствено исправна вода за пиење;

– санитарен надзор над објектите за водоснабдување, над извориштата и нивната околина;

– следење на здравствената исправност на водата за пиење со бактериолошки анализи и со основни санитарно-хемиски анализи;

– следење на отстранувањето на цврстите и течните отпадни материи, надзор над објектите и локациите за отстранување, преработка и крајна дипозиција на отпадните материи;

– следење на хигиенскиот квалитет на површинските и отпадни води;

– следење на состојбата на загаденост на воздухот;

– следење на бучавата во комуналната средина и влијанието врз здравствената состојба на населението;

– предлагање мерки за заштита на воздухот од загадување;

– санитарно-хигиенски надзор над објектите од јавниот сообраќај како и спортско-рекреативните објекти над предучилишните и училишните објекти;

– учество во донесување, ревизија и спроведување на урбанистички планови на општините;

– следење и проучување на исхраната и ухранетоста на населението;

– следење на здравствената исправност на прехранбените производи со бактериолошка анализа и со основна санитарно-хемиска анализа;

– следење состојбите во објектите за производство и промет на прехранбените производи и во објектите за општествена исхрана;
– здравствен надзор над лицата кои работат во производство и промет на прехранбени производи во предучилишни, училишни и здравствени организации, како и лица кои работат во производство на лекови, медицински потрошен материјал, помошни лековити средства и козметички препарати; и
– следење и проучување на хигиенските услови во работната средина

а) Заводи за здравствена заштита

Санитарно-хигиенската дејност во заводите за здравствена заштита е должна на секои шест месеци, а по индикација и почесто да доставува до Републичкиот завод за здравствена заштита санитарно-хигиенска процена за територијата што ја покрива со истакнување на актуелните проблеми и потенцијални ризични состојби од здравствен аспект

1. Следење на состојбата со водоснабдувањето и квалитетот на водата за пиење

Во текот на годината секој завод врши редовни санитарно-хигиенски теренски извидувања на јавните водоснабдителни објекти со оценка за сигурност на објектот и можност за евентуални загадувања и ризик по здравјето на населението

На секој градски водовод се врши увид четири пати годишно, локалните селски водоводи два пати годишно, а селата без локални водоводи најмалку еден теренски увид годишно. Останатите јавни објекти во малото стопанство, крајпатни чешми, споменички чешми, чешми во рекреативни подрачја и др ќе бидат опфатени најмалку еднаш годишно Квалитетот на водата се контролира со земање мостри за бактериолошка и физичко-хемиска анализа; бројот на мострите за секој вид објект ќе биде согласно прописите за хигиенската исправност на водата за пиење

Обемот за следење на водоснабдувањето на селските населби во Република Македонија е даден во (Табела 1)

СЛЕДЕЊЕ НА ВОДОСНАБДУВАЊЕТО НА СЕЛСКИТЕ НАСЕЛБИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Табела 1

Завод за здравствена заштита	Број на селски населби	Планиран број на			
		Теренски извидувања	Земање мостри на вода	Лабораториски анализи на мострите	
				Физичко-хем	Микробиолошка
Битола	263	280	1650	1950	1950
Куманово	190	140	1250	1250	1250
Кочани	104	160	800	800	800
Охрид	147	147	886	886	886
Прилеп	182	151	1110	1110	1110
Струмица	102	88	512	512	512
Скопје	125	120	750	750	750
Тетово	182	165	1450	1450	1450
Велес	249	209	1545	1545	1545
Штип	156	100	860	860	860
ВКУПНО	1700	1460	10813	11113	11113

1.1. Здравствена евиденција на водоснабдителните објекти

Во текот на годината ќе се определат матичните броеви на сите водоснабдителни објекти на кои ќе се изврши увид и ќе се земат мостри на вода за анализа

Во рамките на воведувањето на здравствената евиденција на водоснабдителните објекти, заводите за здравствена заштита ќе ги издаваат резултатите од извршените анализи (основна физичко-хемиска и микробиолошка) на водата за пиење, со примена на идентификациониот (матичен) број за секој водоснабдителен објект на единствени обрасци за сите заводи во Република Македонија.

2. Следење на површинските води од здравствен аспект

Следењето на квалитетот на површинските води се врши на оние места кои претставуваат здравствен интерес со цел преземање на ефикасни мерки и спречување на можните штетни влијанија врз здравствената состојба на населението со вршење санитарно-хигиенски теренски увиди на објектите и локалитетите на површинските води од здравствено значење од стручен тим, најмалку два пати годишно или вкупно 243 и земање на најмалку 552 мостри вода за утврдување на квалитетот според Уредбата за класификација на водите („Службен весник на СРМ“, бр 9/84) По хигиенски и епидемиолошки индикации, бројот на мостри вода и теренски извидувања по потреба се зголемува. (Табела 2).

Податоците од извршените санитарно-хигиенски теренски извидувања и резултатите од извршените анализи ќе се обработуваат статистички и за утврдените состојби се изготвуваат редовни полугодишни и годишни извештаи.

СЛЕДЕЊЕ НА ПОВРШИНСКИТЕ ВОДИ

Табела бр. 2

Завод за здравствена заштита	Теренски извидувања	Планиран број на.		
		Земање мостри на вода	Лабораториски анализи на мострите	
			Физичко-хем.	Микробиолошка
Битола	76	154	154	154
Куманово	10	20	20	20
Кочани	16	32	32	32
Охрид	30	130	130	130
Прилеп	8	28	28	28
Струмица	2	12	12	12
Скопје	35	70	70	70
Тетово	9	15	15	15
Велес	39	83	83	83
Штип	18	18	18	18
ВКУПНО	243	562	562	562

3. Следење на квалитетот на воздухот во населените места и влијанието на загадениот воздух врз здравјето на населението

Остварување на задачата се одвива со испитување на следните видови загадувачки материи и тоа:
– во заводите за здравствена заштита Скопје и Битола се испитува чад, SO_2, – сулфур двооксид, аероседимент и CO – јаглен моноксид,
– во заводите за здравствена заштита Тетово, Куманово, Прилеп и Велес се испитува чад, SO_2 – сулфур двооксид и аероседимент.

Во Куманово, Охрид, Струмица и Штип се испитува само аероседимент.

Задачата се остварува преку земање и лабораториски испитувања на следниот број примероци, вкупно за сите заводи:

– за аероседимент 868 примероци од 73 мерни места;
– за SO_2 5.807 примероци од 17 мерни места;
– за чад 5.807 примероци од 17 мерни места;
– за CO на 9 мерни места се земаат 348 примероци за лабораториско испитување.

Предлогот на мерните места за испитување на загаденоста на воздухот по заводи и бројот на примероците на одредените параметри за анализирање и следење на квалитетот на воздухот е прикажан на (Табела 3).

СЛЕДЕЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОЗДУХОТ ВО ЗАВОДИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Табела 3

	Аероседимент		SO_2		Чад		CO	
Завод за здравствена заштита	Мерни места	Бр. испит пример.	Мерни места	Бр испит пример	Мерни места	Бр испит. пример.	Мерни места	Бр. испит. пример.
Битола	4	48	2	630	2	630	5	180
Куманово	4	*48	2	630	2	630	-	-
Кочани	4	40	-	-	-	-	-	-
Охрид	6	72	-	-	-	-	-	-
Прилеп	7	84	2	630	2	630	-	-
Струмица	4	48	-	-	-	-	-	-
Скопје	30	360	7	2555	7	2555	4	168
Тетово	4	48	2	630	2	630	-	-
Велес	6	72	2	732	2	732	-	-
Штип	4	48	-	-	-	-	-	-
Вкупно	73	868	17	5807	17	5807	9	348

За следење на квалитетот на воздухот и влијанието на истиот, врз здравјето на населението, ќе се изготвуваат тримесечни извештаи, а за акутни епизоди на смог ќе се известува Министерството за здравство.

4. Следење на здравствената исправност на прехранбени производи

Се следи здравствената исправност на минимум 6.500 прехранбени производи од кои во Заводот за здравствена заштита – Скопје минимум 2.000 примероци, а во останатите заводи за здравствена заштита минимум по 500 примероци, при што после утврдена индикација ќе се испитуваат и поголем број мостри односно примероци.

5. Следење на исхраната и ухранетост на населението

Се следи организирана исхрана на предучилишните деца, учениците и работниците во вкупно 64 објекти за општествена исхрана. За одредување на биолошката вредност на исхраната се испитуваат 1.070 оброци. Санитарно-хигиенските услови во објектите се следат преку стручни увиди (вкупно 256) и преку микробиолошки брисеви (вкупно 3.100). (Табела 4)

СЛЕДЕЊЕ НА ИСХРАНАТА НА НАСЕЛЕНИЕТО

Табела 4

Завод за здравствена заштита	Број на објекти	Стручни* увиди на објекти	Број на испитани оброци	Број на* испитани брисеви
Битола	6	24	100	300
Куманово	6	24	100	300
Кочани	6	24	100	300
Охрид	6	24	100	300
Прилеп	6	24	100	300
Скопје	10	40	170	400
Струмица	6	24	100	300
Тетово	6	24	100	300
Велес	6	24	100	300
Штип	6	24	100	300
ВКУПНО	64	256	1.070	3 100

Следењето на ухранетоста опфаќа 6.400 испитаници – предучилишни деца, ученици и работници и тоа во заводите: Битола, Куманово, Кочани, Охрид, Прилеп, Струмица, Тетово, Велес и Штип по 600, а во Заводот Скопје 1.000 испитаници.

6. Следење на болничката исхрана

Се следи исхраната на болните во 20 стационарни организации при медицинските центри и при клиниките на Клиничкиот центар во Скопје, како и во Градската општа болница – Скопје. Се следи биолошката вредност на исхраната, се следат санитарно-хигиенските услови во објектите за болничка исхрана со вкупно 80 стручни увиди и со 900 микробиолошки брисеви (Табела 5).

СЛЕДЕЊЕ НА БОЛНИЧКА ИСХРАНА

Табела 5

Завод за здравствена заштита	Број на објекти	Стручни увиди на објекти	Број на испитани оброци	Број на испитани брисеви
Битола	4	16	48	150
Куманово	2	8	40	100
Кочани	1	4	20	50
Охрид	3	12	60	150
Прилеп	1	4	20	50
Струмица	1	4	20	50
Скопје	3	12	60	100
Тетово	1	4	28	50
Велес	3	12	60	150
Штип	1	4	28	50
ВКУПНО	20	80	384	900

7. Здравствено-воспитна активност на санитарно-хигиенската дејност

Преку здравствено воспитување ќе бидат опфатени теми и содржини кои се од приоритетно значење за општините од санитарно-хигиенски аспект.

* По индикација ќе се зголеми

б) Републички завод за здравствена заштита

Секторот по хигиена и заштита на човековата околина при Републичкиот завод за здравствена заштита:
– ја координира, стручно контролира и насочува работата на санитарно-хигиенската дејност во заводите за здравствена заштита во Република Македонија;
– изготвува доктринарни ставови во методолошкиот пристап и начинот на евалуација на извршените мерки и активности во санитарно-хигиенската дејност;
– врз основа на спроведени истражувања и добиените податоци од заводите за здравствена заштита, врши мониторинг и дава оценка на влијанието на одредени фактори од здравствено-сколошки аспект;
– ги идентификува приоритетните проблеми и потенцијални ризични состојби по здравјето на ниво на Републиката и го известува Министерството за здравство; и
– учествува во изготвување на здравствениот дел на Национално-еколошкиот план на Република Македонија.

1. Следење на радиоактивната контаминација на животната средина

1.1. Радиоекологија

Од областа на радиоактивната контаминација на животната средина, во редовни услови се работи следниот мониторинг – радиоактивна контаминација (Sr-90, Cs-137):
– на воздухот во Скопје и Гевгелија = 738 мостри;
– на дневните атмосферски талози од Скопје = 738 мостри;
– на месечните атмосферски талози од Скопје, Гевгелија и Охрид;
– на почвата од Скопје и Штип = 12 мостри;
– на сточна храна од Маврово, Охрид, Прилеп и Гевгелија = 8 мостри;
– на водата од водоводите во Скопје и Охрид = 48 мостри;
– на водата од Охридското Езеро и реката Вардар = 24 мостри,
– на млекото од млекарниците во Скопје и Штип = 24 мостри;
– на лебот од Скопје и пченицата од Прилеп = 6 мостри,
– на други видови животни намирници произведени од одредени локалитети Тетово, Струмица, Скопје и Прилеп (40 мостри) и намирници од увоз (100 мостри).

Во случај на нуклеарен акцидент мониторинг ќе биде проширен и тоа на подрачје на цела Република, согласно наменски изготвена оперативна програма.

1.2. Дозиметрија

Следењето на степенот на изложеноста на јонизирачки зрачења се врши по две методи: филм-дозиметриска метода (секој месец) и физичка дозиметрија на работните места и просториите (еднаш годишно), при што се врши увид на исправноста во користењето на уредите, постројките и објектите со давање препораки на лице место и со извештаи за отстранување на недостатоците.

Ќе бидат опфатени 150 медицински рентген цевки, 108 стоматолошки рентген апарати, 50 индустриски рентген апарати.

Во текот на 1998 година продолжува и мерењето на интегралните апсорбирани дози од лицата што се изложени при работата на јонизирачко зрачење преку дозиметрија. Опфатени се околу 1.000 лица во Републиката.

Продолжува дозиметриска контрола на 100 радиоактивни громобрани и на 28.000 јонизациони јавувачи на пожар во Републиката.

Исто така се врши секојдневно мерење на експозиционата доза во Скопје, а во другите места најмалку еднаш годишно.

1.3. Биодозиметрија

Ќе се следи здравствената состојба на 1.000 лица професионално експонирани на јонизирачки зрачења и во 1998 година преку здравствени прегледи најмалку еднаш годишно со преземање на неопходните мерки за заштита на здравјето на тие лица.

2. Следење на санитарно-хигиенската состојба во водоснабдувањето и квалитетот на водите за пиење и воспоставување на здравствена евиденција на водоснабдувањето

Во рамките на своите надлежности по однос на стручно-методолошката помош и соработка со заводите за здравствена заштита во Републиката, континуирано се врши надзор секоја година над 10-15 градски водоводи во согласност со претходно изготвена оперативна програма, а според хигиенски и епидемиолошки индикации се врши надзор и над други објекти за водоснабдување.

Надзорот ги опфаќа сите објекти и инсталации на водоводите, како што се: изворишта и нивната околина, објектите на водоводот (други зафати, резервоари, пумпи, филтер станици и др.), доводот и мрежата со сите јазлови решенија, како и објектите и инсталациите за дезинфекција на водата.

На 210 мостри на вода за пиење што претставува 1% од предвидените мостри за испитување ќе се извршат над 1.800 лабораториски детерминации на дел од физичко-хемиска анализа, радиоактивност и пестициди, односно анализи кои не се вршат во заводите за здравствена заштита

Врз основа на надзорот Републичкиот завод за здравствена заштита дава оценка на квалитетот и здравствената исправност на водата за пиење и ја оценува снабденоста на потрошувачите во разни хидролошки состојби во тек на секоја година.

3. Следењето на површинските води од здравствен аспект

Следењето на површинските води од здравствен аспект, Републичкиот завод за здравствена заштита го врши во соработка со заводите за здравствена заштита во Република Македонија и тоа оние лабораториски анализи за кои заводите немаат соодветна апаратура и методологија, а по хигиенски и епидемиолошки индикации врши потребни увиди и лабораториски испитувања во соработка и со други институции во Републиката.

4. Анализа на состојбата на здравствена исправност на прехранбени производи и предмети за општа употреба во Република Македонија

Се изготвува Анализа на состојбата на здравствената исправност на прехранбени производи и предмети за општа употреба, врз основа на податоците од извршените испитувања од овластени организации – заводи за здравствена заштита, Републичкиот завод за здравствена заштита и Ветеринарниот институт – Скопје.

5. Следење на алиментарниот дневен внос на некои хемиски контаминенти

Процена на здравствен ризик на присутните хемиски контаминенти во храната се врши преку одредување на

алиментарниот дневен внос на пестициди (органохлорни и органофосфорни) и на тешки метали (олово, кадмиум, бакар). Испитувањата се вршат кај популационата група од 15-19-годишна возраст.

6. Испитување на некои ризик-фактори на заболувањата на циркулаторниот систем

Се испитува зачестеноста на присуство на некои ризик-фактори (гојазност, хипертензија, навики во пушење) кај група испитаници (500) Се одредува категоријата на ухранетост, артериската тензија, се врши анкетирање на исхраната и на навиките во пушењето.

Извештаите се доставуваат до Министерството за здравство.

7. Програма за евалуација на хигиенскиот квалитет на воздухот и неговите здравствени ефекти

Заводот воведува „мобилна" методологија за следење на хигиенскиот квалитет на воздухот како во комуналната средина така и на поедини извори на загадување по утврдена индикација. Ќе се набават технички комплети за детекција на базичните загадувачки материи и дел од органските и неоргански функции (по индикации) со нивно поставување во однапред утврдени ризични или контролни зони или технолошки капацитети.

Бројот на примероците воздух ќе биде утврден со посебна оперативна програма, а мерењата ќе бидат синхронизирани со веќе постојните мерења во урбаните центри посочени во оваа програма.

8. Следење на нивото на бучава во животната средина

Врз основа на постојните законски прописи и меѓународно прифатените обврски, Републичкиот завод за здравствена заштита заедно со другите заводи започнува со активностите за утврдување на нивото на комуналната бучава во различните урбани зони во населбите.

Со набавка на референтни технички апарати, а врз основа на методологија и оперативна програма изготвена од Заводот, мерењата ќе се извршат и проценатa на оптоварувањето на населението ќе се направи во седиштата на сите заводи во Републиката.

II. ЕПИДЕМИОЛОШКА ДЕЈНОСТ

Епидемиолошката дејност во Република Македонија се спроведува врз основа на Законот за здравствена заштита, Законот за заштита на населението од заразни болести, подзаконски акти од оваа област, како и врз основа на програмите кои ги донесува Владата на Република Македонија.

Приоритетни проблеми од епидемиолошката дејност се

– високиот морбидитет од ентероколитите кај малите деца, вирусните хепатити, салмонелозите и други цревни заболувања;

– намалување, односно елиминација и ерадикација на заболувањата против кои се спроведува задолжителна имунизација;

– опасност од внесување и ширење на колера, маларија и други тропски паразитарни заболувања;

– бруцелозата, други зоонози и природно жаришни инфекции;

– СИДА, интрахоспитални инфекции, грип и други акутни распираторни заболувања.

Епидемиолошката дејност ги спроведува следните мерки и активности:

– следење и проучување на епидемиолошката состојба како и решавање на епидемиолошките проблеми поврзани со заразните болести, како и поедини подрачја, така и на подрачјето на целата Република;

– прибирање и обработување на пријави и извештаи за заразни заболувања и изготвување на периодични и годишни извештаи, месечни билтени, епидемиолошки информации, извештаи и анализи за состојбата и движењето на заразните болести и преземените мерки за нивно спречување и сузбивање;

– изготвување на програми и оперативни планови за спречување и сузбивање на заразните болести;

– изготвување на оперативни планови при појава на зголемен број на заразни заболувања или епидемија, со противепидемиски мерки и активности за целата здравствена дејност;

– дезинфекција, дезинсекција и дератизација по профилактички и противепидемиски индикации, како и контрола на истата;

– учествува во програмирањето, изготвувањето на оперативните планови, укажува стручно-методолошка помош, го следи извршувањето и врши евалуација на задолжителната имунизација и изготвува шестмесечни и годишни извештаи

а) Заводи за здравствена заштита

Епидемиолошката дејност во заводите за здравствена заштита е должна на секои три месеци, а по одредени индикации и почесто да доставува до Републичкиот завод за здравствена заштита епидемиолошка процена за регионот, со истакнување на приоритетните епидемиолошки пролбеми за тој период.

Со цел за спречување и сузбивање на заразните заболувања ќе ги спроведуваат следните мерки и активности:

– секојдневно прибирање, обработување и анализирање на пријави за заразни болести, кои ги евидентираат во книга за евиденција на заразните заболувања.

Во текот на годината ќе бидат обработени околу 25.000 пријави, при што ќе бидат изготвени 12 месечни билтени, врз основа на пријавите и теренските увиди со епидемиолошки коментар:

– ќе бидат изготвени годишни извештаи по пол и возраст на заболените и месец на јавувањето на заболувањето и истите ќе бидат доставени до 20.01.1999 година до Републичкиот завод за здравствена заштита; годишна анализа за заразните заболувања заводите за здравствена заштита ќе достават до Републичкиот завод за здравствена заштита до 15.03.1999 година: При појава на зголемен број на заболувања или епидемија, изготвуваат оперативен план за противепидемиски мерки и активности, учествуваат во нивното реализирање, како и стручно раководат со целокупната здравствена дејност во нивното подрачје;

– за состојбата и преземените мерки доставуваат пријава за епидемијата, информација и извештај до Републичкиот завод за здравствена заштита и Министерството за здравство;

– учествуваат во изготвувањето на оперативните планови за спроведувањето на задолжителната имунизација, го следат извршувањето и укажуваат стручно-методолошка помош,

– изготвуваат шестомесечни и годишни извештаи со коментар и истите ги доставуваат до Републичкиот завод за здравствена заштита во рок од 15 дена, по завршувањето на извештајниот период;

– за реализација на оваа активност епидемиолог од Заводот најмалку 2 пати годишно ќе изврши теренски увид на постојните пунктови за извршување на имунизацијата и за најдената состојба при увидот, ќе достави пишуван документ до раководителот на здравствената организација, која е задолжена за спроведување на задолжителната имунизација;

– вршат вакцинација по епидемиолошки индикации на определени групи или поедини лица против тифус,

тетанус, грип, менингококен менингит, колера, а по потреба и други заразни болести;

за да се постигнат целите (смалување, елиминација и ерадикација) за заболувањата против кои се врши задолжителна имунизација, ќе бидат опфатени сите лица кои подлежат на оваа обврска, ќе се изврши контрола на имуниот статус со серолошки испитувања на подрачјето на секој завод на 30 парни серуми за морбили и полио.

На сите заболени од заболувањата против кои се спроведува задолжителната имунизација, ќе се спроведе епидемиолошка анкета и ќе се изврши микробиолошко испитување. Ќе бидат направени околу 3.500 епидемиолошки анкети и 500 серолошки анализи.

За спречување на внесување и ширење на маларијата, колерата и другите тропски и паразитарни заболувања, заводите за здравствена заштита ќе преземат мерки и активности согласно законските прописи, за што ќе водат редовна евиденција.

Под здравствен надзор, односно на лабораториски испитувања ќе бидат ставени сите лица кои патуваат или се враќаат од земји каде постои епидемија, или ендемија на овие болести, со што ќе бидат опфатени околу 2.000 лица.

По однос на вирусниот хепатит ќе се вршат епидемиолошки испутувања и лабораториска дијагностика за секој случај, при што ќе бидат направени околу 2.500 епидемиолошки анкети, а земени и серолошки прегледани 3.500 материјали.

За алиментарните токсоинфекции и салмонелозите заводите за здравствена заштита, во соработка со санитарната и здравствената инспекција ќе вршат епидемиолошки увид во објектите каде се произведува, складира, подготвува и дистрибуира храна, при што ќе бидат земени мостри за микробиолошка и хемиска анализа, брисеви од работни површини и од вработениот персонал и ќе бидат обработени 1.500 – 2.000 материјали.

Сузбивањето на зоонозите (кју треска, лептоспирози, хеморагични трески, туларемија и др.) заводите за здравствена заштита ќе го вршат во соработка со ветеринарната дејност, а во врска со бруцелозата ќе се преземат мерки и активности утврдени со Програмата на Владата на Република Македонија.

Спречувањето и сузбивањето на интрахоспиталните инфекции во соработка со болничките служби ќе се врши со системско следење на санитарно-хигиенските услови во стационарните болнички капацитети, спрема изготвените оперативни планови и програми. Активностите и мерките ќе се спроведуваат од страна на Комисијата за спречување и сузбивање на интрахоспиталните инфекции. Најмалку еднаш месечно ќе се врши увид во стационарните болнички установи, при што ќе бидат земени 20-25 материјали (брисеви, стерилен материјал, стерилност и воздух и др.) и истите ќе бидат обработени во заводите. Најдената состојба и предложените мерки во писмена форма ќе бидат доставени до здравствените установи, Републичкиот завод за здравствена заштита и подрачната единица на Републичкиот санитарен и здравствен инспекторат.

Клицоносителството ќе се следи врз основа на законските прописи, при што со здравствени прегледи ќе бидат опфатени лицата, кои преболеле цревен тифус, паратифус, бациларна дизентерија, салмонелози и лица сомнителни на клицоносителство. Во текот на годината ќе бидат опфатени со надзор, односно лабораториско испитување 1 500-1.800 лица. За секој заболен од овие заболувања како и при ентероколити во епидемиска форма ќе бидат направени околу 3.000 епидемиолошки анкети.

Со Програмата за заштита на населението во Република Македонија од СИДА утврдена од Владата, се преземаат предвидени мерки и активности.

Во текот на годината заводите за здравствена заштита реализирајќи ги претходно споменатите мерки и активности ќе извршат околу 12.000 анкетирања и 1.200 епидемиолошки извидувања.

Заводите за здравствена заштита ќе спроведуваат дезинфекција, дезинсекција и дератизација согласно законските прописи по профилактички и противепидемиолошки индикации, на своето подрачје и на подрачјето на оние општини каде оваа дејност не е развиена.

Епидемиолошката, во соработка со социјално-медицинската дејност врз основа на здравствено-статистичките податоци ги следат, проучуваат и анализираат движењето на незаразните заболувања од посебен интерес (кардиоваскуларни, дијабет, малигни зболувања, повреди, професионални заболувања и апсентизам).

Во врска со спречувањето на сузбивањето на заразните болести, епидемиолошката дејност врши здравствено-воспитна активност, преку изготвување на соодветни предавања, во работни организации, училишта, населби и преку средствата за јавно информирање.

б) Републички завод за здравствена заштита

Секторот за епидемиологија и микробиологија во текот на 1998 година ќе ги извршува следните задачи и активности:

1. Спречување и сузбивање на заразните заболувања во Република Македонија

– се реализира преку секојдневно прибирање, обработување и анализирање на пријавите за заразни заболувања од целата Република. Ќе бидат обработени околу 25.000 пријави и врз основа на истите ќе бидат изготвени 48 седмодневни извештаи и 12 месечни билтени со епидемиолошки коментар. Истите ќе бидат доставени до Министерството за здравство, заводите за здравствена заштита, Републичкиот санитарен и здравствен инспекторат, Центарот за воено здравствени установи, Клиниката за заразни болести и фебрилни состојби и др.;

– годишните извештаи по пол, возраст на заболените и месец на јавувањето, ќе бидат изготвени до 28.02.1999 година и доставени до Министерството за здравство;

– при појава на зголемен број на заболени или епидемија, до Министерството за здравство и Републичкиот санитарен и здравствен инспекторат ќе бидат доставени и посебни информации и извештаи, изготвени врз основа на добиените информации и теренските увиди. Во информациите ќе биде прикажана состојбата и предложените и преземените мерки;

– во текот на годината Секторот ќе врши контрола и ќе укажува стручно-методолошка помош во однос на пријавувањето и евиденцијата на заразните заболувања, ќе дава појаснувања по писмен или усмен пат, ќе врши теренски увиди и др. Ќе бидат посетени сите заводи за здравствена заштита и подрачните хигиено-епидемиолошки служби, односно ќе бидат направени 40-45 извештаи, кои се доставуваат до Секторот за превентивна здравствена заштита при Министерството за здравство.

Врз основа на годишните извештаи и епидемиолошките увиди ќе биде изготвен извештај – Анализа за движењето на акутните заразни заболувања во 1998 година до 31.05.1999 година.

1. 1. Откривање и проучување на патиштата на ширењето на заразните болести и контрола на мерките за нивно спречување и сузбивање

Спречување и сузбивање на бруцелозата, СИДА-та, мерките против заболувањата против кои се спроведува задолжителна имунизација, контрола на исхрана во предучилишни установи, епидемиолошки увид во туристички места и др. Епидемиолошки проучувања и

преземање мерки при појава на поедини случаи на детска парализа, беснило, бруцелоза, хеморагична треска, туларемија, дифтерија, СИДА, тетанус, како и при појава на зголемен број или епидемии на цревен тифус, паратифуси, салмонелози, вирусни хепатити, менингити, грип, мали сипаници и друго.

Во спроведување на овие програмски мерки ќе бидат прегледани околу 600 примероци на храна, вода, серуми, брисеви и др., при што ќе бидат извршени околу 1.600 анализи. Ќе бидат извршени 35-40 теренски епидемиолошки увиди, а за најдената состојба и преземените мерки ќе бидат изготвени записници, информации и доставени до Министерството за здравство.

1. 2. Организација, контрола и евалуација на вакцинацијата

Секторот ќе ја следи реализацијата на Програмата за спроведувањето на задолжителната имунизација на населението против определени заразни болести во 1998 година преку: контрола на спроведувањето на општинските програми и укажување стручно-методолошка помош во соработка со Заводот за здравствена заштита на мајки и деца и Институтот за градни болести и туберкулоза на Република Македонија.

За најдената состојба ќе се изготвуваат извештаи, кои ќе бидат доставени до Министерството за здравство и Републичкиот санитарен и здравствен инспекторат, раководителите на здравствените организации задолжени за спроведување на имунизација. Задачата ќе биде реализирана преку теренски увиди во сите општини најмалку еднаш во годината, при што ќе бидат направени 123 посети.

При теренските увиди посебно внимание ќе биде обрнато на опфатот на лица кои подлежат на имунизација, спазувањето на ладниот синџир и др.

Ќе врши контрола на теренот за доставените податоци за новородените, умрените, доселените и одселени деца до 18-годишна возраст, од службите задолжени со прописи за спроведување на оваа обврска.

За оценка на вакциналниот статус покрај теренските увиди, во евиденцијата ќе бидат испитани по 30 парни серуми од сите видови, односно 600 серуми.

Врз основа на теренските увиди, шестомесечните и годишните извештаи од теренот, Секторот ќе изготви Годишен извештај за изршената имунизација за 1998 година, по општини и Републиката, со процент на опфатот (рок 15.02.1999 година).

2. Спроведување на мерки за спречување на внесување и сузбивање на колера во Република Македонија

2. 1. Епидемиолошки дел

– следење на движењето на колера во светот, а посебно во земјите со кои нашата земја одржува тесни економски, културни и други врски;

– стручно-методолошка помош на здравствените работници, организации и штабовите за борба против карантински заболувања;

– проучување на сите фактори кои можат да делуваат на појавата и ширењето на колерата;

– епидемиолошко испитување и извидување на евентуално загрозените подрачја на Републиката;

– организација на испитување на контактите и суспектните лица на колера;

– предлог на мерки за отстранување на условите и нехигиенските состојби кои условуваат појава и ширење на колера.

2. 2. Микробиолошки дел

– по епидемиолошки индикации ќе се вршат испитувања на дијареални заболувања, како и отпадни води. За таа цел од теренот ќе бидат земени материјали;

– лабораторијата за испитување на колера при Одделението за бактериологија постојано е во приправност за дијагностика на колера за целата Република.

3. Одржување на резултатите постигнати со ерадикација на маларија

Во нашата Република постојат можности за внесување и ширење на маларијата од земји во кои таа се одржува ендемски. Скоро секоја година се внесуваа поединечни случаи, но поради преземените мерки е спречено нејзино ширење.

Секторот ќе ја следи епидемиолошката состојба во врска со маларијата во другите земји и ќе го известува Министерството за здравство.

Секторот врши контрола над спроведување на мерките по однос на маларијата, кои ги спроведуваат заводите за здравствена заштита и укажува стручно методолошка помош.

За оценка на квалитетот на микроскопската дијагностика ги прегледува сите позитивни материјали (препарати) и 10% од прегледаните негативни.

Во случај на појава на заболување од маларија ќе бидат преземени потребните мерки предвидени со закон.

Ќе бидат одржани 2 семинари со раководителите и епидемиолозите на заводите, во врска со преземање на мерки за спречување на внесување и ширање на маларија.

За извршената работа ќе биде изготвен годишен извештај до 31.03.1999 година, а за секој евентуален случај на заболување, по писмен пат ќе го извести Министерството за здравство и Републичкиот санитарен и здравствен инспекторат.

4. Следење на грипот и другите вирусни респираторни заболувања

Секторот ќе го следи движењето на грипот во светот и ќе врши испитувања на истиот, како и на други акутни вирусни респираторни заболувања во Македонија.

Во текот на годината ќе се вршат епидемиолошки, вирусолошки и бактериолошки испитувања, при појава на зголемен број или епидемиска форма на заболувања слични на грип. Со испитувањата ќе бидат опфатени 5 предучилишни установи и 5 осумгодишни училишта, како и две поголеми стопански претпријатија.

Со овие испитувања ќе бидат ставени под епидемиолошки надзор 25 општини, со што ќе се обезбеди следењето и проучувањето на респираторните заболувања.

За изолација на вируси ќе бидат земени 150 материјали, како и 300 парни серуми за серолошки испитувања.

Секторот преку неделните билтени на СЗО редовно ќе ја следи епидемиолошката состојба на грипот во светот и соседните држави. За состојбата редовно ќе врши информирање и ќе предлага и презема соодветни мерки, како и ќе изготви Извештај со анализа на епидемиолошката состојба.

5. Испитување на причинителите на сериозните менингити

Ќе бидат земени 100 парни серуми од заболени лица во Републиката. Ќе се вршат вирусолошки испитувања на следните вируси: influenza „A" i „B" adeno virusi, herpes simplex, herpes zoster, soxsackie, ECHO i polio.

6. Спречување на внесување и ширење на тропски заразни и паразитарни болести

Испитувањата ќе се вршат на следните паразити:

– entamaeba histolytica и други цревни паразити – фецес;

– ancylostoma duodenale и други хелминти – фецес;
filariasis – размаски од густа капка од периферна крв;
onchocerciasis;
schistosoma – haematobium;
diphyllobothrium latum.

Ќе бидат извршени анализи на 250 лица, при што ќе бидат направени околу 900 анализи.

Во 1998 година ќе се следи движењето и состојбата на заболувањата со тропски паразити во светот, а особено во земјите со кои нашата земја има интензивни врски. Ќе се одржат 4 регионални семинари за епидемиолози и други доктори по медицина кои работат на оваа проблематика.

За најдената состојба во врска со спроведувањето на прописите и преземените мерки за секоја општина посебно ќе се изготвува извештај, кој ќе се достави до здравствената организација, Министерство за здравство и Републички санитарен и здравствен инспекторат, како и за секој поединечно откриен случај на заболување.

7. Спречување и сузбивање на интрахоспиталните инфекции

Најмалку еднаш годишно ќе изврши теренска контрола во заводите, за работата на комисиите и службите и ќе укажува стручно-методолошка помош. Во 5 заводи за здравствена заштита, односно од болничките одделенија ќе бидат земени 40-50 мостри за микробиолошко испитување. За најдената состојба ќе бидат изготвени извештаи, кои ќе бидат доставени до Министерство за здравство, Републички санитарен и здравствен инспекторат и установата каде е направен увидот.

ОБЕМ НА РАБОТА ПО ПОЕДИНИ ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ ВО ЕПИДЕМИОЛОШКА ДЕЈНОСТ

ЗАВОДИ	Број на пријави за заразни болести без грип	Епидемиолошки анкети	Епидемиолошко извидување	Контрола на клицконосители	Контрола на интрахоспитални инфекции (мостри)
Битола	3 000	1 200	180	200	300
Куманово	3 000	1 100	100	170	300
Кочани	1 700	700	60	120	300
Охрид	1 500	800	80	120	300
Прилеп	1 800	800	100	120	300
Струмица	1 500	700	70	100	300
Тетово	2 800	1 800	150	250	300
Велес	2 500	1 100	100	150	300
Штип	1 000	600	60	100	300
Скопје	8 500	3 300	300	550	300
ВКУПНО	27 300	12 100	1 200	1880	3 000

III ЛАБОРАТОРИСКА (МИКРОБИОЛОШКА) ДЕЈНОСТ

а) Заводи за здравствена заштита

Заводите во оваа дејност ги спроведуваат задачите:
– поставување на етиолошка дијагноза за заразните заболувања што е од важност за понатамошно лекување,
– одредување, контрола и евалуација на антибиотската терапија;
– откривање на изворите на заразата, клицконосителите и патиштата на пренесување,
– ретроспективни испитувања преку серолошко-лабораториски анализи;
– типизација на причинителите,
– контрола на преземените мерки (стерилизација, имунизација, осетливост на популацијата, ефекти од лекувањето и др.);
– проучување усвојување и воведување на нови методи за поширока примена при поставување на етиолошката дијагноза,
– здравствени други испитувања предвидени со Законот за здравствената заштита на населението од заразни болести и други прописи;
– микробиолошки прегледи на лицата кои доаѓаат во нашата земја од други земји, во кои има маларија, колера, како и други заболувања, што ги утврдува Министерство за здравство на Република Македонија;
– микробиолошки прегледи на вода, храна, простории и опрема за производство и промет на прехранбени производи за оценка на хигиенската исправност;
– микробиолошка контрола во здравствени организации (операциони сали, сали за реанимација и други простории, инструменти, работни површини, материјали и др.);
– микробилошка контрола на лица што работат во производство или во промет со животни намирници, или во снабдувањето на населението со вода за пиење, лица вработени во предучилишни и училишни установи, здравствени работници, лица кои пружаат фризерско-берберски услуги и козметичка нега, или кои работат во производство и промет со козметички средства.

IV. СОЦИЈАЛНО–МЕДИЦИНСКА ДЕЈНОСТ

Врз основа на прописите за здравствена заштита, програмите за статистички истражувања од интерес за Републиката, прописите за евиденциите од областа на здравството и други прописи, социјално-медицинската дејност ја следи здравствената состојба на населението, системот и организацијата на здравствената заштита, планира, програмира, прибира, обработува, анализира и евалуира податоци од здравствена статистика, учествува во изготвување и спроведување на посебни програми од здравствената дејност и предлага мерки за решавање на здравствените проблеми на населението, утврдува приоритети за задоволување на потребите и подобрување на здравствената состојба на населението.

а) Заводи за здравствена заштита

1. Организација, планирање и здравствено-воспитна дејност

Социјално-медицинската дејност ги изготвува и доставува до Министерството за здравство и Републичкиот завод за здравствена заштита, следните програми, извештаи и информации:
– Извештај за здравствената состојба и здравствената заштита на населението за 1997 година за подрачјето што го покрива Заводот.
Рок на изготвување: април 1998 година
– Анализа на болничкиот морбидитет и морталитет за 1997 година
Рок на изготвување: април 1998 година
– Извештај за искористеноста на болничките капацитети во здравствените организации за подрачјето што го покрива Заводот за здравствена заштита за 1997 година.
Рок на изготвување: мај 1998 година
– Извештај за остварувањето на Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти во 1997 година.
Рок на изготвување: октомври 1998 година
– Извештај за екипираноста со стручен кадар според дејностите во здравствените организации, според Зако-

нот за територијална поделба на општините и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ", бр. 49/96 и 56/96) во 1997 година.

Рок на изготвување: ноември 1998 година

– Програма за здравствено воспитување во 1999 година

Рок на изготвување: октомври 1998 година

– Извештај за спроведување на Програмата за превентивната здравствена заштита во 1997 година

Рок на изготвување: април 1998 година

2. Здравствена статистика и информатика

Во заводите за здравствена заштита согласно прописите се извршуваат следните активности:
– прибирање, обработка и анализа на податоците за извршената работа во здравствените организации, податоци за здравствената состојба на населението и податоците за стручниот кадар според здравствените дејности (општа медицина, здравствена заштита на деца, училишни деца и младина, жени ити.);
– логична и математичка контрола на опфатеноста на податоците;
– компјутерски внес и автоматска обработка на податоците од индивидуалните и збирните извештаи од здравствените организации;
– стручно-методолошка помош на здравствените организации во водењето на медицинската документација, евиденција и изготвување на статистички извештаи и спроведување на X ревизија на МКБ.

Врз основа на овие евиденции се изготвуваат збирните тримесечни, шестомесечни и годишни извештаи.
Прибирање, обработување и анализа на индивидуалните извештајни обрасци:
– за стационарно лекувано лице околу 180.000 обрасци;
– пријава за породување околу 33.000 обрасци;
– пријави за абортуси околу 18.000 обрасци;
– пријава за несреќа на работа околу 6.000 обрасци.

Пријави за заболувањата од социјално-медицинско значење и се води евиденција – регистар (околу 25.000 обрасци вкупно за сите заводи).

б) Републички завод за здравствена заштита

1. Статистички истражувања од интерес на Републиката

Во 1998 година ќе продолжи спроведувањето на статистичките истражувања од областа на здравството според Програмата за статистички истражувања од областа на здравството и Законот за евиденциите во областа на здравството.

Во 1998 година Секторот ќе прибира и обработува здравствено-статистички збирни извештаи, како и индивидуални болничко-статистички материјали од заводите за здравствена заштита во Република Македонија и ќе изготвува збирни и полугодишни и годишни извештаи за Републиката.

Републички завод за здравствена заштита од заводите за здравствена заштита ќе прибира околу 2.200 збирни извештаи и на нив ќе изврши претходно математичка и логична контрола и контрола на опфатеноста на податоците, а потоа врз основа на истите ќе изготвува збирни шестомесечни и годишни извештаи.

Обработка на овие збирни извештаи ќе се изврши компјутерски, според утврдени апликативни програми.

Врз основа на прописите, во текот на годината ќе се прибираат преку заводите за здравствена заштита индивидуални болничко-статистички материјали околу 240.000 обрасци.

На индивидуалниот болничко-статистички материјал предходно се врши математичка и логична контрола и контрола на опфатеност на бараните податоци, а потоа истите се средуваат и шифрираат и така претходно припремени компјутерски се обработуваат.

Рок на изготвување: септември 1998 година

Заради поширока достапност за користење на здравствено-статистичките податоци од збирните и индивидуалните здравствено-статистички извештаи, ќе бидат изготвени и публикувани здравствено-статистички годишници (за амбулантно-поликлиничката дејност и болничка дејност). Публикациите ќе бидат изготвени и дистрибуирани до Министерството за здравство и до сите здравствени организации во Републиката во рок од 3 месеци по завршување на компјутерската обработка.

2. Регистар за рак во Република Македонија

Со Програмата за статистички истражувања, пријавувањето на малигните неоплазми е воведено како статистичко истражување од интерес за целата Република.

Во 1998 година водењето на регистерот ќе биде компјутерско. По сите модалитети. Заводот ќе прибира околу 8.000 пријави за малигни неоплазми (преку заводите за здравствена заштита), ќе врши контрола на опфатеноста, логична контрола и обработка на истите, ќе изготви извештај за заболените лица од малигни неоплазми и ќе достави до Министерство за здравство.

3. Статистички истражувања согласно Законот за евиденциите во областа на здравството

Секторот во 1998 година според овој закон ќе ги спроведува евиденциите за заболувањата од социјално-медицинско значење.

Пријави за: шеќерна болест; за исхемична болест на срцето, бубрежна инсуфициенција; психози; алкохолизам и други зависности; професионални заболувања; ревматска треска; интоксикации (труења); сообраќаен травматизам и за самоубиства Во текот на 1998 година ќе се формираат регистри при Републички завод за здравствена заштита.

Во врска со овие статистички истражувања Секторот во текот на 1998 година ќе преземе активности за редовно и поцелосно доставување на пријавите. Во рамките на овие активности ќе биде пружена стручно-методолошка помош на заводите за здравствена заштита и нивните подрачни санитарно-хигиенски служби.

Секторот врши и други повремени статистички истражувања за поедини проблеми од областа на здравството и изготвување и други извештаи и табеларни прегледи за потребите на Министерството за здравство.

Секторот за социјална медицина изготвува 16 публикациони табели за Статистичкиот годишник на Република Македонија, како и за научно-истражувачки проекти од областа на здравството и организацијата на здравствената дејност.

Секторот исто така изготвува:
– стручно-методолошки упатства за водење на евиденции во областа на здравството;
– организира семинари со инструктажа за правилно водење и прибирање на податоците од статистичките истражувања;
– едуцира здравствени работници за работа во областа на здравствената статистика;
– теренски увиди во спроведување на Програмата на статистичките истражувања и примена на МКБ-10 во сите заводи за здравствена заштита и нивните подрачни служби.

4. Извештај за здравствената состојба и здравствената заштита на населението во Република Македонија за 1997 година.

Рок на изготвување: јуни 1998 година

5. Информација за квалитетот на здравствените услуги во Република Македонија.
Рок на изготвување октомври 1998 година

6. Анализа на болничкиот морбидитет и морталитет за 1997 година.
Рок на изготвување септември 1998 година

7. Информација за искористеноста на болничките капацитети во здравствените организации во Република Македонија за 1997 година.
Рок на изготвување јуни 1998 година

8. Извештај за остварување на Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти во 1997 година.
Рок на изготвување септември 1998 година

9. Програма за систематски прегледи на ученици и студенти за 1999 година.
Рок на изготвување· ноември 1998 година

10. Програма за здравствено-воспитание преку масмедиуми.
Содржината на оваа програма вклучува десет тематски подрачја – актуелни здравствени проблеми
Рок на изготвување март 1998 година

11. Извештај за спроведување на Програмата за здравствено-воспитната дејност во Република Македонија во 1997 година.
Рок на изготвување октомври 1998 година

12. Програма за спречување и сузбивање на болестите на зависности (алкохол и дрога).
Рок на изготвување ноември 1998 година

13. Издавање на списание „Народно здравје".
Рок на изготвување септември 1998 година

Во текот на 1998 година Секторот за социјална медицина активно ќе учествува во активностите за утврдување на стратегијата за реформи на болничката здравствена заштита со утврдување и примена на индикаторите за остварувањето на Стратегијата за реформите во здравството и развојот на здравствената заштита согласно Европската стратегија „ЗДРАВЈЕ ЗА СИТЕ" и утврдените индикатори за здравје од Регионалното биро на СЗО за Европа

V ИСПИТУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ЛЕКОВИ

Согласно прописите за лекови, мерките и активностите од оваа област во 1998 година ги врши Секторот за испитување и контрола на лекови при Републички завод за здравствена заштита – Скопје

Овој Сектор врши лабораториско, микробиолошко и токсиколошко испитување и контрола на лекови, помошни лековити средства и лекови од биолошко потекло (крв, крвни деривати, серуми и вакцини), ветеринарни препарати и отрови

Во оваа програма се опфатени следните делови·

1. Следење на исправноста на готовите лекови и суровините за лекови во производството и прометот.

Секторот за испитување и контрола на лекови во текот на 1998 година ќе врши следење на исправноста на готови лекови, магистрални и галенски препарати и суровините за лекови со фармаколошко дејство

Целта на задачата е во производството и прометот да одат наполно исправни лекови со што ќе се обезбеди безбедна терапија без непожелни ефекти.

При реализација на задачата ќе се врши стручен надзор со централизирана контрола во Секторот над лековите и лековитите суровини во производство и промет. По слободен избор ќе се земат околу 300 препарати на кои ќе се испита исправноста со соодветни методи (физички, хемиски, микробиолошки и биолошки) и ќе биде изготвен комплетен извештај и доставен до Министерството за здравство.

Ќе се врши контрола на прирачните депои на лекови во амбулантите во здравствените организации во Република Македонија, со оценка и контрола на квалитетот на лековите, како и нивно прописно чување и ракување за постигнување на бараниот терапевтски ефект.

2. Контрола на крв и крвни деривати

Во 1998 година доколку се обезбедат кадровски, технички* и финансиски средства ќе се извршат подготовки за оспособување на стручен кадар и воведување на методологии за лабораториско испитување на препарати кои се употребуваат како замена на крв, раствори за регулирање на електролити, серуми и други производи добиени од крв и разни препарати од биолошко потекло

3. Следење на исправноста на помошни лековити средства

Секторот за испитување и контрола на лекови ќе врши следење на:
– чаеви и мешавини од чаеви што се подготвуваат од растителни дроги со благо дејство;
– завоен материјал и средства за шиење на рани и спречување на крварење (вата и производи од вата, газа и производи од газа, завои, фластери и други средства за спречување на крварење);
– потрошен материјал за еднократна употреба (игли, шприцеви, прибор за трансфузија, инфузија и дијализа, катетери, сонди и контактна амбалажа)

Ќе се испитаат по слободен избор 120 препарати со вкупно 700 параметри и по извршените анализи ќе биде изготвен извештај и доставен до Министерството за здравство.

4. Контрола на отрови

Заради заштита на животот и здравјето на луѓето, заштитата на животната средина од штетното дејство на отровите и спречување на злоупотребата на отрови, покрај прометот и надзорот, важна е и контролата над отровите

Секторот ќе врши хемиски, физички и биолошки испитувања на отровите од домашно и странско производство поради нивно ставање во промет.

Врз основа на добиените резултати покрај токсиколошка оценка ќе биде дадена и оценка за нивната ефикасност за наведената намена.

Ќе биде направена и категоризација на отровите.
За добиените резултати од доставените мостри ќе се изготви годишен извештај и ќе се достави до Министерството за здравство

VI. ДОСТАВУВАЊЕ ИЗВЕШТАИ ЗА ИЗВРШЕНИТЕ ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

а) Завод за здравствена заштита

Согласно оваа програма заводите за здравствена заштита се должни да доставуваат до Републички завод

---

* Неопходен предуслов за извршување на задачата е доопремување на соодветна хемиска и биолошка лабораторија.

за здравствена заштита редовни извештаи, по дејности, како што стои во текстот и целосни шестмесечни и годишни извештаи.

б) Републички завод за здравствена заштита

Врз основа на добиените извештаи од заводите за здравствена заштита по дејности и свои истражувања, Републичкиот завод за здравствена заштита изготвува и доставува до Министерството за здравство полугодишна и годишна анализа на извршените мерки и активности согласно Програмата и оценка за состојбите со предлог на мерки.

Сите извршители на Програмата се должни да достават до Министерството за здравство, редовни месечни финансиски извештаи со спецификација на материјалните трошоци врзано за реализација на програмските задачи.

VII. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За спроведување на мерките и активностите од програмата за превентивна здравствена заштита за 1998 година потребни се вкупно 228.225.000,00 денари и тоа:

А. САНИТАРНО-ХИГИЕНСКА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	Име и задачи	Износ во денари
а)	Заводи за здравствена заштита . .	57.033.000,00
1.	Следење на состојбата со водоснабдувањето и квалитетот на водата за пиење во Република Македонија	27.886.000,00
	– теренски извидувања на водоснабдителни објекти,	
	– земање мостри вода за лабораториски анализи,	
	– физичко-хемиски и бактериолошки анализи,	
	– изготвување на здравствена евиденција на водоснабдителни објекти	
2.	Следење на површинските води од здравствен аспект	1.238.000,00
	– теренско извидување,	
	– земање мостри вода за лабораториски испитувања,	
	– физичко-хемиски и бактериолошки анализи на површински води	
3.	Следење на квалитетот на воздухот во населените места и влијанието на загадениот воздух врз здравјето на населението	9.088.000,00
	– техничко опремување на заводите за здравствена заштита: Битола, Куманово и Велес, со основна апаратура за следење на аерозагадувањето,	
	– испитување на аероседимент,	
	– испитување на концентрации на сулфур двооксид,	
	– испитување на концентрации на јаглен моноксид	
4.	Следење на здравствена исправност на прехранбените производи	11.927.000,00
	– земање мостри од прехранбени производи,	
	– анализа на здравствена исправност на прехранбени производи	
5.	Следење на исхрана и ухранетост на населението	5.655.000,00
	– санитарно-хигиенски увиди на објекти за исхрана на предучилишни деца, ученици и работници,	
	– земање брисеви и микробиолошка анализа,	
	– одредување на биолошка вредност на исхраната,	
	– следење на ухранетоста со антропометриски испитувања	
6.	Следење на болничката исхрана во Република Македонија	1.239.000,00
	– стручни увиди,	
	– земање брисеви и микробиолошка анализа,	
	– одредување на биолошката вредност на болничката исхрана	
б)	Републички завод за здравствена заштита	14.660.000,00
1.	Следење на радиокативната контаминација на животната средина	
1.1.	Радиоекологија	8.462.000,00
	– испитување на мостри воздух	
	– испитување на дневни атмосферски талози	
	– испитување на месечни атмосферски талози	
	– испитување на мостри од почвата	
	– испитување на сточна храна	
	– испитување на води за пиење	
	– испитување на млеко	
	– испитување на други видови животни намирници	
2.	Следење на санитарно-хигиенската состојба во водоснабдувањето и квалитетот на водите за пиење и воспоставување на здравствена евиденција на водоснабдувањето	189.000,00
	– стручни санитарно-хигиенски изведувања со оценка на здравствениот ризик	
	– проширени лабораториски испитувања на мостри вода (пестициди и други контаминенти кои не ги вршат заводите за здравствена заштита)	
3.	Следење на површинските води од здравствен аспект	126.000,00
	– санитарно-хигиенски увиди	
	– проширени лабораториски испитувања на мостри вода и соработка со други институции	
4.	Анализа на состојбата на здравствената исправност на прехранбените производи и предмети за општа употреба во Република Македонија	75.000,00
	– анализа на здравствената исправност	
5.	Следење на алиментарниот дневен внос на некои хемиски контаминенти кај популациона група од 15-19 години возраст	336.000,00

Ред бр.	Име и задачи	Износ во денари
	– процена на здравствениот ризик на присутните хемиски контаминенти лабораториски анализи на алиментарниот дневен внос на пестициди и тешки метали	
6	Испитување на некои ризик фактори на заболувањата на циркулаторниот систем	186.000,00
	– одредување категорија на ухранетост	
	– анкетирање на исхраната	
7.	Програма за евалуација на хигиенскиот квалитет на воздухот и негови здравствени ефекти	3.621.000,00
	– набавка на технички комплети за детекција на базични загадувачки материи	
8.	Следење на нивото на бучава во животната средина	
	– набавка на 10 обични букомери за заводите за здравствена заштита	1.665.000,00
	– еден букомер за софтверско-статистичка анализа за Републички завод за здравствена заштита	
	Сè вкупно за санитарно-хигиенската дејност во Република Македонија:	71.693.000,00

Б. ЕПИДЕМИОЛОШКА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	Име и задачи	Износ во денари
а)	Заводи за здравствена заштита . .	48 694.000,00
1.	Спречување и сузбивање на заразните болести	48 694.000,00
	– епидемиолошки анкети	
	– епидемиолошко извидување	
	– контрола на клицоносителство	
	– контрола на интрахоспитални инфекции	
б)	Републички завод за здравствена заштита	6.022.000,00
1.	Спречување и сузбивање на заразните заболувања во Република Македонија	1 661.000,00
2	Спроведување на мерки за спречување на внесување и сузбивање на колера во Република Македонија	447.000,00
3.	Одржување на резултатите постигнати со ерадикација на маларијата	447.000,00
4.	Следење на грипот и други вирусни респираторни заболувања во Република Македонија	671.000,00
5.	Лабораториска идентификација на причинителите на заразни и паразитарни болести во Република Македонија	2.796.000,00
	Сè вкупно за епидемиолошката дејност во Република Македонија	54.716 000,00

В. ЛАБОРАТОРИСКА (МИКРОБИОЛОШКА) ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	Име и задачи	Износ во денари
а)	Заводите за здравствена заштита	73.265.000,00
1.	За набавка на потребни серуми, подлоги, реагенси, антигени и др.	73.265.000,00
	Сè вкупно за лабораториската (микробиолошката) дејност во заводите за здравствена заштита:	73.265.000,00

Г. СОЦИЈАЛНО-МЕДИЦИНСКА ДЕЈНОСТ

Ред. бр.	Име и задачи	Износ во денари
а)	Заводи за здравствена заштита . .	1.592.000,00
1.	Организација, планирање и здравствено-воспитна дејност . . .	385.000,00
	– Извештај за здравствената состојба и здравствената заштита на населението за 1997 година за подрачјето што го покрива Заводот (166.000,00)	
	– Анализа на болничкиот морбидитет и морталитет за 1997 година (114.000,00)	
	– Извештај за искористеноста на болничките капацитети во здравствените организации за подрачјето што го покрива Заводот за 1997 година (63.000,00)	
	– Извештај за остварувањето на Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти во 1997 година (29.000,00)	
	– Извештај за екипираноста со стручен кадар според дејностите во здравствените организации според Законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“бр. 49/96 и 56/96) во 1997 година (13.000,00)	
2.	Здравствена статистика и информатика	1.207.000,00
	– прибирање и обработка на збирни извештаи,	
	– прибирање и обработка на индивидуални извештаи,	
	– прибирање и обработка на пријави за заболувања од социјално-медицинско значење	
б)	Републички завод за здравствена заштита	25.282.000,00
1.	Статистички истражувања од интерес за Републиката	13.940.000,00
	Материјални трошоци за континуирана задача за:	
	– обработка на збирни извештаи (1.415.000,00)	
	– обработка на индивидуални извештаи (1.452.000,00)	
	– изготвување на публикации за амбулантно-поликлиничка и болничко-стационарна дејност (11.073.000,00)	

Ред. бр.	Назив	Износ во денари
2.	Регистар за рак во Република Македонија . . . . . Континуирана задача	241.000,00
3.	Статистички истражувања согласно Законот за евиденциите во областа на здравството . . . . . – континуирана задача (материјални трошоци) (90.000,00) – Превод и печатење на МКБ – 10 – вол. II и III (3.355.000,00) – Изготвување на стручно-методолошки упатства за водење на евиденции во областа на здравството (404.000,00) – Организирање семинари со инструктажа за правилно водење и прибирање на податоците од статистичките истражувања (1.926.000,00) – Едуцирање на здравствени работници за работа во областа на здравствената статистика (1.882.000,00) – Теренски увиди во спроведување на Програмата за статистичките истражувања и примена на МКБ-10 во сите заводи за здравствена заштита и нивните подрачни служби (2.075.000,00)	9.732.000,00
4.	Извештај за здравствената состојба и здравствената заштита на населението во Република Македонија за 1997 година	277.000,00
5.	Информација за квалитетот на здравствените услуги во Република Македонија	291.000,00
6.	Анализа на болничкиот морбидитет и морталитет за 1997 година . .	190.000,00
7.	Информација за искористеноста на болничките капацитети во здравствените организации во Република Македонија за 1997 година	105.000,00
8.	Извештај за остварување на Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти во 1997 година	49.000,00
9.	Програма за систематски прегледи на ученици и студенти за 1999 година	21.000,00
10.	Програма за здравствено воспитување преку масмедиуми (содржината на оваа програма ќе вклучува десет тематски подрачја – актуелни здравствени проблеми) .	12.000,00
11.	Информација за состојбата на здравствено-воспитната дејност во Република Македонија	92.000,00
12.	Информација за состојбата на самоубиствата во Република Македонија	94.000,00
13.	Издавање на списанието „НАРОДНО ЗДРАВЈЕ“	238.000,00
	Се вкупно за социјално-медицинската дејност во Република Македонија:	26.874.000,00

Д. ИСПИТУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ЛЕКОВИ

Ред. бр.	Име и задачи	Износ во денари
1.	Следење на исправноста на лековите и лековитите суровини . . . – физичко-хемиски анализи – микробиолошки анализи – биолошки анализи	1.174.000,00
2	Контрола на крв и крвни деривати	145.000,00
3.	Следење на исправноста на помошни лековити средства . . .	224.000,00
4.	Контрола на отрови	134.000,00
	Се вкупно за испитување и контрола на лекови:	1.677.000,00
	СЕ ВКУПНО А+Б+В+Г+Д.	228.225.000,00

Од Буџетот на Република Македонија ќе се искористат 24.280.000,00 денари врз основа на доставени фактури за извршена работа, што изнесува 10,64% од вкупно потребните средства, а останатите финансиски средства ќе се обезбедат од Фондот за здравствено осигурување и други извори.

Оваа програма се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-823/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

475.

Врз основа на член 32, став 2 точка 9 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на РМ“ бр. 38/91, 46/93 и 55/95), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.03.1998 година, донесе

ПРОГРАМА ЗА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ НА УЧЕНИЦИТЕ И СТУДЕНТИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1998 ГОДИНА

ВОВЕД

Со почетокот на школувањето, бројни фактори од училишната средина се јавуваат како ризични за здравјето на ученикот. Раната детекција на психо-социјалните, развојните и социо-економските ризици треба да претставува приоритет во грижата за училишните деца и младина.

Потребата за скрининг на здравјето на училишните деца и младина произлегува од брзиот психофизички раст и развој на ученикот и адолесцентот, односно следењето и откривањето на сите промени во тој развој.

Класичен метод за скрининг на здравјето на училишните деца и младина се систематските прегледи, кои се вршат организирано во диспанзерите за здравствена заштита на училишните деца и младина, по претходно изготвена Програма Редовното извршување на планираните систематски прегледи, со целосно опфаќање на содржината на прегледот, овозможува континуиран надзор над здравјето и развојот на ученикот и адолесцентот.

I. ЦЕЛ НА СИСТЕМАТСКИОТ ПРЕГЛЕД

Систематските прегледи на учениците и адолесцентите се вршат со цел да се изврши:

– динамично следење на растот и развојот,

– откривање на вродени и стекнати аномалии и недостатоци,
– корегирање на откриените аномалии и недостатоци,
– откривање на ризик фактори за одредени заболувања,
– превенција на одредени заболувања,
– дијагностицирање на одредени пореметувања и заболувања,
– лекување на утврдените пореметувања и заболувања, и
– откривање на штетни навики.

II ВОЗРАСТ НА УЧЕНИЦИТЕ И СТУДЕНТИТЕ ПОДЛЕЖНИ НА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ

Првиот систематски преглед на ученикот се совпаѓа со неговото поаѓање на училиште, односно со запишувањето на училиште Овој преглед е од особена важност бидејќи има за цел оценка на способноста и зрелоста на детето за во училиште. Со систематскиот преглед на детето пред запишувањето во училиште се откриваат одредени заболувања, недостатоци или неправилности во психофизичкиот развој, кои со поаѓањето во училиште можат да се влошат или негативно да влијаат на успехот на детето во училишната работа.

Следниот преглед се врши на почетокот на школувањето, односно во првото одделение Во текот на целото школување континуирано се следи здравствената состојба на учениците. Така во тек на основното образование задолжителни систематски прегледи се вршат и во I-во, III-то, V-то и VII-мо одделение. Средношколците се опфатени со систематски прегледи во I-ва и IV-ти клас, а студентите во I-ва и IV-та година.

Возраста на ученикот е детерминирачки фактор за содржината на систематскиот преглед. Кај помалите ученици поголемо внимание се обрнува на чистотата на телото и облеката, општата ухранетост и развиеност, правилноста во држењето на телото и деформации. Кај повозрасните ученици систематски треба да се следат физичките и психичките промени во пубертетот и адолесценцијата, како и откривање и сузбивање на заболувања и навики, кои штетно влијаат на здравјето (болести на зависност, пушење, тутун, неуроза и сл.).

Одделни елементи на физичкиот или психичкиот статус, каде што со оглед на интензивниот развој се очекуваат нагли промени, ќе се следат со целни (насочени) систематски прегледи во пократки временски интервали, зависно од констатираните претходни состојби

III СОДРЖИНА НА СИСТЕМАТСКИОТ ПРЕГЛЕД

Систематскиот преглед опфаќа низа медицински постапки со кои се утврдува здравствената состојба, психичкиот и физичкиот развој на ученикот, односно студентот за рано откривање на заболувања или нарушувања како навремено би се презеле потребни мерки за здравствена заштита
Систематскиот преглед содржи.

1. Општ преглед:
– мерење на телесната тежина и висина и обемот на градниот кош,
– оценка на чистотата на телото и облеката,
– преглед на кожата,
– оценка на телесниот раст и општа ухранетост,
– согледување на правилноста на држењето на телото и постоење на деформации (на 'рбетен столб, граден кош, стапала и др),
– општ лекарски преглед и преглед по системи (кардиоваскуларен, респираторен, дигестивен, нервен, урогенитален систем),
– мерење на пулсот и крвниот притисок,
– испитување на видот, слухот и говорот,
– оценка на психичкиот развој,
– земање на податоци во врска со пубертетот кај двата пола и првата менструација (кај ученички и студентки),
– земање на податоци во врска со сексуалната активност на адолесцентите и употребата на контрацептивни средства,
– откривање на навики и болести на зависност кои штетно влијаат врз здравјето (пушење, консумација на алкохол, употреба на таблети, лепак и дрога)**,
– упатување на лабораториски преглед (крвна слика и урина), а по потреба и на радиолошки и друг специјалистички преглед,
– прибирање на податоци од наставниците и психолозите за успехот и однесувањето на ученикот и давање на потребни совети,
– контрола на извршените вакцинации и ревакцинации,
– евиденција на констатираната состојба во здравствениот картон,
– кај патолошките наоди се запишува деталниот наод во здравствениот картон со преземање на соодветни мерки за санирање и следење на патолошките состојби,
– контролни прегледи, и
– целни (насочени) прегледи за поедини заболувања.

2. Стоматолошки преглед:
– контрола на состојбата на забалото (млечни, трајни заби),
– откривање на кариес (кариес, екстракција, пломба, индекс), и
– деформитети и неправилности во развојот на забите и вилиците.

Стоматолошкиот преглед ќе го врши стоматолог, кој наодот ќе го внесе во специјален картон препорачан од СЗО.

3. Лабораториски преглед:
– хемоглобин во крв,
– албумен во урина, и
– измет за цревни паразити.

Контролата на понатамошниот развој или стагнација или евентуалното потполно санирање на утврдените патолошки состојби се врши во одредени временски интервали по извршениот систематски преглед.

При систематскиот преглед се врши оценка на психофизичките способности и се дава мислење за подобноста на ученикот за понатамошно школување, односно одредено занимање.

IV. ПРОЦЕНКА НА БРОЈОТ НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ ПОДЛЕЖНИ НА СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕДИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 1998 ГОДИНА

Бројот на учениците и студентите кои треба да бидат систематски прегледани во 1998 година е проценет врз основа на бројот на учениците и студентите запишани во учебната 1997/98 година, добиен од Министерството за образование и физичка култура.

а) Основно образование:

Во 1998 година со систематски прегледи треба да бидат опфатени 133.370 ученици од основните училишта, од кои:

** За да се изврши мониторинг на здравствените индикатори кои се однесуваат на пушењето и болестите на зависност, Републичкиот завод за здравствена заштита – Скопје ќе спроведува анкетно истражување. За таа цел ќе се изготват специјални обрасци (анкетни прашалници) кои ќе се достават до диспанзерите за здравствена заштита на училиштите деца и младина, а ќе ги пополнуваат учениците и студентите при спроведувањето на систематските прегледи. Пополнетите обрасци ќе се достават до Републичкиот завод за здравствена заштита – Скопје.

– 33.870 ученици во I одд.
– 34.110 ученици во III одд.
– 32.890 ученици во V одд.
– 32.500 ученици во VII одд.

б) Средно образование:

Во средните училишта во текот на 1998 година систематски ќе бидат прегледани 45.767 ученици и тоа:
– 25.913 ученици во први клас
– 19.854 ученици во четврти клас.

в) Високо образование:

Во 1998 година треба систематски да се прегледаат 8.510 студенти од кои:
– 5.380 во прва година
– 3.130 во четврта година

Според стандардите во примарната здравствена заштита на училишните деца и младина и Номенклатурата на здравствените услуги, Програмата предвидува реализација на систематските прегледи со опфат од 90 до 95% од подлежните.

V. ПРОСТОР, ОПРЕМА И КАДАР ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За реализација на оваа програма ќе се користат постојните просторни капацитети и медицинска опрема во службата за здравствена заштита на училишни деца и младина во здравствените домови. Дел од систематските прегледи ќе се вршат и во самите училишта.

Систематските прегледи ќе ги извршуваат кадрите вработени во диспанзерите за здравствена заштита на училишните деца и младина, според бројот на подлежните ученици на систематски прегледи. Систематските прегледи ќе ги извршуваат специјалисти по училишна медицина, педијатри и доктори по општа медицина. Нормативецот за кадар* во оваа дејност е еден работен тим (еден доктор и две медицински сестри) на 1.600 до 3.000 училишни деца и младина (50 до 70% од вкупниот број доктори треба да бидат специјалисти по училишна медицина).

Стручните кадри ќе бидат ангажирани и во извршувањето на 187.647 систематски прегледи во рамките на севкупната здравствена заштита на учениците и студентите.

Во 1998 година просечно еден тим ќе изврши 924 систематски прегледи.

VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За реализација на мерките и активностите предвидени со Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти за 1998 година, потребни се вкупно 118.598.000,00 денари и тоа:

Ред. бр.	Назив	Износ во денари
1.	За материјални трошоци за 187.647 општи докторски прегледи × 93,00 денари	17.451.000,00
2.	За материјални трошоци за 187.647 стоматолошки прегледи × 171,00 денари	32.088.000,00
3.	Материјални трошоци за 187.647 прегледи на крв и урина × 368,00 денари	69.059.000,00
ВКУПНО:		118.598.000,00

Од Буџетот на Република Македонија ќе се искористат 17.700.000,00 денари врз основа на доставени фактури за извршена работа, што изнесува 14,93% од вкупно потребните средства, а останатите финансиски средства ќе се обезбедат од Фондот за здравствено осигурување и други извори.

Оваа програма се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-819/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

476.

Врз основа на член 32, став 2 точка 9 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на РМ" бр. 38/91, 46/93 и 55/95), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 30.03.1998 година, донесе

ПРОГРАМА ЗА АКТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1998 ГОДИНА

ВОВЕД

Здравствената дејност на Република Македонија го продолжува континуитетот во спроведувањето на превентивните мерки и активности за унапредување на здравствената состојба и заштитата на мајките и децата во 1998 година.

Популационата група на жените во репродуктивен период и децата од 0-6 години во вкупното население на Република Македонија се застапени со околу 33,8% или 660.161 жители.*

Поради своите специфичности, биолошкото значење на жените условен од природната улога во репродукцијата на населението и мајчинството, интензивните процеси на растот и развојот кај доенчињата и малите деца, оваа група од населението е карактеризирана со многу свои проблеми, потреби и социјално-медицински белези. Овие специфичности бараат ангажирање на големи кадровски и материјални средства за спроведување на низа мерки на здравствена заштита.

Во изминатиот период, во подобрување на здравствената состојба и заштитата на мајките и децата постигнати се значајни резултати. Стапката на смртноста на доенчињата и малите деца е намалена, евидентни се позитивни промени во структурата на причините за смрт и возрасната структура на умрените доенчиња. Значајно е намален бројот на регистрирани заразни заболувања, посебно на оние против кои се врши задолжителна имунизација.

Во примарната здравствена заштита на жени достигнат е просек од околу 5.500 жени над 15 годишна возраст на 1 гинеколог и околу 720 деца од 0-6 години на 1 лекар во детската заштита. Меѓутоа, податоците од подрачје до подрачје се различни како во однос на достигнатото ниво на здравствена заштита, така и во однос на бројот на жители на лекар.

Со цел да се одржи достигнатото ниво на здравјето на мајките и децата и избегне колапс во основните

* Во Република Македонија во учебната 1996/97 година во службата за здравствена заштита на училишни деца и младина работеле 191 доктори, од кои 91 доктори по медицина и 100 специјалисти по училишна медицина и 232 медицински сестри. Обезбеденоста од 1 доктор и 1,2 медицинска сестра на 2558 училишни деца и младинци, е во рамките на предвиденият норматив.

*Извор на податоци: Статистички годишник на Република Македонија 1996 година.

здравствени услуги во текот на економската транзиција, потребно е да се изнајдат можности за финансирање на активна здравствена заштита на жените и децата со кои ќе се подобри квалитетот, а истовремено:

1. Натамошно намалување на смртноста на доенчињата;
2. Основна едукација на мајките за нега и грижа на доенчето;
3. Промоција на доењето;
4. Едукација на жените во репродуктивниот период за сеопфатно користење на расположивите здравствени капацитети за контрацепција и планирање на семејството;
5. Целосно опфаќање со имунизација на сите деца подлежни на имунизација;
6. Следење на растот и развојот на децата според препораките на СЗО и УНИЦЕФ;
7. Редукција на акутни респираторни заболувања;
8. Редукција на дијареални заболувања;
9. Подигање на нивото на информираност за здравјето и здравиот начин на живеење; и
10. Обезбедување на услови за планирање на семејството.

I. МЕРКИ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖЕНИТЕ

1. Совети за планирање на семејството

Фертилната популација од 15-49 возраст без оглед на полот, брачната состојба, степенот на образованието и верската припадност, ќе добива совети за планирање на семејството.

Извршители се советувалиштата за младите, предбрачните и брачните советувалишта, како и организациите од примарната здравствена заштита, а особено медицинските единици на село.

2. Совети за контрацепција

Совети за контрацепција кај жените во генеративниот период (15-49 години), со опфат од 7%. Со оваа мерка ќе бидат опфатени најмалку 35.000 жени со просечно 2 посети по опфатена жена, или вкупно околу 70.000 посети.

Извршители се советувалиштата за контрацепција, медицинските единици на село, како и ординациите од примарната здравствена заштита.

3. Контрацептивни средства

Во текот на 1998 година ќе се даваат бесплатни контрацептивни средства определени за заинтересирани кориснички и тоа:

– интраутерини влошки
– орални контрацептивни средства

Сите кориснички на контрацептивни средства се опфатени со 3 контроли ако користат интраутерини влошки и 4 контроли ако користат друг вид контрацепција.

За корисничките на контрацептивни средства се прибираат податоци на еднообразни формулари и се водат општински и републички регистер, според упатствата на Гинеколошко-акушерската клиника при Клинички центар – Скопје.

Извештајот за бројот на корисничките како и вкупниот број на контрацептивни средства здравствените организации го доставуваат до Заводот за здравствена заштита на мајки и деца – Скопје.

Статистичка обработка на податоците се врши во Заводот за здравствена заштита на мајки и деца – Скопје.

4. Прекинување на несакана бременост

За одреден број абортуси кај жените кои имаат над 3 деца се обезбедува финансиски надоместок за покривање на материјалните трошоци како и кај Рх негативните, односи за околу 12 до 15.000 жени во текот на 1998 година.

Се фаворизираат и воведуваат нови, помалку штетни по здравјето на жената, методи за прекинување на несакана бременост.

Извештајот за бројот на прекинувањата на несакана бременост го подготвува Заводот за здравствена заштита на мајки и деца и го доставува до Министерството за здравство најдоцна до февруари 1999 година.

5. Здравствено-воспитна дејност

Оваа мерка опфаќа запознавање на населението со анатомијата и физиологијата на органите за репродукција, одговорното родителство, мајчинството и можноста за планирање на семејството.

Со оваа мерка се опфаќа популацијата од училишната возраст, адолесцентите и останатите возрасти во репродуктивен период:

– здравствено–воспитни предавања во основните училишта започнувајќи од 4-8 одделение и во сите класови на средните училишта,
– прикажување на филмови со теми од областа на планирање на семејството,
– изготвување, печатење и дистрибуција на здравствено–воспитни средства и научно-истражувачки проекти од планирање на семејството.

Средствата за масовно информирање (радио, ТВ, печат) организираат еднаш неделно емисии со содржини: планирање на семејството, одговорно родителство и хуманизација на односите помеѓу половите. Емисиите ги водат доктори специјалисти по социјална медицина или социолози.

Извршители на мерките се советувалиштата за планирање на семејството, ординациите од примарната здравствена заштита, предбрачните и брачните советувалишта, советувалиштата за млади, во соработка со сите видови училишта, установи и поединци, како и средствата за јавно информирање.

II. ЗАШТИТА НА ПЛАНИРАНА И САКАНА БРЕМЕНОСТ

1. Пренатална здравствена заштита

– за секоја бременост која се планира да се донесе се воведува задолжително отворање на мајчинска книшка или вкупно во Републиката околу 30.000;

– секоја бремена е должна да изврши 5 антенатални прегледи во советувалиште за бремени во временски интервали кои се назначени во мајчината книшка или вкупно 150.000 прегледи;

– најмалку 1 ЕХО – преглед на 18 до 20 гестациска недела од бременоста за откривање на морфолошки аномалии на плодот и точното одредување на неговата гестациска старост – вкупно 30.000 прегледи;

– високо ризичните и ризичните бремености се испраќаат во соодветните поразвиени центри;

– испитување на РХ фактор кај сите бремени првородки – околу 15.000 и спроведување на имунопрофилакса на сите РХ негативни мајки по раѓање на РХ позитивен плод или после абортус;

– се обезбедува во просек 1,5 патронажни посети по бремена, а кај ризичните бремености повеќе, особено на бремени помлади од 16 години и постари од 35 години, со неповолни социјални услови за живеење и со пониска здравствена просветеност или вкупно 45.000 патронажни посети;

– научно-истражувачка и студиско-аналитичка дејност: изготвување, организација и спроведување на селектирани научно-истражувачки проекти и програми за проблеми кои произлегуваат од значењето на планирањето на семејството од здравствен аспект, значењето на имунизацијата како и од наодите на систематските прегледи на децата од 0-6 години и регистрација на оштетените деца. Спроведувањето на овие програми ќе биде условено од финансиските можности и ќе треба да се има предвид можното учество во финансирањето и од страна на други заинтересирани институции (СЗО, Светска Банка, УНИЦЕФ, Европска унија, Совет на Европа и др).

Извршители: здравствени установи во Република Македонија.

Заводот за здравствена заштита на мајки и деца ќе предложи програма за уинфицирање на работата и организацијата на патронажната служба во целата Република.

2. Интрапартална заштита

– сите бремени со фактори на ризична бременост и породување ќе бидат благовремено упатени за третман и породување во институциите од II и III степен (околу 20% од бремените и родилките);

– во поголемите породилишта во Републиката постепено се остваруваат услови за воведување современ интрапартален мониторинг и тоа: примена на ЦТГ, интрапартална ПХ-метрија и препартална и интрапартална ЕХО-сонографија;

– поголемите породилишта се опремуваат со доволен број на инкубатори за полуинтензивна нега и реанимација на оштетени новороденчиња, породилиштата со повеќе од 2.000 раѓања годишно и со минимален број на инкубатори за интензивна неонатална нега;

– стручна помош при раѓање во здравствена установа кај околу 97% од бремени, а во домашни услови со медицинска помош од акушерка околу 3%;

– секојдневно давање на увид податоци на примарна здравствена заштита (од страна на породилиштата) за адресата, тежината при раѓањето и здравствената состојба на новороденото, кое е отпуштено дома во текот на денот.

Извршители: сите породилишта во Република Македонија.

3. Постпартална заштита

Во просек 3,0 патронажни посети по леунка, а кај родени во домашни услови повеќе, по можност секојдневно во првата недела по раѓање или вкупно 100.000 посети.

Здравствените организации еднаш месечно ќе достават извештај за извршените патронажни посети до Заводот за здравствена заштита на мајки и деца.

Заводот за здравствена заштита на мајки и деца доставува за цела Република извештај до Министерството за здравство за претходната година најдоцна до март 1999 година.

4. Здравствено-воспитна дејност

– користење на јавни информативни средства – радио, ТВ и печат;

– работа во мали групи, разговор со бремени и родилки со опфат од 20% од бремените и родилките.

Извршители: здравствени установи во Република Македонија.

III. МЕРКИ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ

1. Здравствената заштита на деца од предучилишна возраст опфаќа:

1.1. Преглед на новородено од лекар во домашни услови – по еден преглед во првите седум дена по породувањето на секое новородено, или вкупно 30.000 прегледи.

1.2. Водење регистер за сите живородени деца со отворање на здравствени картони, а за деца родени со ризик се води посебен Регистер и се отвора „Картон за следење на дете родено со ризик" (на картонот се наведени сите ризици при кои треба да се отвори овој картон) – 10% од живородените или вкупно 3.000.

Сомнителните во заостанување на развојот се испраќаат на верификација на оштетеноста на функциите за понатамошно следење, соодветно лекување и рехабилитација.

За децата родени со ризик и подоцна откриените оштетувања, се врши пријавување и се води Регистер на оштетени деца.

1.3. Децата кои се со поголем ризик од смрт се распоредуваат по групи (деца на вештачка исхрана, со рахитис, со мала родилна тежина, со родители без завршено основно образование, со лоши станбени и материјални услови во семејството, деца без еден родител, хипотрофични, со хронични пневмопатии, акутни болни и др.). За овие деца се воспоставува врска со патронажната служба преку ППС образец со цел да се продолжи со надзорот врз состојбата на детето и третман во домашни услови.

1.4. Прегледи и советувања на здраво доенче, во просек по 8, вкупно 240.000 и прегледи и советувања на ризични деца во просек по 10 – вкупно 30.000.

Прегледите во III, VI и IX месец се систематски – вкупно 90.000.

При овие прегледи се врши:

– мерење на тежината и висината;

– проценка на исхранетоста преку пресметување на реалната тежина со примена на картограми „тежина за висина" со кои се снабдени сите диспанзери за деца во Републиката. Податоците за овие мерења се внесуваат во здравствените картони и во картата за развој – нутритивна карта – која треба секоја мајка задолжително да ја има;

– сите доенчиња да примаат профилакса против рахитис во текот на првите 18 месеци од животот;

– превенција на анемија кај сите родени со нормална тежина, со препарати од железо помеѓу третиот и четвртиот месец од животот или од периодот на дуплирањето на родилната тежина. Кај децата со ниска родилна тежина, превенцијата треба да започне помеѓу првиот и вториот месец во животот;

– превенција на кариесот – ако детето е на природна исхрана, мајката зема една таблета флуор од 1 мг. Ако детето е на вештачка исхрана, тоа треба да прима 0,25 мг флуор од втората недела па се до крајот на втората година од животот.

1.5. Систематски прегледи на децата во втората и четвртата година од животот со задолжително мерење на телесна тежина и висина и проценка на исхранетоста, примена на профилактички дози ДЗ витамин и примена на прифилактички дози на флуор од 0,25 мг против кариесот – вкупно 66.000 систематски прегледи.

1.6. Систематски преглед пред упис на училиште со проценка на психофизичката способност за следење на настава – вкупно околу 35.000 прегледи.

1.7. Активна имунизација – со целосен опфат на подлежните според календарот за имунизација. Оваа мерка се спроведува според посебна Програма која се носи секоја година.

2. Патронажна дејност

2.1. Кај доенчињата, патронажната дејност обезбедува по 5 патронажни посети по доенче – вкупно 150.000 од кои 90.000 се во новороденечкиот период.

За децата со поголем ризик, односно оние кои подлежат на диспанзеризација се обезбедуваат поголем број на посети, како и совети во советувалиштата за деца.

2 2 Кај деца во втората година од животот по една патронажна посета или околу 33 000 посети

Патронажната дејност, без оглед од кој тип на организираност е, посебно внимание обрнува на обуката на мајките за правилна исхрана на доенчињата и малите деца, личната хигиена и хигиената во домаќинството, правилна примена на лекарства ординирани во детските диспанзери, примена на средства за ОРТ во случај на дијареални заболувања, сетови за третман на акутни и респираторни заболувања и други.

3. Здравствен надзор на предучилишните установи (детски јасли и градинки) преку подрачните диспанзери за деца

Здравствената заштита на децата во предучилишните установи (детски јасли и градинки) опфаќа: преглед пред упис во детска установа, систематски и контролни прегледи на децата и по потреба упатување на соодветен третман, здравствен надзор на животната и работната средина и исхрана на децата, здравствено воспитување со примена на соодветни здравствено-воспитни методи и средства за родителите, вработените и децата (лекари, психолози, педагози, социолози).

4. Здравствено–воспитни активности

4 1 Работа во мала група со мајки за следните содржини доење, правилна исхрана и нега и хигиенски начин на живеење.

Со оваа мерка ќе бидат опфатени сите мајки – породилки 14 300 (43% од сите родилки) во 3000 групи по 10 до 15 мајки

4 2 Демонстрации за доењето и исхрана на доенчиња со примена на методот на животна демонстрација, мотивирање и оспособување на мајката за правилна исхрана на доенчињата – вкупно 3 000 демонстрации.

4 3 Демонстрација за нега на новороденото, доенчето и малото дете со примена на методот на животна демонстрација – мотивирање и оспособување на мајките за правилна нега на детето – вкупно 3 000 демонстрации

4 4 Прикажување на здравствено-воспитни филмови со содржина за здравиот начин за живеење и заштита од заболување и подготвување на нови здравствено-воспитни содржини на радио, ТВ или посебни публикации

IV АКТИВНОСТИ НА ЗАВОДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИ И ДЕЦА

1 Стручно-методолошка помош во извршувањето на задачите кои произлегуваат од Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца во Република Македонија во 1998 година преку.

1 1 Посети на медицински единици на село и организирање на поливалентна патронажна служба во општините кои имаат стапка на смртност на доенчињата над просекот за Републиката – вкупно 100.

1 2 Посети на диспанзери за деца од 0-6 години – вкупно 50

При овие посети ќе се изготват плановите за работа, ќе биде проанализирана целосната превентивна работа, ќе се изврши увид во спроведувањето на медицинските доктрини од доменот на превентивната и куративната педијатрија и ќе се дадат предлози за подобрување на состојбата

1 3 Ќе изготви Предлог–Програма за унифицирање на работата и организацијата на патронажната служба во целата Република

2 Следење на здравствената состојба и заштитата на мајки и деца преку

2.1. Следење, обработка и анализа на податоците од виталната и здравствената статистика

Шифрирање на причините за смрт кај сите умрени доенчиња во Република Македонија.

2.2 Следење и анализа на податоците од систематските прегледи на деца од 0-6 години.

2 3 Прибирање на податоците и регистрација на децата попречени во развитокот врз основа на пријавите од страна на Комисиите за категоризација на деца, оформување регистри по категорија на оштетување.

По обработката и анализата на податоците од овие три задачи, како и податоците добиени од увидите на терен ќе бидат изготвени:

а) Информација за наодите од систематските прегледи на децата од 0-6 години.

Рок за изготвување: јули 1999 година.

б) Извештај за здравствената состојба и заштитата на децата во Република Македонија за 1997 година со предлог–мерки.

Рок за изготвување: септември 1998 година.

в) Информација за бројот, видот и степенот на оштетувањето кај децата во Република Македонија.

Рок за изготвување: септември 1999 година.

г) Програма за активна здравствена заштита на мајки и деца за 1999 година, во која ќе бидат застапени приоритетни проблеми од здравствената состојба и заштита на децата кои се евидентирани во примарната здравствена заштита.

Рок за изготвување· август 1998 година.

3. Едукација на едукаторите во примарната здравствена заштита преку која ќе бидат имплементирани меѓународните стандарди во областа на здравството кои произлегуваат од Конвенцијата за правата на детето, која е прифатена и од нашата Република, преку организација и учество на доктори специјалисти по гинекологија и акушерство, педијатрија и социјална медицина во организирање и одржување на:

3 1 Семинари за лекари кои обезбедуваат здравствена заштита на предучилишни деца (диспанзери за деца и медицински единици на село) – вкупно 4 регионални со теми од актуелните проблеми во здравствената заштита на мајките и децата.

3.2 Семинари за лекари кои работат во заштитата на училишните деца (диспанзери за училишни деца и младина и медицински единици на село) вкупно 4 регионални, со теми од актуелните проблеми во здравствената заштита на училишните деца).

3.3. Семинари за средномедицински работници, кои работат во заштитата на предучилишни деца (патронажни сестри, медицински сестри во советувалишта за деца и медицински единици на село) вкупно 3 регионални на тема. Промоција на доењето и правилна исхрана на доенчињата, Деца во семејството, Планирање на семејството и Основна едукација за здрав начин на живеење и унапредување на животната средина.

Во семинарите ќе бидат вклучени и странски експерти кои ќе ги пренесат искуствата од таа област.

3 4 Семинари за поливалентните патронажни работници на подрачјето на Скопје (вкупно 100 патронажни работници) вкупно 3 семинари.

4 Изготвување, печатење и дистрибуција на здравствено-воспитни материјали наменети за лица во репродуктивен период· Планирање на семејството – контрацепција (методи и средства за заштита од несакана бременост) и Доењето најдобар избор. Здравствено-воспитни материјали ќе бидат печатени во 66.000 примероци на македонски, албански и турски јазик.

5. Здравствено-воспитни предавања во средните училишта со теми: Планирање на семејството, СИДА и болестите на зависност, физиологија на пубертетот – вкупно 350 предавања.

6. Проекција на видео-касети со следните содржини: Физиологија на репродукција, алкохолизам, Болести на нечисти раце, Заразна жолтица, СИДА и заштита од неа, Методи и средства за контрацепција – вкупно 350.

7. Стручен надзор и помош во работата на лекарските тимови кои работат во диспанзерите за деца и медицинските единици на село – вкупно 10 надзори назначени од Министерството за здравство.

V. АКТИВНОСТИ НА МЕДИЦИНСКИТЕ ЦЕНТРИ (дел што припаѓа на здравствени домови) И ЗДРАВСТВЕНИТЕ ДОМОВИ

1. Водење на локален регистар со компјутерска евиденција и обработка на податоци и тоа:
– регистер за бремени жени,
– регистер за бројот на раѓањето во општината,
– регистер за перинатална и доенечка смртност,
– регистер за деца родени со ризик.

2. Ја информираат надлежната служба од Примарната здравствена заштита, на подрачјето за децата родени со ризик во предвидениот рок.

3. Обезбедуваат ефикасно функционирање на патронажните служби на територијата на општината,

4. Обезбедуваат ажурно и квалитетно пополнување и прибирање на утврдениот обем на податоци на унифицираните обрасци за потребите на локалните регистри, внесување на податоци во персоналните компјутери.

5. Обезбедуваат точна месечна евиденција за одобрените и извршените бесплатни прекини на бременоста кај жени, како и аплицирање на бесплатни интраутерини влошки.

6. Доставување на извештаи за видот и обемот на извршената здравствена заштита на жените и децата и здравствено-воспитната дејност до Министерството за здравство.

VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За реализација на програмските активности за заштита на мајките и децата за 1998 година, потребни се вкупно 106.609.000,00 денари и тоа:

Средства за медицински центри, здравствени домови и Завод за здравствена заштита на мајки и деца

Ред. бр.	Назив	Износ во денари
1	Компјутери персонални и печатари за регистри (3)	288.000,00
2.	Респиратори (4)	8.384.000,00
3.	Инкубатори (6)	12.576.000,00
4.	Семинари за планирање на семејството за лекари	630.000,00
5.	Семинари за планирање на семејството за сестри	630.000,00
6.	Печатење на мајчина книшка, акушерска историја и историја на новороденото	1.426.000,00
7.	Подготовки и печатење на пропаганден материјал	1.459.000,00
8.	Претплата за странски списанија	840.000,00
9.	Одржување на делови за хардвер и софтвер на персоналните компјутери	523.000,00
10.	Деца родени со ризик	3.000.000,00
11.	Третман на акутни респираторни заболувања	2.973.000,00
12.	Превенција на дијареални заболувања	2.776.000,00
13.	Изготвување, печатење и дистрибуција на пропаганден материјал како и превод на албански и турски јазик а) да го планираме семејството (66.000 x248,50 ден.) б) доење најдобар избор (66.000 x 25,00 ден.)	16.401.000,00 1.650.000,00
14.	Изготвување и печатење на нутритивна карта (32.000 x 25,00 ден.)	800.000,00
15.	Стручно-методолошка помош на медицинските единици на село и диспензерите за деца	595.000,00
16.	Семинари за лекари и семинари за средно медицински работници (6 регионални семинари)	1.914.000,00
17.	Компјутер и печатар за развојно советувалиште	1.271.000,00
18.	Микроскопи бинокуларни (4)	2.539.000,00
19.	Ризична и високоризична бременост (8.000 жени во РМ)	10.940.000,00
20.	Рхо-гам за 15.000 жени (Рх-негативни)	17.606.000,00
21.	Абортуси за жени (околу 3.500)	10.844.000,00
22.	Спирали за контрацепција за жени и девојки (3 000)	1.688.000,00
23.	Научно-истражувачка и студиско аналитичка дејност	4.856.000,00
	ВКУПНО:	106.609.000,00

Од Буџетот на Република Македонија ќе се искористат 12.160.000,00 денари, врз основа на доставени фактури за извршена работа, што изнесува 11,41% од вкупно потребните средства, а останатите финансиски средства ќе се обезбедат од Фондот за здравствено осигурување и други извори.

За спроведување на Програмата се грижи Министерството за здравство и по потреба поднесува Извештај до Владата на Република Македонија.

Оваа програма се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-821/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с. р.

477.

Врз основа на член 32, став 2 точка 9 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на РМ" бр. 38/91, 46/93 и 55/95), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 30.03.1998 година, донесе

ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА КРВОДАРИТЕЛСТВОТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1998 ГОДИНА

ВОВЕД

Крводарителството има нагласено општествено значење и претставува дејност од општ интерес за Републиката. Без потребните количества крв и крвни продукти не е можно да се обезбеди современа квалитетна и рационална здравствена заштита на населението.

Значењето на крводарителството и обезбедувањето на потребните количества на крв и крвни продукти повеќекратно се зголемува во вонредни услови Високиот степен на развиеност на крводарителството и резервите крв и крвни продукти ја зголемуваат ефикасноста на здравствената служба и во однос на одбрамбената способност на Републиката

Крводарителството ги развива особините на хуманитарност и солидарност и има воспитно значење кај граѓаните, а особено кај младината Република Македонија како демократска и социјална држава го обезбедува правото на здравствена заштита на сите свои граѓани За остварување на ова право во Републиката треба да се обезбедат оптимални количества крв и крвни продукти во секое време и за секој граѓанин кој има потреба од лекување со неа.

Потребите од крв и крвни продукти се обезбедуваат со постојаниот развој на крводарителството За таа цел, Републиката го утврдува значењето, поставеноста и принципите на крводарителството и ги обезбедува административните, организационите и финансиските услови за развој на оваа дејност

1. Принципи на развој на крводарителството

Дарувањето крв е право и обврска на граѓаните, што произлегува од одредбите на Законот за здравствена заштита, при што граѓаните имаат право на здравствена заштита вклучувајќи го и лекувањето со крв и крвни продукти.

Обврската за дарување крв на секој граѓанин произлегува од неговото неприкосновено право во одредени услови да користи здравствена заштита со крв и крвни продукти, за кои здравиот човек е единствениот извор на снабдување.

Оттука произлегува и потребата крводарителството во Републиката да се темели на принципите на доброволност, солидарност и бесплатност Принципот на доброволност се однесува само на граѓанинот како поединец, бидејќи тој по сопствена волја и без присила се определува согласно со своите хумани чувства и свест за помагање на болните односно повредените.

За определбата за дарување крв е потребен висок степен на мотивираност која може да се обезбеди само со правилна и насочена здравствено-воспитна и мотивациска активност во рамките на едно организирано општество Единствената награда на граѓанинот кој дарува крв е чувството дека му помогнал или спасил живот на некој сограѓанин. Истовремено, тоа кај дарителот предизвикува и сигурност дека и нему ќе му биде помогнато во случај на потреба

Крводарителот за дадената крв не добива никаков финансиски надомест Во исто време, Црвениот крст и трансфузиолошката служба не смеат да остваруваат никаква добивка освен надомест за реалните трошоци.

Со самото дарување на крв крводарителот изразува највисок степен на солидарност со сите оние на кои таа им е потребна без оглед на возраст, пол, раса, боја, национална или верска припадност

Со придржување кон спомнатите принципи, Република Македонија ги исполнува сите поставени услови од страна на Светската здравствена организација и Меѓународната федерација на Друштвата на Црвениот крст и Црвената полумесечина.

2. Потреби од крв

Минималните годишни потреби од крв и крвни продукти во Република Македонија се одредуваат според критериумот 3% од вкупното население Согласно овој критериум, во тековната 1998 година во Република Македонија се планира обезбедување 60 000 крводарувања и тоа по распоредот што е изготвен од надлежните учесници во Програмата.

Организирањето и подготовката на крводарителската акција опфаќа:

– планирање на крводарителска акција во одредена средина,

– утврдување на термин за нејзино изведување, во договор со домаќинот,

– редовно контакти и посети во средината во која се планира да се изведе акцијата,

– реализација на анкети, предавања, дистрибуција на пропагандни материјали и др.

– договор со работоводни и други органи за обезбедување на погоден простор и услови за оптимално изведување на акцијата,

– доставување на информативно пропаганден материјал, објавување на акцијата,

– организирање на мотивациски предавања,

– анкетирање и изготвување на списоци на потенцијални дарители на крв,

– учество на волонтери на самата акција за прифаќање на крводарителите,

– евидентирање на крводарителската акција на посебни формулари,

– учество во работата на комисиите за крводарителство на разни нивоа,

– организирање на вонредни акции, особено во случај на недостиг на крв,

– редовно информирање за сите крводарителски акции преку средствата за јавно информирање.

За болните и повредените од внатрешноста кои се лекуваат во Клиничкиот центар – Скопје и за резерви, секоја од општините е должна 30% од планираните количини крв да ја упати во Републичкиот завод за трансфузиологија.

3. Норми, права и обврски на крводарителите

Согласно принципите на Светската здравствена организација и етичкиот кодекс на Меѓународната федерација на Друштвата на Црвениот крст и Црвената полумесечина, како и нашата досегашна регулатива и искуство, се утврдуваат следните норми, права и обврски на крводарителите:

– крводарител во Република Македонија може да биде секој човек, без оглед на пол, раса, боја, национална или верска припадност,

– на потенцијалните дарители не смее да се врши притисок за дарување крв,

– кон крводарителите треба да се негува љубезен и коректен однос,

– крводарителите имаат етичка одговорност кон здравствената служба и примателите на нивната крв по однос на давање реални податоци за прележана болест и моменталната здравствена состојба,

– општествена и морална обврска на секој граѓанин барем еднаш во текот на својот живот да биде крводарител,

– крводарителите треба да бидат здрави граѓани меѓу 18 до 65 годишна возраст,

– бројот на крводарувањата во текот на една година се ограничува на четирипати за мажи и трипати за жени,

– при дарувањето на крвна плазма или крвни клетки – до дванаесет пати годишно,

– крв може да се дарува само со претходен лекарски, лабораториски преглед, согласно со претходно утврдени медицински критериуми,

– податоците за крводарителот се третираат како професионална тајна вклучувајќи ги и лабораториските резултати,

– на крводарителите им се гарантира дека нивната крв ќе биде употребена само како лек за болните или повредените без надомест,

– крводарителите имаат право на благодарници и други пишувани признанија,
– крводарителите добиваат симболични подароци со знак на Македонскиот црвен крст или крводарителски белези и пораки,
– крводарителите добиваат крводарителска книшка, а по потреба сертификати од лабораториските резултати без паричен или друг вид на надоместок како потврда за дарување на крв,
– крводарителите што дарувале крв над 10 пати се ослободуваат од партиципација при користењето на определени видови здравствена заштита што е регулирано со прописите за здравствената заштита,
– крводарителите имаат право на еден слободен ден од работа и настава за секое дарување крв, како и за секои три дарувања на крвна плазма или крвни клетки,
– за дарителите кои не остварile надомест на платата во организацијата во која се вработени, за отсуството од работата поради доброволно дарување крв, може да бара тоа право да го оствари на товар на средствата на Фондот за здравствено осигурување.

4. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ПРОГРАМАТА

4.1. Министерство за здравство:

– Предлага Програма за крводарителство во Република Македонија и ја доставува до Владата на Република Македонија,
– Утврдува потреби на државата од крв, крвни продукти и резерви,
– Утврдува обврски и задачи на учесниците во Програмата,
– Утврдува конкретни мерки и услови за реализација на Програмата,
– Утврдува, предлага и донесува прописи за крводарителството, за статусот на крводарителите, за земање, чување, преработка, промет и употреба на крв, крвни продукти и крвни деривати,
– Утврдува услови за работа на оваа дејност во мирновременски и вонредни услови,
– Утврдува хигиено-технички мерки во работењето,
– Врши стручен надзор над работата на учесниците во Програмата и утврдува мерки,
– Ги следи постигнатите резултати во крводарителството и интервенира во случај на потреба,
– Утврдува извори и начини на финансирање на Програмата,
– Предлага државни признанија и одликувања на крводарители, хуманисти и донатори.

4.2. Македонски црвен крст,

во областа на крводарителството ги врши следните задачи:
– Континуирана здравствено-воспитна и мотивациска работа кај населението,
– Непосредна подготовка на крводарителските акции во сите средини,
– Изготвување на информативно-пропаганден материјал,
– Евиденција на крводарителските акции и изготвување на периодични и годишни извештаи за работа што ги доставува до Владата на Република Македонија преку Министерството за здравство,
– Доделување на признанија на крводарителите.

4.3. Републички завод за трансфузиологија и трансфузиолошките служби во Република Македонија ги вршат следните задачи:

– Планирање на потребите за крв и крвни продукти за населението во Република Македонија,
– Прибирање, контрола, преработка, чување и дистрибуција на крв и крвни продукти,
– Изработка на крвни продукти и нивна дистрибуција,
– Здравствена контрола и евиденција на крводарителите,
– Изготвување месечен, периодичен и годишен извештај за реализација на Програмата за крводарителство,
– Учество во здравствено-воспитната, мотивациската и истражувачката работа за унапредување и развој на крводарителството.

4.4. Заеднички активности на македонскиот Црвен крст и Републичкиот завод за трансфузиологија:

– Утврдување стандарди на кадровски, просторни услови и опременост на учесниците во Програмата,
– Планирање и програмирање на крводарителски акции како и изготвување на годишни програми, планови и извештаи за реализација на Програмата за крводарителство,
– Евалуација на постигнатите резултати како и предлози за измени и дополнување на Програмата за унапредување на крводарителството согласно новонастанатата состојба и потреби од крв и крвни продукти,
– Подготовки за предавања во определени средини (училишта, факултети, претпријатија и др.),
– Следење на позитивните искуства од државни или приватни институции, здруженија и др., од други земји и постојано осовременување на промотивните материјали и др.

5. Соработка

Учесниците во Програмата треба да обезбедат меѓусебна соработка, внатрешна поддршка од здравствените организации и нивните здруженија во Републиката, други хуманитарни организации, фондации, спонзори и здруженија кои можат да дадат придонес во крводарителството, средствата за јавно информирање, верските заедници и други институции.

Надворешна поддршка од Меѓународната федерација на Црвениот крст и Црвената полумесечина, Светската здравствена организација, Советот на Европа – Оддел за крводарителство и други меѓународни организации и фондации.

6. Финансирање на програмата

За спроведување на мерките и активностите за организирање и унапредување на крводарителството во Република Македонија за обезбедување на крв, организирање крводарителски акции и пропаганден материјал за 1998 година потребни се вкупно 25.681.000,00 денари и тоа:

6.1. Организирање и подготвување на крводарителски акции

	Единечна цена	Износ во денари
а) За планирани 60.000 крводарувања	151,00	9.060.000,00

6.2. Изготвување на здравствено-воспитни, пропагандни материјали и мотивациски средства за крводарителите

а) изготвување на здравствено-воспитни и пропагандни материјали:

Ред. бр.		Количина	Единечна цена	Износ во денари
1.	Плакат за повик	20.000	21,00	420.000,00
2.	Плакат за 17-ти Март	1.500	21,00	31.500,00
3.	Леток	200.000	3,00	600.000,00
4.	Агитка	100.000	5,00	500.000,00
5.	Евидентни листи за акции	14.000	3,00	42.000,00
6.	Анкетни листи	100.000	3,00	300.000,00
7.	Налепници	10.000	60.000	60.000,00
8.	Знаменца од хартија	10.000	4,00	40.000
9.	Картони за евиденција	60.000	4,00	240.000
10.	Подготвување на матер. на јазиците на народностите			157.500,00
11.	Одбележување на Денот на крводарителството			105.000,00
	ВКУПНО			2.496.000,00

б) мотивациски средства

Ред. бр.		Количина	Единечна цена	Износ во денари
1	Значка за прво дарување	5 000	26,00	130.000,00
2.	Значка за 5-то дарување	5 000	26,00	130.000,00
3.	Значка за 10-то дарување	2.000	31,00	62.000,00
4.	Значка за 25-то дарување	1.000	31,00	31.000,00
5.	Плакета за 50-то дарување	200	840,00	168 000,00
6.	Плакета за 75-то дарување	50	840,00	42.000,00
7	Плакета за 100-то дарување	25	840,00	21.000,00
8.	За организатори на акции, претприј. кои постигнале добри резултати	200	210,00	42.000,00
9.	За најдоб. организ и поединци по повод 17-ти Март	200	21,00	4 200,00
10	За општини со исполнет годишен план	15	2 100,00	31.500,00
11.	Атести за соодветните знаци на признанија	13 690	21,00	287.400,00
	ВКУПНО:			949.100,00

в) симболични подароци за крводарителите

Ред. бр		Количина	Единечна цена	Износ во денари
1.	Подарок при секое крвод.	60.000	208,00	12.480.000,00
2.	Календари	60.000	6,00	360.000,00
	ВКУПНО:			12.840.000,00

6.3. Организирање на едукативни форми

Ред бр.		Износ во денари
1.	Два семинари и темат. конфер.	240.000,00
2	Регионални состаноци (неразв. општини)	95.900,00
	ВКУПНО.	335.900,00
	ВКУПНО потребни средства за реализација на Програмата	25.681.000,00

Од Буџетот на Република Македонија ќе се искористат 4.040.000,00 денари врз основа на доставени фактури за извршена работа, што изнесува 15,74% од вкупно потребните средства, а останатите финансиски средства ќе се обезбедат од Фондот за здравствено осигурување и други извори.

Оваа програма се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-820/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

478.

Врз основа на член 32, став 2 точка 9 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на РМ" бр. 38/91, 46/93 и 55/95), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 30.03.1998 година, донесе

ПРОГРАМА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНА ИМУНИЗАЦИЈА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1998 ГОДИНА

Задолжителна имунизација се спроведува континуирано и по епидемиолошка индикација.

I. Континуирано се спроведува против: туберкулоза (Tuberculosis), дифтерија (Diphtheria), голема кашлица (Pertussis), тетанус (Tetanus), детска парализа (Poliomyelitis acuta), мали сипаници (Morbilli), заушки (Parotitis), црвенка (Rubeola), за сите лица од определена возраст, според оваа програма.

II. По епидемиолошка индикација се спроведува против: мали сипаници (Morbilli), туберкулоза (Tuberculosis), беснило (Lyssa), жолта треска (Febris Flava), колера (Cholera), цревен тифус (Typhus abdominalis), тетанус (Tetanus), вирусна жолтица (Hepatitis B), и детска парализа (Poliomyelitis acuta).

Задолжителна имунизација против заразните болести од точките I и II се спроведува согласно прописите за условите и начинот на вршење задолжителна имунизација, серопрофилакса и хемиопрофилакса против заразните болести и за лицата кои подлежат на таа обврска.

I. КОНТИНУИРАНА ИМУНИЗАЦИЈА

Имунизација против туберкулоза:

А. Вакцинирање се врши:

1. на сите деца без тестирање до крајот на првата година од животот.

2. на сите деца од навршена прва година до навршена тринаесетгодишна возраст со претходно тестирање, кои примарно не се вакцинирани, ако не реагираат на туберкулин, или кај кои реакцијата на туберкулин во пречник е помала од 6 мм.

Б. Ревакцинирање се врши:

1) на сите деца во седумгодишна возраст, односно во прво одделение на основното училиште со претходно тестирање

2) на сите младинци од четиринаесетгодишна возраст, односно во завршното одделение на основното училиште со претходно тестирање.

Имунизација против дифтерија, тетанус и голема кашлица

А. Вакцинирање се врши:

1) на сите деца родени од 01.10.1997 година до 30.09.1998 година, на возраст определена со календарот за имунизација.

2) на сите деца до навршена петгодишна возраст, кои дотогаш не се уредно вакцинирани, а не прележале голема кашлица.

Б. Ревакцинирање се врши:

1) на сите деца комплетно вакцинирани во 1997 година против дифтерија, тетанус и голема кашлица, на возраст определена со календарот за имунизација.

2) на сите деца комплетно вакцинирани до петгодишна возраст, ако од вакцинацијата поминало најмалку една година, а не повеќе од две години.

3) на сите деца на четиригодишна возраст, против голема кашлица ако претходно биле вакцинирани и ревакцинирани, според календарот за имунизација со една доза на дифтерија, тетанус и пертусис вакцина.

Имунизација против дифтерија и тетанус

А. Вакцинирање се врши:

1) на сите деца до петгодишна возраст кои не се вакцинирани, а ја прележале големата кашлица.

2) на сите деца родени од 1984 година наваму, кои не биле уредно вакцинирани против дифтерија и тетанус.

Б. Ревакцинирање се врши:

1) на сите деца на седумгодишна возраст, односно прво одделение на основното училиште и четиринаесетгодишна возраст, односно завршното одделение на основното училиште, кои порано уредно се вакцинирани и ревакцинирани против дифтерија и тетанус според календарот за имунизација.

2) на сите деца до четиринаесетгодишна возраст вакцинирани прв пат во 1997 година против дифтерија и тетанус, ако од вакцинирањето поминало една година.

Имунизацијата на деца постари од седумгодишна возраст се врши со посебна Ди-Те вакцина (pro adultis).

Имунизација против тетанус

А. Вакцинирањето се врши:

На сите младинци од навршена четиринаесетгодишна возраст до навршена осумнаесетгодишна возраст, кои порано не биле вакцинирани против тетанус.

Б. Ревакцинирање се врши:

1) на сите лица на осумнаесетгодишна возраст, односно завршната година на средно образование, кои претходно биле вакцинирани и ревакцинирани против тетанус со вакцина Ди–Те–Пер, односно Ди–Те или Те.

2. на сите младинци на четиринаесетгодишна возраст односно до осумнаесетгодишна возрст кои во 1997 година за првпат биле вакцинирани против тетанус, ако од вакцинирањето поминало една година.

Имунизација против детска парализа

А. Вакцинирање се врши:

1) на сите деца родени од 01.10.1997 година до 30.09. 1998 година, според календарот за имунизација.

2) на сите деца родени од 01.01.1984 година до 20.09.1997 година кои порано не биле вакцинирани.

Б. Ревакцинирање се врши:

1) на сите деца комплетно вакцинирани во 1997 година, ако од вакцинирањето поминало една година.

2) на сите деца на седумгодишна возраст, односно во првото одделение на основното училиште и на четиринаесетгодишна возраст, односно во завршното одделение на основното училиште.

Имунизација против мали сипаници

А. Вакцинирање се врши:

На сите деца од навршени дванаесет месеци до навршена четиринаесетгодишна возраст кои не прележале мали сипаници. По правило вакцинацијата мора да се изврши најдоцна до наполнета осумнаесетмесечна возраст.

Вакцинацијата се врши истовремено со вакцинирањето против заушки и рубеола со давање комбинирана вакцина – против мали сипаници, заушки и рубеола (М.Р.П.)

Б. Ревакцинирање се врши:

На сите деца на седумгодишна возраст, односно во првото одделение на основното училиште (во почетокот на учебната година), а најдоцна до крајот на месец октомври, со вакцина М.Р.П.

Имунизација против заушки

А. Вакцинирање се врши:

На сите деца од навршена дванаесетмесечна возраст до навршена седумгодишна возраст и тоа со еднократно вакцинирање.

Вакцинирањето се врши по правило истовремено со вакцинирање против мали сипаници и рубеола со давање на комбинирана вакцина (М.Р.П.).

Б. Ревакцинирање се врши:

На сите деца на седумгодишна возраст, односно во прво одделение (во почеток на учебната година), а најдоцна до крајот на месец октомври со вакцина М.Р.П.

Имунизација против рубеола

А. Вакцинирање се врши:

На сите деца од навршена дванаесетмесечна возраст до навршена четиринаесетгодишна возраст со еднократно вакцинирање.

Вакцинирањето се врши по правило истовремено со вакцинирањето против мали сипаници, заушки и рубеола со давање на комбинирана вакцина – М.Р.П.

Б. Ревакцинирање се врши:

На сите деца на седумгодишна возраст, односно во прво одделение (во почеток на учебната година), а најдоцна до крајот на месец октомври со вакцина М.Р.П. и на четиринаесетгодишна возраст на сите деца од женски пол, односно во осмото одделение на основното училиште со вакцина против рубеола.

Имунизација против определените заразни болести со оваа програма се врши по следниот:

КАЛЕНДАР НА ИМУНИЗАЦИЈА

Возраст на лица што подлежат на имунизација	Болест против која се врши имунизација	Вакцинација Ревакцинација
до 1 година	Туберкулоза (без тестирање)	вакцинирање
4,5 и 6 м.	Дифтерија, тетанус, пертусис (3 дози)	вакцинирање
4,5 1/2 и 7м.	Детска парализа (3 дози тритипна вакцина)	вакцинирање
13 месеци	Мали сипаници, заушки и рубеола (една доза на МРП)	вакцинирање

18 месеци	Дифтерија, тетанус, пертусис (1 доза)	I. ревакцинирање
20 месеци	Детска парализа (1 доза)	I. ревакцинирање
4 години	Пертусис (1 доза на дифтерија, тетанус, пертусис)	II. ревакцинирање
7 години (I одд.)	Мали сипаници, рубеола и заушки (1 доза на МРП)	I. ревакцинирање
	Туберкулоза (со тестирање)	I. ревакцинирање
	Детска парализа (1 доза)	II. ревакцинирање
	Дифтерија, тетанус (1 доза)	II. ревакцинирање
14 години	Туберкулоза (со тестирање)	II. ревакцинирање
(VIII одд.)	Рубеола (само женски деца-1 доза)	I. ревакцинирање
	Детска парализа (1 доза)	III. ревакцинирање
	Дифтерија, тетанус (1 доза)	III. ревакцинирање
18 години*	Тетанус (1 доза)	IV. ревакцинирање

II. ИМУНИЗАЦИЈА ПО ЕПИДЕМИОЛОШКА ИНДИКАЦИЈА

1. На задолжителна имунизација против **мали сипаници** ако постои епидемиолошка индикација подлежат деца од наполнети шест до дванаесет месеци, со тоа што тие деца треба повторно задолжително да се вакцинираат по наполнета петнаесетмесечна возраст, а најдоцна до наполнета двегодишна возраст.

На имунизација против мали сипаници подлежат и деца од наполнета осумнаесетмесечна возраст до наполнета четиринаесетгодишна возраст што се вакцинирани против мали сипаници, ако за тоа постојат епидемиолошки индикации (заболувања на вакцинираните, или епидемијата на мали сипаници кај деца од таа возраст). На предлог од Републичкиот завод за здравствена заштита индикации за вакцинација утврдува Министерството за здравство, ако од претходното вакцинирање против мали сипаници поминало повеќе од една година.

2. На задолжителна имунизација против **туберкулоза** подлежат лица до дваесетипетгодишна возраст кои се посебно изложени на туберкулозна инфекција (контакти во семејството со заболени од туберкулоза и лица кои почнуваат со работа во здравствени организации што се занимаваат со дијагностика и лекување на туберкулозата или во породилиште и детски предучилишни установи).

3. На задолжителна имунизација против **тетанус** во случај на повреда подлежат сите лица над осумнаесетгодишна возраст, ако дотогаш против тетанус не се имунизирани, или комплетно не се имунизирани, или немаат доказ за имунизирањето, или поминале повеќе од десет години од последната имунизација, односно ревакцинација. Имунизацијата се врши со давање на две дози вакцина во растојание од еден до три месеци.

Серопрофилакса против тетанус е задолжителна за сите повредени лица што не се имунизирани против тетанус, за лица за кои нема докази дека се имунизирани, ако лицето е вакцинирано само со една доза на вакцина во период подолг од три месеци пред денот на повредата и ако од последната имунизација односно ревакцинација изминале повеќе од десет години.

Серопрофилакса против тетаус се врши веднаш по утврдувањето на индикацијата со давање на првата доза вакцина против тетанус.

Серопрофилакса против тетанус се врши така што, на повреденото лице му се дава соодветна доза хуман антитетанусен имуноглобулин, или антитетанусен серум.

4. На задолжителна имунизација против **беснило** подлежат сите лица изложени на инфекција со вирусот на беснило:

1) лице што го каснало или на друг начин го повредило бесно или на беснило сомнително диво или домашно животно;

2) лице што го каснало или на друг начин го ранило бесно или на беснило сомнително животно кое не може да се подложи на десетдневна ветеринарска контрола;

3) лице што го каснало бесно или на беснило сомнително животно, кое животно во рок од десет дена од повредувањето на лицето, ќе покаже знаци на беснило, ќе пцовиса, ќе биде убиено или ќе отскита;

4) лице што можело да се зарази со вирус на беснило преку лигавица или оштетена кожа.

Имунизација против беснило е задолжителна и се врши со интрамускуларно давање на вакцина против беснило произведена од култура на ќелии од 2,5 и.е. по доза и тоа веднаш по утврдувањето на индикацијата, нулевиот – истиот ден со две дози, а 7-от и 21-от ден со по една доза вакцина.

Истовремено со имунизација против беснило се врши имунизација односно ревакцинација против тетанус, во согласност со прописите.

5) на предекспозициона имунизација против беснило подлежат и лицата што се професионално загрозени од инфекција со вирус на беснило, како што се: лабораториски работници, ветеринарски хигиеничари, ветеринари, ловочувари, препаратори. Имунизацијата се врши со давање на три дози вакцина 7-от и 30-от ден. Имунитетот се одржува со давање на една доза вакцина на секои три години.

6) на лицата што се комплетно предекспозиционо или постекспозиционо имунизирани против беснило, во случај на повторно повредување им се даваат три дози вакцина против беснило ако од имунизацијата изминале до три години, без серопрофилакса и тоа нулевиот-истиот ден, 3-от и 7-от ден. Ако изминале повеќе од три години се врши потполна имунизација, при истовремена примена на серопрофилакса.

Серопрофилаксата против беснило е задолжителна за сите лица изложени на инфекција со вирусот на беснило заклучно со точка 4. Серопрофилаксата се врши веднаш по утврдувањето на индикацијата со давање на првите две дози вакцина против беснило.

Серопрофилакса против беснило се врши со давање на повреденото лице 20 и.е. хуман антирабичен имуноглобулин (HRIG) на 1 кг телесна тежина.

5. На задолжителна имунизација против **жолта треска** подлежат лица што патуваат во земја во која постои таа болест, или која бара имунизација против таа болест, а се врши со давање на една доза вакцина најдоцна десет дена пред доаѓањето во ендемското подрачје. Имунизацијата повторно се врши по десет години.

6. На задолжителна имунизација против **колера** подлежат лица што патуваат во земји во кои се бара имунизација против таа болест, а се врши со давање на две дози вакцина во растојание од најмалку осум дена. Имунизацијата повторно се врши по шест месеци.

7. На задолжителна имунизација против **цревен тифус** подлежат:

1) лица вработени за одржување на комуналната хигиена;

2) лица што живеат во исто домаќинство со бацилоносители на цревен тифус;

---

* или во завршната година на средното образование

3) лица според епидемиолошки индикации за кои на предлог на Републички завод за здравствена заштита, Министерството за здравство утврдува вакцинација.

Имунизација против црвен тифус се врши со давање на две дози вакцина во растојание кое не смее да биде пократко од петнаесет дена, ниту подолго од три месеци, а ревакцинацијата се врши со давање на една доза вакцина.

Ревакцинација на лицата што подлежат на задолжителна имунизација против црвен тифрус се врши по истекот на една година од денот на имунизацијата, а се повторува секои три години, се додека тие лица се вработени на определени работи, односно се додека постојат епидемиолошки индикации.

8. На задолжителна имунизација против **дифтерија** подлежат лица кои патуваат во подрачја зафатени со епидемија од дифтерија и во високо ризични подрачја и тоа:

1) лица кои не се вакцинирани односно ревакцинирани против ова заболување;

2) лица кои немаат документација за извршена имунизација;

3) лица на кои од имунизацијата односно ревакцинацијата поминало десет и повеќе години.

Имунизацијата по точка 1 и 2 се врши со две дози вакцина на Ди-Те про адултис, а лицата од точката 3 се имунизират со една доза на Ди-Те про адултис.

Имунизацијата на лицата треба да се изврши најмалку 30 дена пред заминување во подрачја зафатени со епидемија од дифтерија и во високо ризични подрачја.

Ако дифтеријата се појави во епидемиска форма на задолжителна имунизација против дифтерија подлежат и лицата постари од четиринаесет годишна возраст, кои можат да бидат изложени на опасност од заразата.

Лицата на земји за кои е задолжителна имунизација против дефтерија ја објавува Министерството за здравство.

9. Имунизација против **хепатитис Б.**

Имунизација против хепатитис Б се врши со вакцинирање и ревакцинирање со вакцина против хепатитис Б, произведена со метода на генетски инжинеринг.

Имунизацијата против хепатитис Б се врши во текот на целата година. На имунизација против хепатитис Б подлежат сите лица изложени на зараза:

А. Здравствените и други работници кои при својата секојдневна работа се изложени на опасност од вирусот на хепатитис Б, при што приоритет на вакцинирање имаат лица кои работат во:

1) Центрите за дијализа;

2) Институтите за патологија и судска медицина кои имаат непосреден допир со крв, трупови и излачевини;

3) Лабораториите кои работат со крв;

4) Единиците за трансфузиологија;

5) Хематолошки одделенија;

6) Стоматолошки одделенија;

7) Гастроентеро-хепатолошки одделенија;

8) Хируршки, кардиолошки и гинеколошко-акушерски одделенија;

9) Офталомошки одделенија;

10) Оториноларинголошки одделенија;

11) Одделенија за интензивна нега;

12) Одделенија за заразни болести;

13) Одделенија за детски болести;

14) Заводи за ментално ретардирани лица;

15) Служби за итна медицинска помош.

Б. Покрај лицата наведени под А, на задолжителна имунизација против вирусен хепатитис Б подлежат:

1) новороденчиња од $ХВ_sА_g$ позитивни мајки;

2) студенти по медицина и стоматологија, пред запишување на петти семестар;

3) Ученици во средно-медицински училишта изложени на опасност од зараза со вирусот на хепатитис Б;

4) болни на хемодијализа;

5) полови партнери на $НВ_sА_g$ позитивни лица;

6) штитеници на заводи за ментално ретардирани;

7) интравенски наркомани;

8) хемофиличари.

Задолжителна имунизација против вирусен хепатитис Б се врши по претходно испитување на присуство на маркери на хепатитис Б ($НВ_sА_g$, Anti $НВ_s$, Anti Hbc).

На задолжителна имунизација не подлежат лица кај кои е утврдено присуство на маркери на хепатитис Б ($НВ_sА_g$, Anti $НВ_s$, Anti $НВ_c$).

Имунизација против хепатитис Б се спроведува без претходно испитување на новороденчињата, студентите на медицина и стоматологија и учениците од средно медицинските училишта.

Ревакцинацијата се врши со давање на една доза вакцина на секои пет години се додека траат епидемиолошките индикации.

На серопрофилакса подлежат новороденчиња на $НВ_sА_g$ позитивни мајки и лица кои имале акцидент со инфективен материјал, веднаш по утврдената индикација, со истовремено отпочнување на вакцинацијата против хепатитис Б.

10. Имунизација против детска парализа

1) на задолжителна имунизација против детска парализа подлежат лица согласно епидемиолошките индикации.

2) имунизацијата се спроведува со жива орална полио вакцина, освен за лицата за кои постои индикација за давање на мртва полио вакцина.

3) имунизацијата ја спроведуваат соодветните здравствени организации во Републиката.

4) имунизацијата ќе се спроведува во време, возраст и на утврден начин согласно упатството кое ќе го изготви Републички завод за здравствена заштита – Скопје.

III. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За реализација на мерките и активностите предвидени со Програмата за задолжителна имунизација на населението за 1998 година потребни се вкупно 219.479.000,00 денари и тоа:

Ред. бр.	Назив	Износ во ден.
1.	Материјални трошоци за набавка на потребните количини и видови на вакцини за спроведување на континуираната имунизација	16.147.000,00
2.	Материјални трошоци за набавка на потребните количини и видови на вакцини по епидемиолошки индикации	60.708.000,00
3.	Материјални трошоци за извршени лекарски прегледи на 773.828 x 112,00 ден.	86.669.000,00
4.	Материјални трошоци за набавка на 562.784 шприцеви x 45,00 ден.	25.325.000,00
5.	Материјални трошоци за набавка на 562.784 игли x 14,00 ден.	7.879.000,00
6.	Материјални трошоци за спроведување на имунизацијата во селските пунктови	22.751.000,00
	ВКУПНО:	219.479.000,00

Од Буџетот на Република Македонија ќе се искористат 21.120.000,00 денари врз основа на доставени фактури за извршена работа, што изнесува 9,63% од вкупно потребните средства, а останатите финансиски средства ќе се обезбедат од Фондот за здравствено осигурување и други извори.

Оваа програма се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-822/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

479.

Врз основа на член 32, став 2 точка 9 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на РМ" бр 38/91, 46/93 и 55/95), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 30 03.1998 година, донесе

ПРОГРАМА ЗА ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ТУБЕРКУЛОЗАТА КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1998 ГОДИНА

ВОВЕД

Светската здравствена организација туберкулозата ја прогласи за глобален светски проблем воочувајќи пораст на болните во целиот свет како во земјите во развој така и во развиените земји. Основа на досегашната и натамошната борба против туберкулозата остануваат Националните програми за борба против туберкулозата кои во себе ги вклучуваат следните превентивни методи·

– имунизација против туберкулозата со Бе Се Же вакцина,
– хемиопрофилакса на заразените лица со бацилот на туберкулозата,
– здравствени прегледи на лицата со инактивна туберкулоза,
– прегледи на лицата во контакт со туберкулозно болни, и
– радиофотографија како депистажна метода за рано откривање на туберкулозата на белите дробови и другите неспецифични белодробни заболувања, како што е ракот на белите дробови, професионалните и непрофесионалните пневмокониози и др

I МЕРКИ

1 Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза на Република Македонија со цел на рано откривање на болните од туберкулоза и другите неспецифични белодробни заболувања и останатите градни заболувања, ќе врши систематски - селективни радиофотографски прегледи на лица над 18 годишна возраст во Република Македонија во следните градови

Ред бр	Градови	Број на прегледи
1.	Скопје (Гази Баба и Чаир	45.700
2	Гевгелија	20.000
3	Неготино	10 000
4	Кавадарци	20.000
5	Крива Паланка	12.000
6	Кратово	7 000
7	Прилеп	34.000
	ВКУПНО	148 700

Подрачните единици на Министерството за правда во Република Македонија со градоначалниците од општините според новата територијална поделба на Република Македонија ги обезбедуваат списоците на граѓаните и заедно со Институтот ги дистрибуираат поканите по домаќинствата.

По извршеното радиофотографско снимање филмовите перманентно се развиваат во рентген лабораторијата на Институтот и сите сомнителни заболувања од туберкулоза и другите белодробни заболувања се дообработуваат и тоа·

– клинички, лабораториски и рентгенолошки
– по завршеното снимање на дообработката се изготвува анализа на наодите, а болните се упатуваат на диспанзерско, односно болничко лекување

2 Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза на Република Македонија врши стручен надзор над работата на диспанзерите за белодробни заболувања и туберкулоза и болниците односно одделенијата за лекување на пневмофтизиолошки болни при медицинските центри и здравствените домови на Републиката, над здравствените работници вработени во нив како и другите здравствени служби што се занимаваат со борба против туберкулозата на подрачјето на Републиката.

Целта на вршење на стручниот надзор и пружање на стручно методолошката помош е да се обезбеди подобрување на работата на пневмофтизиолошките диспанзери и стационари во над 30 здравствени установи.

Со стручниот надзор се опфаќа организацијата на работењето, обемот и квалитетот на стручната работа, спроведувањето на превентивните мерки, воведеноста и водењето на медицинската документација што е пропишана. За извршениот надзор се составува записник за најдената состојба и предлог мерки за отстранување на пропустите Врз основа на извршениот надзор над работата на здравствените установи и здравствените работници се изготвува годишен извештај.

3 Вршење контрола и евалуација на извршената Бе Се Же имунизација во Република Македонија при што:
– се изготвува ориентационен план за бројот на лицата кои подлежат на Бе-Се-Же имунизација.
– се врши директен увид над извршувањето на Бе-Се-Же имунизацијата. Вкупно ќе се опфатат околу 10.000 деца со преглед за успешноста на Бе-Се-Же имунизација во следните градови· Скопје (Карпош), Струга, Демир Хисар, Дебар, Кичево, Тетово и Гостивар

4 Водење на Регистер на лица овластени за извршување на Бе-Се-Же имунизација и организирање и примена на единствена техника на БеСеЖе имунизација и тестирање, по пат на семинари. Ќе се одржат најмалку два семинари со 40-50 вакцинатори.

На истите ќе им биде поделен цертификат и легитимација за оспособеност за имунизација.

5. Согледувајќи ја можноста за истовремена појава на туберкулозата и СИДА-та во план е продолжување на тестирање на сите заболени од туберкулоза на присуство на ХИВ вирус. За истото потребно е засилување на хигиено-техничките мерки на заштита на вработените кои доаѓаат во контакт со овие заболени. Особено ова се однесува за средно медицинскиот кадар.

II ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За реализација на превентивните мерки за спречување на туберкулозата содржани во Програмата за 1998 година, потребни се вкупно 43.425.000,00 денари и тоа:

Ред бр.	Назив	Износ во денари
1.	Материјални трошоци при радиофотографски прегледи заедно со покани за домаќинствата на 148.700 лица x 267,00 денари	39.703.000,00
2	Материјални трошоци за радиофотографски филмови 372 кутии (70 мм x 45 м) x 3.424,00 ден.	1.274.000,00
3	Доработка на сомнителни случаи од радиофотографски прегледи 1 20% од вкупно снимените лица	779.000,00
4	Контрола на успешноста на Бе Се Же имунизацијата 10.000 прегледи x 103,00 денари	1 030.000,00

Ред. бр.	Назив	Износ во денари
5	Стручен надзор и едукација на медицински персонал - семинари.	228.000,00
6	Заштитни средства (оловни ракавици, кецели и др.).	411.000,00
	ВКУПНО:	43.425.000,00

Од Буџетот на Република Македонија ќе се искористат 9.120.000,00 денари врз основа на доставени фактури за извршена работа, што изнесува 21,01% од вкупно потребните средства, а останатите финансиски средства ќе се обезбедат од Фондот за здравствено осигурување и други извори.

Оваа програма се објавува во „Службен весник на Република Македонија. "

Бр. 23-818/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

480.

Врз основа на член 32, став 2 точка 9 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на РМ", бр. 38/91, 46/93 и 55/95), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 30.03.1998 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА БОЛНИТЕ КОИ СЕ ТРЕТИРААТ СО ДИЈАЛИЗА, ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЛЕКОВИ ЗА ТРАНСПЛАНТИРАНИ БОЛНИ И ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЦИТОСТАТИЦИ, ИНСУЛИН И ХОРМОН ЗА РАСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1998 ГОДИНА

I МЕРКИ

1. Болни со хронична бубрежна инсуфициенција и нивно третирање со дијализа.

Според статистичките податоци за порастот на бројот на болните со хронична бубрежна инсуфициенција од 80 до 100 болни годишно, во 1998 година, се планира на дијализа да бидат 1.000 болни.

Основен критериум за ставање на болниот на дијализа претставува отсуство на функција на двата бубрега. За да се одржат овие болни во живот мора постојано да бидат на дијализа.

Согласно ставовите на медицинската наука за успешно лекување на болните со хронична бубрежна инсуфициенција и нивното оспособување за вршење на секојдневните активности, оптимално секој болен треба да биде три пати неделно третиран со дијализа, односно потребни се околу 144 дијализи за еден болен годишно. За 1.000 болни колку се планира да бидат на дијализа во 1998 година треба да се извршат околу 144.000 дијализи. За секоја дијализа потребен е по еден дијализер, кој што се користи еднократно, заради што се зголемуваат и вкупните трошоци. Дијализите ќе бидат извршени во Клиниката за нефрологија, Заводот за нефрологија во Струга и 17-те центри за дијализа во Републиката.

2. Трансплантација на органи

Заради ограничените можности и услови за вршење на трансплантација на органи во Клиничкиот центар – Скопје во 1998 година се планирани да се извршат само околу 15 пресадувања на бубрези. За успешноста на трансплантацијата покрај кадровските, просторните и техничките можности, потребно е да се обезбедат и лекови кои ќе го спречат процесот на отфрлање на трансплантатот. Како најуспешни лекови за оваа цел се користат сандимунот и имуранот. За планираните 15 трансплантации на бубрези во 1998 година ќе бидат потребни околу 1.200 скатули од сандимун и имуран. Трансплантацијата на бубрези ќе се изврши во Клиниката за урологија по претходна типизација на ткивата во Републичкиот завод за трансфузиологија, а пострансплантационият рехабилитационен третман ќе се врши во Клиниката за нефрологија.

3. Малигни заболувања

Овие заболувања претставуваат многу сериозен здравствен, социјален и економски проблем, заради тежината на заболувањето, должината на лекувањето, долготрајната неспособност за работа како и лошата прогноза.

Според статистичките податоци во Република Македонија во 1998 година се очекува да има околу 6000 заболени од разни видови на малигни заболувања. За поефикасна онколошка заштита од малигните заболувања ќе бидат вклучени Клиниката за хематологија, Клиниката за детски болести, Хируршките клиники, Институтот за онкологија и радиотерапија и други здравствени организации во Републиката. Оваа онколошка заштита ќе се состои во рано откривање и ефикасно лекување на заболените. Лекувањето на малигните заболувања вклучува хируршки третман, зрачење и давање на цитостатици. Лепезата на цитостатици е широка, а третманот со нив е долготраен.

4. Шеќерна болест

Шеќерната болест се јавува кај околу 2% од населението во нашата Република. Според податоците од Клиниката за ендокринологија во Република Македонија во 1998 година се очекува да има околу 45.000 заболени од шеќерна болест од кои 7.500 инсулин зависни болни. Основниот критериум за инсулинска терапија е потполното отсуство на лачење инсулин од панкреасот. За целосно задоволување на потребите од инсулин треба да се обезбедат по 54.020 скатули за еден болен годишно.

5. Хормон за растење

Во Република Македонија годишно околу 50 деца имаат потреба од хормонска терапија. Вкупната бројка на децата кои треба да примаат хормон за растење се определува врз медицинскиот критериум хормон да се дава на децата каде не е завршено затворање на епифизните рскавици.

II. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За спроведување на мерките и активностите од Програмата за обезбедување средства за болните кои се третираат со дијализа, за набавка на лекови за трансплантација на болни и за набавка на цитостатици, инсулин и хормон за раст во 1998 година, потребни се вкупно 1.121.362.900,00 денари и тоа:

Ред. бр.	Износ во денари
1. Финансиски средства за болните кои се третираат со дијализа: – болни кои ќе бидат третирани со дијализа – 1.000 – за 1 болен потребни се три дијализи неделно x 4 недели = 12	

Ред. бр	Назив	Износ во денари
	дијализи месечно x 12 месеци = 144 дијализи годишно – 1 000 болни x 144 дијализи годишно = 144.000 дијализи – 144.000 дијализи (1 дијализер за една дијализа и други материјални трошоци) x 4 769,00 ден	686 736.000,00
2.	**Финансиски средства за набавка на имуран и сандимун:** – во 1998 година се планира да се извршат 15 трансплантации на бубрег за кои е потребно 15 случаи x 1 321 267,00 ден	19.819.000,00
3.	**Финансиски средства за набавка на цитостатици:** – во 1998 година треба да се набават 60 видови на лекови-цитостатици за 6.000 болни за што треба да се обезбедат вкупно	59 441.000,00
4	**Финансиски средства за набавка на инсулин:** – во 1998 година со инсулин ќе бидат третирани околу 7.500 болни – за еден ден за сите болни се потребни 148 скатули инсулин – 148 скатули x 365 денови = 54.020 скатули 54.020 скатули x 4.745,00 ден	256 324.900,00
5.	**Финансиски средства за набавка на хормон за раст:** – 750 флакони x 132.056,00 ден.	99 042.000,00
ВКУПНО:		1.121.362 900,00

Од Буџетот на Република Македонија ќе се искористат 74.000.000.00 денари врз основа на доставени фактури за извршена работа, што изнесува **6,59%** од вкупно потребните средства, а останатите финансиски средства ќе се обезбедат од Фондот за здравствено осигурување и други извори.

Оваа програма се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-815/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

481.

Врз основа на член 32, став 2 точка 9 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на РМ" бр 38/91, 46/93 и 55/95), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 30.03 1998 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ПОЈАВАТА, СПРЕЧУВАЊЕТО И СУЗБИВАЊЕТО НА БРУЦЕЛОЗАТА КАЈ ЛУЃЕТО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1998 ГОДИНА

Целта на оваа програма е спречување и сузбивање на бруцелозата кај луѓето на територијата на целата Република преку:

– планско спроведување на мерките и активностите за спречување на натамошно ширење на бруцелозата и сузбивање на болеста на територијата на целата Република,

– епидемиолошки набљудувања и испитувања за рано откривање на изворите, патиштата и начинот на пренесување на заразата,

– рано и активно откривање, лабораториско докажување и адекватно лекување на заболените, како би се спречиле компликациите, инвалидноста, рецидивите и смртноста и

– информирање и здравствено-воспитна дејност

А. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За остварување на целите утврдени со оваа програма ќе се спроведуваат следните мерки и активности

1 Изготвување оперативни планови за спречување и сузбивање на бруцелозата во 1998 година и тоа посебно за подрачјата на општините, според територијалната поделба на Република Македонија, „Службен весник на РМ" (бр 49/96 и 56/96) и во кои во изминатите години е регистрирана бруцелозата (Битола, Делчево, Македонски Брод, Валандово, Гевгелија, Гостивар, Кавадарци, Кичево, Крушево, Куманово, Неготино, Охрид, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Струга, Струмица, Тетово, Велес, Штип и Скопје), како и за подрачјата каде ова заболување не е регистрирано (Виница, Кочани, Пехчево, Пробиштип, Кратово, Крива Паланка, Дебар, Берово и Демир Хисар).

Носители: Заводите за здравствена заштита (во натамошниот текст ЗЗЗ) во соработка со Републичкиот завод за здравствена заштита (во натамошниот текст РЗЗЗ).

2 Организирање 10 регионални советувања со раководителите на заводите за здравствена заштита, санитарно-хигиенските и епидемиолошките служби во здравствените организации (во натамошниот текст ХЕ служби), ветеринарната служба, како и санитарната и ветеринарната инспекција во општините

На советувањата ќе бидат разработени мерките и активностите за спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај луѓето за подрачјето, како и за секоја општина, врз основа на анализата за конкретната епидемиолошка и епизоотолошка состојба на ова заболување, како и врз основа на досега преземените мерки и постигнатите резултати

Носители РЗЗЗ и Заводот за превентивна медицинска заштита при Центарот на воено здравствените установи (во натамошниот текст ЦВЗУ)

3 Одржување на 4 регионални семинари на кои здравствените работници се запознаваат со раширеноста на бруцелозата во Република Македонија, епизоотолошката и епидемиолошката состојба, дијагностиката и другите карактеристики на бруцелозата, како и мерки кои треба да се спроведуваат за нејзиното сузбивање

Носители. РЗЗЗ и ЦВЗУ

4 Лабораториската (микробиолошка) дијагностика на бруцелозата кај луѓето, ќе се врши во лабораториите на заводите за здравствена заштита За таа цел ќе се извршуваат следните микробиолошки испитувања Wright реакција, Coombs test, RVK, BAB тест (согласно упатствата за серолошка дијагностика на бруцелозата)

Носители микробиолошките лаборатории на заводите за здравствена заштита, РЗЗЗ и ЦВЗУ

5. Верификација на сомнителните и позитивните серолошки наоди, како и стручно-методолошка помош за микробиолошката дијагностика

Носители: РЗЗЗ и ЦВЗУ

6 За секој откриен случај на бруцелоза кај луѓето се вршат епидемиолошки, серолошки и клинички испитувања, со цел да се откријат сите заболени во таа населба

Носители: Заводите за здравствена заштита и нивните ХЕ служби, одделенијата за заразни болести и Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби при Клиничкиот центар во Скопје.

7 За секој случај на заболување од бруцелоза се известува ХЕ службата од подрачјето, ветеринарната установа и органите на управа надлежни за работите на санитарната, како и ветеринарната инспекција во општините, а секој случај на заболување кај луѓето се пријавува до Републичкиот завод за здравствена заштита, кој писмено го известува Министерството за здравство.

Носители Здравствените организации

8 Секое лице кај кое клинички или епидемиолошки е поставена дијагноза или сомневање на бруцелоза се упатува до специјалист – инфектолог за испитување и поставување на дијагноза. Секој потврден случај на бруцелоза се хоспитализира на одделенијата за инфективни болести во болниците, Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби при Клиничкиот центар – Скопје, или во одделението за заразни заболувања при ЦВЗУ – Скопје.

Носители: Здравствените организации.

9. Лекувањето и третманот на болните се врши по утврдена доктрина, согласно изготвеното упатство од Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби при Клинички центар во Скопје, а контрола врши Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби при Клиничкиот центар.

Носители: Одделенија за заразни болести при медицинските центри и Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби.

10 Здравствен надзор над ветеринарните работници, работниците во кланиците, кожарската индустрија, млекарници и кај сточарите од општествениот сектор, ќе се врши преку здравствени прегледи во кои се вклучени клинички-серолошките испитувања на бруцелозата

Носители. ЗЗЗ и ХЕ служби

11. Евиденцијата и документацијата се води по единствена методологија согласно изготвено Упатство од Републички завод за здравствена заштита. Контрола на евиденциите врши Републички завод за здравствена заштита.

Носители: ЗЗЗ, ХЕ служби и РЗЗЗ

12 Здравствено просветување на населението се врши преку поединечни разговори, организирани предавања во претпријатија, установи и населбите, како и преку јавните гласила, при што населението се запознава со природата на болеста, начинот на пренесувањето, заштитата и друго.

Носители. ЗЗЗ, ХЕ служби и РЗЗЗ.

** *

Поради комплексноста на проблемот неопходна е тесна соработка на здравствената дејност, односно санитарно-хигиенските и епидемиолошките служби со ветеринарната дејност и инспекциските органи. Министерството за здравство врз основа на извештаите од Републичкиот завод за здравствена заштита, по потреба ја известува Владата на Република Македонија

Б ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За реализација на програмските активности за испитување на појавата, спречувањето и сузбивањето на бруцелозата кај луѓето за 1998 година, потребни се вкупно 37.123.000,00 денари и тоа:

Ред. бр.	Назив	Износ во денари
1.	За BAB – TEST – 16.000 анализи x 1.093,50 ден.	17.496.000,00
2	Wright – ова реакција – 12.000 x 311,00 ден	3.732.000,00
3.	Coombs-ov тест – 3 000 x 1.505,00 ден	4.515.00,00
4.	Реакција RVK – 4.608 x 1.622,00 ден.	7.475.000,00
5.	Шприцеви, игли и лабораториски потрошен материјал	3.905 000,00
ВКУПНО		37.123.000,00

Од Буџетот на Република Македонија ќе се искористат 5 100 000,00 денари врз основа на доставени фактури за извршена работа, што изнесува 13,74% од вкупно потребните средства, а останатите финансиски средства ќе се обезбедат од Фондот за здравствено осигурување и други извори.

Оваа програма ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр 23-816/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с.р.

482.

Врз основа на член 32, став 2 точка 9 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на РМ" бр. 38/91, 46/93 и 55/95), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 30.03.1998 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД СИДА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 1998 ГОДИНА

ВОВЕД

Продолжува интензивно спроведување на мерките и активностите насочени кон спречувањето и сузбивањето на СИДА-та во Република Македонија, применувајќи ги истовремено доктринарните ставови и насоките предвидени со заедничката програма на Обединетите нации за ХИВ/СИДА, WHO. UNICEF и Светската банка.

Програмата ќе биде реализирана од страна на здравствените организации во соработка и со образовните установи, Македонскиот Црвен крст и средствата за јавно информирање – дневниот печат, радиото и телевизијата.

Со цел да се согледа раширеноста на асимптоматското носителство на ХИВ вирусот кај населението, на организиран начин ќе се вршат посебни програмски епидемиолошки, серолошки и клинички истражувања, ќе се собираат податоци за појавата и епидемиолошките карактеристики на ова заболување, а ќе се контролира и спроведувањето на утврдените мерки за спречување на пренесувањето и ширењето

Воведување на активен метод на работа на сите нивоа со цел да се едуцира и запознае со заболувањето и начинот на заштита не само здравствениот, образовниот и друг кадар, туку и целото население, а особено загрозените групи.

Целта е секој поединец да биде вклучен во личната заштита и во заштитата на блиските и околината, затоа што од сто заразени 70% заболуваат и умираат во рок од неколку месеци до 18 години. Активно и рано ќе се откриваат заразените со ХИВ вирусот, ќе се стават под епидемиолошки надзор, а болните по потреба ќе се хоспитализираат.

I. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

1. Основна здравствена заштита и санитарно-хигиенска и епидемиолошка дејност на територијата на Републиката

Согласно препораките од Програмата на Обединетите нации и нашите досегашни искуства, предвидени се следните мерки и активности:

а) систем на епидемиолошки испитувања и надзор;
б) лабораториски испитувања;
в) едукација на здравствените работници,
г) здравствено-воспитна активност за целото население во Република Македонија, а особено за загрозените популациони групи.

Ad а) систем на епидемиолошки испитувања и надзор

– следење на епидемиолошката состојба во светот и кај нас, како и следење на светските и домашните искуства и достигнувања во оваа област;

– следење на спроведувањето на соодветните прописи и стручни упатства,

– организирање на епидемиолошки испитувања и навремено откривање на заболените од СИДА и лица заразени со ХИВ вирусот, првенствено кај одделни ризични категории на население;

– организирање на здравствен надзор над заболените и заразените со ХИВ вирусот и епидемиолошки истражувања кои опфаќаат испитување на околината, односно контактите (сексуалните партнери, членовите на семејството посебно децата, лица што злоупотребуваат опојни дроги), контрола на крвта, со почитување на анонимност при постапките;

– испитување на СИДА на хоспитализираните болни по епидемиолошки индикации,

– организирање на лекување на заболените во соодветна здравствена организација,

– евиденција и пријавување на заразените, заболените и умрените од СИДА и тоа во посебна евиденција за наведените лица Индивидуалното пријавување се врши со соодветна пријава за заболување – смрт од СИДА во 4 примероци, доверливо, во затворен плик, по 2 пријави до Републичкиот завод за здравствена заштита – Скопје и до здравствената организација во општината на постојано живеалиште на пациентот – со иницијали на лицето, шифра на болеста и другите податоци содржани во пријавата.

Републичкиот завод за здравствена заштита редовно врши пријавување до Министерството за здравство и изготвува соодветни извештаи за заразените, заболените и умрените од СИДА, согласно барањата на СЗО

Ad б) лабораториски испитувања

Тестирање на крвта со цел да се утврди присуство на вирусот на СИДА, се врши во здравствени организации

– тестирањето се врши со ЕЛИСА методи и други поосетливи методи, имунофлуоресценција, радиоимунопреципитација и др најмалку на два различни апарати. Доколку и вториот тест е позитивен се врши конфирмација со тестот Вестерн-блот;

– задолжително се врши тестирање на крвта на присуство на антитела на вирусот на СИДА одделно кај секоја доза крв за трансфузија, продуктите од крвта, како и при трансплатација на органи и ткива.

Ad в) едукација на здравствените работници

За едукација и информирање на здравствените работници се организираат предавања, стручни состаноци и семинари. Здравствените работници редовно ќе бидат информирани за епидемиолошката состојба во земјата и светот, медицинските достигнувања во борбата против СИДА-та, како и со стручните ставови, а особено:

– посебна едукација и информирање се спроведува во однос на здравствените работници кои вршат дијагностика, превенција и лекување на лицата од групи под ризик (невропсихијатри, дерматовенеролози, инфектолози, стоматолози, лабораториски работници и други);

– информирање и едукација на парамедицинските работници кои по природата на својата работа доаѓаат во контакт со заразените лица или учествуваат во информирањето на населението за СИДА;

– Клиниката за заразни болести и фебрилни состојби при Клиничкиот центар, Републичкиот завод за трансфузиологија, Републички завод за здравствена заштита и Центарот за воено здравствени установи ги утврдуваат доктринарните ставови во поглед на епидемиолошките, лабораториските активности, лекувањето, здравственото воспитување и останатите мерки насочени за спречување на СИДА-та. Во врска со тоа, се изготвуваат стручни упатства за здравствените работници.

Ad г) здравствено-воспитна активност

Имајќи предвид дека единствен ефикасен метод за спречување на ширењето на заразата со вирусот на СИДА претставува потполна информација за природата на заразата, патиштата на ширење и начинот на заштита, здравственото просветување и воспитување е задолжителна мерка која се спроведува во сите средини.

Покрај здравствените работници, кои го спроведуваат здравственото просветување и воспитување, ќе бидат оспособувани и стручно усовршувани и други профили на едукатори, како просветните работници, активисти на Македонскиот Црвен крст, журналисти, социјалните работници и др.

Содржината и начинот на информирање се прилагодува на средината во која се спроведува здравствено-воспитната активност, возраста и нивото на општата и здравствената култура.

Здравствено воспитување се спроведува во основните училишта согласно „Програмата за здравствено воспитување на децата во осумгодишните училишта за спречување и сузбивање на ширењето на СИДА".

Заради најшироко информирање на населението се спроведува:

– организирање на предавања во работните и други организации и заедници;

– воведување постојани написи во дневниот печат со информација за епидемиолошката состојба, совети, новини во медицинските достигнувања, разни соопштенија, одговори на прашања и тн.;

– соработка со радиото и телевизијата во информативните и здравствено-воспитните емисии, вклучувајќи и подготвување на спотови;

– во работата со посебно загрозени категории население, се применуваат методи на воспитување во согласност со специфичностите на тие категории (наркомани, деликвенти, проститутки, работници во земјите со висок ризик од зараза и сл);

– спроведување на посебен пристап кон лицата заразени со вирусот на СИДА.

Здравствените организации од 1 в) во соработка со Собранието на Македонскиот Црвен крст вршат координација на здравствено воспитната дејност во целата Република преку:

– заеднички подготвен летак, со основните информации за СИДА, начинот на нејзиното ширење и мерките за заштита;

– заеднички плакат (постер),

– типизирани предавања;

– здравствено-воспитен материјал за нашите работници во странство.

2. Задачи на Републичкиот завод за здравствена заштита и заводите за здравствена заштита

За остварување на целите и активностите утврдени со оваа програма, Републичкиот завод за здравствена заштита ги спроведува следните мерки:

– учествува во изготвување на плановите на здравствените организации за спречување на ширењето на СИДА-та во 1998 година и тоа, посебно за подрачјата со поголем ризик, односно во кои во претходните години е регистриран болен, односно носител на вирусот на СИДА, граничните подрачја, односно оние со малограничен промет и средби, како и туристичките региони;

– ќе организира 10 – регионални советувања со раководителите на медицинските центри, здравствените домови, заводите за здравствена заштита, ХЕ-служби, Македонскиот Црвен крст и подрачните републички санитарни и здравствени инспектори. На советувањата ќе бидат разработени мерките и активностите за спречување на ширењето на СИДА-та во регионот, како и за секоја подрачна единица посебно;

– одржување на 2 регионални семинари на кои здравствените работници ќе се запознаат поблиску со состојбата и раширеноста, преземените епидемиолошки мерки, дијагностиката, клиничката слика, како и други мерки и новини во врска со СИДА-та,

– по единствена методологија ќе се вршат серолошки дијагностики за СИДА-та. Ќе биде извршен надзор и пружена стручна помош во 20 здравствени организации;

– епидемиолошки истражувања и серонадзор ќе се спроведува по епидемиолошки индикации, заради откривање на изворите и патиштата на пренесувањето на СИДА-та, подобрување на знаењата за однесувањето на посебните популациони групи со ризично однесување. Серонадзор ќе се спроведува и над работниците кои се враќаат од работа во подрачјата со висок соодветен ризик (гранични, туристички и др.);

– Републичкиот завод за здравствена заштита и заводите за здравствена заштита ќе извршат 40 епидемиолошки испитувања и 800 серолошки анализи по епидемиолошки индикации;

– за секој утврден болен, односно носител на вирусот на СИДА, здравствените организации во општината каде што е сталното местожителство, пополнува пријава, односно посебен прашалник за заболување, односно смрт од СИДА и го доставува до ХЕ службата на заводот за здравствена заштита, кој три примероци од пријавата доставува до Републички завод за здравствена заштита, а Републички завод за здравствена заштита два примерока доставува до Секторот за превентивна здравствена заштита при Министерството за здравство.

– за секое лице за кое ќе се утврди дека е носител на вирусот или болен од СИДА, епидемиологот зема епидемиолошка анамнеза и дава совет за соодветно однесување. „Позитивните“ лица се стават под постојана епидемиолошка контрола и се следи нивната здравствена состојба, а при појава на првите симптоми на болеста, по потреба, заради витални индикации се хоспитализираат во Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје. Болните кај кои привремено е санирана состојбата од опортунистичко заболување и се отпуштени од Клиниката се под епидемиолошки надзор. Ќе се земат 20 епидемиолошки анамнези на терен во општините.

– заводите за здравствена заштита водат посебна евиденција и документација;

– заводите за здравствена заштита изготвуваат здравствено-просветен и воспитен материјал: плакати, филмови, касети, брошури и др. Ќе одржат посебни предавања за СИДА во 20 поголеми средни училишта за наставниот кадар, 4 настапи на телевизија и радио и 4 во дневниот печат;

– се воведува регистар за стручни и научни студии, односно научно-истражувачка работа и набавување на стручна литература, како 7-дневниот извештај на Светската здравствена организација и други списанија;

– Републичкиот завод за здравствена заштита организира лонгитудинално следење на сите серопозитивни во Републиката, со цел да се утврди должината на траењето на асимптомниот период на носителство на вирусот и факторите кои на тоа влијаат. Се следи порастот на серопозитивитетот и факторите кои доприносуваат за неговиот пораст;

– Републичкиот завод за здравствена заштита врши увид и стручен епидемиолошки надзор во здравствените организации над преземените мерки предвидени во прописите за спречување и сузбивање на заразните болести со изготвување на извештаи – записници кои се доставуваат до Министерството за здравство – Републичкиот санитарен и здравствен инспекторат и директорот на здравствената организација каде што е извршен надзорот. Ќе се извршат 50 надзори со извештај на терен во медицинските установи;

– Републичкиот завод за здравствена заштита изготвува и годишен извештај за реализација на Програмата, кој се доставува до Министерството за здравство најдоцна до крајот на Јануари 1999 година.

3. Активности на Институтот за епидемиологија и биостатика со медицинска информатика при Медицински факултет

– во склоп на редовната наставна програма за студентите и постдипломците, предвидени се предавања од оваа проблематика.

– организирање на проспективни студии за следење на здравствени работници експонирани на ХИВ инфициран материјал со цел да се согледа најчестата причина за несакана експозиција, како и утврдување на големината на ризикот за појава на сероконверзија после несакана професионална експозиција на ХИВ инфициран материјал.

4. Лекување на болните од СИДА во здравствените организации во Република Македонија

Болните, или на СИДА сомнителните лица се лекуваат во Клиниката за заразни болести и фебрилни состојби при Клиничкиот центар – Скопје, на сметка на Фондот за здравствено осигурување.

Кај болните од СИДА лекувањето во Клиниката трае се до санирање на опортунистичката инфекција. Понатамошната контрола на здравствената состојба и продолжувањето на лекувањето го презема здравствената организација според местото на живеење на болниот, сè до повторното заболување од опортунистичка инфекција (друга или реактивирање на постојната), кога повторно се хоспитализира во Клиниката.

Клиниката за заразни болести и фебрилни состојби врши:

– серолошко испитување на антителата за ХИВ вирусот, во популации со зголемен ризик на СИДА, како и на доставени материјали од страна на здравствени организации од Скопје и општините. Ќе се извршат во склоп и за сметка на Програмата 1500 анализи;

– клиничко испитување на лицата кои им припаѓаат на групите под ризик, односно на заболените и сомнителни на СИДА, имуноензимско испитување на сите лица кои припаѓаат на првата група. Ќе се извршат 50 испитувања;

– едуцирање, информирање и стручно усовршување на кадарот и стручен надзор и контрола над работата во сите инфектолошки одделенија на општите болници, 2 пати годишно;

– кај болните со опортуни инфекции, како и кај дел од лицата од групите под ризик, во диференцирање на нивниот имунолошки статус се врши дополнително имунолошко-ензимско испитување, преку користење на други ензимски маркери, кај 50 лица;

– кај лица кај кои ќе се утврдат антитела на ХИВ вирусот, се прават потврдни тестови, со кои се потврдува дијагнозата на СИДА, кај 20 лица;

– се врши дооспособување на дијагностика и воведување на современи методи за дијагностика на СИДА;

– се врши дооспособување на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби за дијагностика на болните од СИДА;

– се врши доопремување со соодветна опрема и се

организира простор за прифаќање на болните за хоспитализација и лекување;

– се врши доусовршување на медицинскиот кадар (доктори, медицински сестри, лаборанти) со испраќање во клиниките и лабораториите надвор од Републиката, како и на разни семинари, симпозиуми и конгреси на кои се разменуваат современите сознанија за проблемот на СИДА-та во земјата и во светот;

– се формира советувалиште за работа со пациенти од групите под ризик и други лица кои бараат преглед, испитување и информации за болеста, заради превенција на истата. Се воведува дневник и формира картотека и ќе се воспостави дежурен телефон од 7-13 часот, секој работен ден;

– ќе се настапува на радио и телевизија и во дневниот печат за СИДА- најмалку по 2 пати годишно.

5. Активности на стоматолошките клиники

Стоматолошките клиники при Стоматолошкиот факултет – Скопје ги вршат следните програмски активности:

– стручен надзор и помош на стоматолошките служби во здравствените организации, со цел поблиску да се запознаат здравствените работници со карактерот и начинот на заштита на пациентите и здравствените работници, како и начинот на дезинфекција на опремата и инструментите кои се користат во секојдневната стоматолошка практика, (во 123 општини во 50 стоматолошки служби и приватни ординации);

– пружање на стоматолошка помош во врска со дополнување на најнеопходната опрема, инструменти и заштитни средства, за околу 2.600.000 пациенти, на кои се вршат услуги од кои најголем број се со крварење и опасност од пренесување на СИДА (во 30 здравствени организации во 123 општини);

– ќе се контролира спроведувањето на стручното упатство за заштита од СИДА кое е издадено од страна на Стоматолошките клиники и доставено во адекватен број до сите стоматолошки служби во Републиката. Оваа контрола ќе се изврши во 50 стоматолошки служби и приватни ординации во Републиката;

– Стоматолошките клиники ќе организираат 4 регионални советувања за здравствениот кадар во стоматолошката дејност, за да се пренесат најновите сознанија за заштита од овие заболувања. Се одржува и еден тродневен едукативен стручен собир за сите стоматолози од Република Македонија, за поопширно презентирање на епидемиологијата, етиопатогенезата, клиничката слика и начинот на превенција од ХИВ инфекција, со посебен осврт на опортурнистичките инфекции од оваа болест, кои се манифестираат во усната шуплина, а со цел за заштита на пациентите од заразување.

– во наставната програма на студенти предвидени се предавања од оваа проблематика за да истите би можеле, да се запознаат со карактеристиките на ова заболување, патот и начинот на ширење на инфекција и начинот на превенција, односно заштита на пациентите и кадарот;

– усовршување на стоматолошкиот кадар од Стоматолошките клиники преку размена на искуства со други клиники во Балканските земји, Европа и светот, учество на семинари, симпозиуми и конгреси на кои се изнесуваат современи сознанија за проблемот на СИДА-та посебно во стоматолошките дејности;

– стручен надзор и контрола во врска со заштита од СИДА на пациентите ќе се врши во сите стоматолошки служби на подрачјето на Република Македонија, двапати во годината;

– преку средствата за јавно информирање, дневен печат, радиото и телевизијата се известува населението за преземените мерки за нивна заштита во стоматолошките дејности, а докторите за новините за СИДА ќе настапат на радио, телевизија, како и во дневниот печат најмалку 4 пати годишно.

6. Активности на Републичкиот завод за трансфузиологија

Републичкиот завод за трансфузиологија врши:

– заради превенција од пренесувањето на СИДА (ХИВ-инфекција) преку крв и крвни деривати, ќе се изврши контрола на 13 станици за трансфузија по 3 пати годишно;

– испитување на околу 55.000 шишиња на крв на СИДА, земени од Републичкиот завод за трансфузиологија и 13 станици за трансфузиологија во Републиката (Битола, Велес, Гевгелија, Кавадарци, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Скопје, Струга, Струмица, Тетово и Штип). Заводот ќе изврши и посебен контролен лабораториски преглед во самите станици за трансфузија на 700 шишиња на крв испитани од овластените станици по случаен избор;

– набавка на реагенси за испитување на ХИВ-антитела, со финансиски средства од Фондот за здравствено осигурување;

– 4 семинари за здравствени работници од трасфузиолошката дејност за спроведување и контрола на лабораториската работа во врска со определувањето на ХИВ-антителата, документација и обработка на резултатите;

– семинари за здравствено просветување и воспитание на дарителите на крв во врска со ХИВ-инфекцијата (за 40 поголеми работни организации, училишта, факултети во Скопје и општините);

– повремен стручен надзор и стручна помош на станиците за трансфузилогија во општините, посебно во врска со лабораториската дијагностика на СИДА-та (3 пати годишно);

– настапи на радио и телевизија, како и во дневниот печат (најмалку 4 пати годишно);

Републичкиот завод за трансфузиологија изготвува и доставува извештај до Министерството за здравство, Републичкиот санитарен и здравствен инспекторат и до здравствените организации, каде што е извршен стручниот надзор.

7. Активности на Болницата за нервни и душевни болести „Бардовци"

Болницата за нервни и душевни болести изготвува:

– годишна програма во врска со заштитата од СИДА преку спречувањето на настанување и ширење на зависноста од дрогите и рано откривање на зависниците и здравствено-воспитна активност, со цел спречување и ширање на СИДА-та меѓу зависниците, како и од нив. Ќе се изврши контрола над спроведувањето на Програмата 3 пати годишно во сите неуропсихијатриски одделенија во Републиката;

– стручна и методолошка помош во оформувањето и унапредувањето на работата на исти советувалишта во поголемите градови во Републиката;

– стручни упатства за работа на советувалиштата како и здравствено-просветен материјал, посебно за спречување на пренесување на СИДА-та меѓу зависниците и од нив. Упатствата ќе бидат доставувани до советувалиштата, а здравствено-просветниот материјал и до осумгодишните, средните училишта и факултетите;

– материјал за 10 регионални семинари и 1 советување во соработка со советувалишта за зависници, за здравствениот кадар, како и за сите кои работат на спречување и сузбивање на болестите на зависноста, со акцент за преземањето на мерките за спречување на пренесувањето на СИДА-та преку болестите на зависност;

– материјал за редовно систематско испитување на носителството на ХИВ-вирусот, а најмалку четири пати годишно, а по епидемиолошки индикации.

– мерки за дефинитивно докажување на позитивитетот кај ХИВ заразените и ги става под постојан здравствен надзор и здравствено воспитание. Исто така, презема мерки да бидат испитани 600 лица и стационарните душевни болни во врска со позитивитетот, за кои што има епидемиолошки индикации;

– план за стручен надзор во здравствените организации. За извршениот стручен надзор изготвува извештаи и ги доставува до Министерството за здравство, Републичкиот санитарен и здравствен инспекторат и директорите на здравствените организации каде што е извршен надзорот. Стручен надзор ќе се изврши во сите советувалишта и неуропсихијатриски служби во здравствени организации 2 пати годишно;

– програми за здравствено воспистување во врска со спречувањето на ширењето на болестите на зависност и спречувањето на пренесувањето на СИДА-та. Ќе се опфатат 20 поголеми училишта, како и 5 факултети;

– ќе се настапи на радио и телевизија, како и во дневниот печат најмалку 2 пати годишно.

8. Активности на Институтот за клиничка биохемија

Институтот за клиничка биохемија во склоп на секојдневната работа од добиените материјали во сопствената лабораторија, како и од програмски земените, врши испитување на антителата на ХИВ-вирусот, кај лица со зголемен ризик:

пациенти на хронична хемодијализа – 210 пациенти;

лица кои припаѓаат на ризичните групи – 60;

хоспитализирани пациенти со епидемиолошки индикации – 80:

а) пред операција со епидемиолошки индикации – 60;

б) пред породување со епидемиолошки индикации – 60;

в) останати хоспитализирани со епидемиолошки индикации – 30;

г) крвта добиена во Институтот за други испитувања, од хоспитализирани и нехоспитализирани, континуирано се испитува и на антителата на ХИВ-вирусот – 100.

– Со овој серолошки надзор се смета дека ќе се опфатат лица кои имаат епидемиолошка индикација и тоа пред се лежечките болни на Клиниките од Клиничкиот центар.

Во случај на двапати тестирана позитивна мостра се праќа за тест за потврдување со Western blot – тест.

Институтот за клиничка биохемија:

– води посебна евиденција и документација за лонгитудиналното следење на откриените носители на вирусот на СИДА;

– врши стручен надзор и дава стручна помош во сите лаборатории за медицинска биохемија во Републиката, со цел се изготват плановите за превенција на пренесувањето на СИДА-та на пациентите преку земање на материјал и крв за испитување, како и меѓу стручниот кадар кој работи со овој инфективен материјал (ќе се извршат 2 надзори годишно во сите лаборатории за клиничка биохемија во здравствените организации);

– изготвува и доставува извештаи до Министерството за здравство, односно Републичкиот санитарен и здравствен инспекторат и до здравствените организации каде е извршен надзорот;

– организира регионални советувања на здравствениот кадар во лабораториската дејност, за да се пренесат најновите сознанија за заштита од СИДА-та (во 4 здравствени организации во Републиката);

– ги следи најновите сознанија во врска со заболувањето, а посебно лабораториската дијагностика, преку набавка на соодветна литература, часописи, материјали од одржани стручни и научни состаноци во светот, стручно усовршување на кадарот со посета на соодветни лаборатории надвор од Републиката, семинари, научни состаноци, конгреси на кои се изнесуваат современи сознанија со цел за унапредување на лабораториската дијагностика и пренесување на најновите достигнувања преку наставата на студентите.

9. Активности на Собранието на Македонскиот Црвен крст

– организира 4 регионални семинари за обука на кадри за предавачи за здравствено воспитување во врска со спречувањето и ширењето на СИДА-та;

– спроведува интензивна, здравствено-воспитна дејност со младите генерации: предавања, проекција на филмот „СИДА-та и младите“ и др. во соработка со општинските организации на Македонскиот Црвен крст и 50 предавања во поглемите училишта со проекција на филм;

– подготвува и издава 1 брошура за СИДА-та, 10.000 летоци и 1.000 плакати; набавува филмови за СИДА (100 видео касети) со кои ги снабдува организациите на Македонскиот Црвен крст во сите општини во Републиката и здравствените организации на нивно подрачје.

10. Активности на Републичката стручна комисија за организирање и предлагање на мерки за заштита од СИДА

Комисијата:

– изготвува предлог-програми и планови за заштита на населението од СИДА во Републиката;

– ја следи состојбата и при појава на СИДА во Републиката ги координира активностите и ги усогласува ставовите помеѓу организациите кои учествуваат со свои мерки во спречувањето и сузбивањето на болеста;

– дава предлози на Министерството за здравство за преземање на мерки и активности при појава или опасност од појава на СИДА во Републиката;

– дава годишни извештаи за извршените активности по Програмата до Министерството за здравство, најдоцна до крајот на јануари 1999 година;

– членовите ќе настапуваат на радио и телевизија, како и во дневниот печат најмалку 3 пати годишно, и на организирани симпозиуми и семинари.

II. ФИНАНСИСРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За реализација на мерките и активностите за заштита на населението од СИДА за 1998 година потребни се вкупно 32.128.000,00 денари и тоа:

Ред. бр.	Назив	Износ во денари
1.	Основна здравствена заштита (амбулантно-поликлиничко испитување, хигиенско-епидемиолошка дејност на територијата на Републиката	12.425.000,00
2.	Активности на Републички завод за здравствена заштита	3.653.000,00
3.	Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика при Медицински факултет	1.242.000,00
4.	Активности на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби при Клинички центар	3.007.000,00

Ред бр.	Назив	Износ во денари
5.	Активности на Стоматолошките клиники при Стоматолошки факултет	2.982 000,00
6.	Активности на Републичкиот завод за трансфузиологија	3.143 000,00
7	Активности на Болницата за душевни болести „Бардовци" – Скопје – Центарот за болести на зависности	1.264 000,00
8	Активности на Институтот за клиничка биохемија при Клинички центар	1 986 000,00
9	Активности на Македонскиот Црвен крст	1 615 000,00
10.	Актинвости на Републичката комисија	811.000,00
	ВКУПНО·	32 128.000,00

Од Буџетот на Република Македонија ќе се искористат 3 800.000,00 денари врз основа на доставени фактури за извршена работа, што изнесува 11,83% од вкупно потребните средства, а останатите финасиски средства ќе се обезбедат од Фондот за здравствено осигурување и други извори

Оваа програма се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

Бр 23-817/1
30 март 1998 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
Бранко Црвенковски, с р.

483.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 18 март 1998 година, донесе

О Д Л У К А

1 СЕ УКИНУВА Законот за уредување на имотните односи настанати со противправни заземања на земјишта во општествена сопственост („Службен весник на СРМ" бр. 31/72 и „Службен весник на Република Македонија" бр. 44/91)

2. Оваа одлука произведува правно дејство со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, по повод поднесена иницијатива од Снежана Богдановска од Скопје, со решение У. бр. 220/97 од 14 јануари 1998 година поведе постапка за оценување на уставноста на законот означен во точката 1 на оваа одлука, бидејќи најде дека основано се поставува прашањето за согласноста на овој Закон со одредбите од член 8 став 1 алинеја 3 и 4 и членот 30 став 1 од Уставот на Република Македонија

4. Судот на седницата утврди дека Законот за уредување на имотните односи настанати со потивправни заземања на земјишта во општествена сопственост е донесен на 18 септември 1972 година и е објавен во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" бр. 31/72. Во членот 1 од Законот е определено дека според неговите одредби ќе се расправаат имотните односи што настанале со противправни заземања на земјишта во општествена сопственост. Според овој Закон, се признава право на сопственост на владетелот на противправно заземено земјиште за кое до 6 април 1941 година се исполнети условите за одржувачка, предвидени со правните правила на имотното право. Постапката за расправање на имотните односи настанати со противправно заземање на земјиште во општествена сопственост се покренува по службена должност, по барање на корисникот на противправно заземеното земјиште или по барање на владетелот на тоа земјиште, при што, според член 15 од Законот, постапката ја води општинскиот орган на управата надлежен за имотноправните работи Според член 24 од Законот, сите предмети за расправање на противправни заземања што се наоѓале на решавање кај општинските судови, а по кои до влегувањето во сила на Законот не била донесена ни првостепена одлука, судовите биле должни да му ги отстапат на решавање на општинскиот орган на управата надлежен за имотноправните работи во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оспорениот Закон.

Со Законот за изменување на Законот за уредување на имотните односи настанати со противправни заземања на земјишта во општествена сопственост, донесен врз основа на Амандманот XXV точка 3 алинеја 3 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, на 30 јули 1991 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/91), е определено наместо општинскиот орган на управата надлежен за имотно правните работи, постапката да ја води Републичката управа за имотно-правни работи. Според членот 6, имотните односи што настанале со противправни заземања на земјишта во општествена сопственост, до влегувањето во сила на Законот, ќе се расправат во рок од три години, сметано од неговото влегување во сила. Законот влегол во сила на 8 октомври 1991 година.

5 Односите на противправно заземање на земјишта во општествена сопственост (узурпација) за прв пат биле уредени со Уредбата за органите и постапката за расправање на самовласните заземања на земјишта од општонароден имот („Службен весник на НРМ" бр. 7/55) со која било предвидено расправање на узурпациите во управна постапка. Подоцна донесениот Закон за уредување на имотните односи настанати со самовласни заземања на земјишта од општонароден имот („Службен весник на НРМ" бр. 14/59), определил во управна постапка да бидат расправени, само узурпациите кои настанале до 3 мај 1959 година, а узурпациите кои ќе настанат по овој датум да се расправаат пред судовите од општа надлежност согласно Законот за процесната постапка, така што периодот кој следел по 1959 година го карактеризирале две паралелни постапки – управна и судска, за решавање на узурпациите, во зависност од моментот на нивното настанување.

Со донесувањето на оспорениот Закон во 1972 година, и неговите измени во 1991 година, сите узурпации, без оглед на моментот на настанувањето, ги решава во управна постапка Републичката управа за имотно-правни работи

Ваквите законски определби со кои во посебна постапка се обезбедувала посебна заштита на земјиштата во општествена сопственост, имале основ во Уставот на Народна Република Македонија од 1946 година, со кој како уставна категорија се воведува терминот општонароден имот, и во уставите на Социјалистичка Република Македонија од 1963 година и 1974 година – како општествена сопственост која ужива посебна заштита. Овој период, се до донесувањето на Амандманите на Уставот од 1974 година во 1990 година, го карактеризира посебна, привилегирана положба на општествената сопственост во однос на другите видови сопственост кои што тогашните устави ги познаваа и признаваа

Меѓутоа, уставно гарантираната привилегирана положба на општествената сопственост престанува со Амандманите на Уставот на Социјалистичка Република Македонија од 1974 година („Службен весник на СРМ"

бр. 28/90), односно со Амандманот LIX, со кој се гарантираат сите форми на сопственост и се определува дека сите форми на сопственост се рамноправни. Уставот на Република Македонија не прави никаква дистинкција помеѓу формите на сопственост (не споменува воопшто форми на сопственост) и во членот 30 го гарантира правото на сопственост и правото на наследување.

Имајќи го предвид изнесеното, Судот најде дека оспорениот Закон не е во согласност со Уставот на Република Македонија.

Имено, ако до донесувањето на Уставот од 1991 година не беше сесема јасна категоријата општествена сопственост (сопственост со „несопственички карактер" или само поинаку означена државна сопственост), со донесувањето на Уставот од 1991 година се создадоа услови за правно регулирање на сопственоста на земјиштето во општествена сопственост. Така, според член 6 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/93), пред утврдувањето на вредноста на претпријатието, се изземаат градежното и земјоделското земјиште кои со денот на влегувањето во сила на овој закон се во сопственост на Република Македонија. Според член 9 став 1 од Законот за градежно земјиште, земјиштето во градовите и населбите од градски карактер и другите подрачја предвидени за станбена и друга комплексна изградба за кои е донесен урбанистички план е на Републиката.

Оттука, иако не докрај доследно и децидно регулирана, видлива е трансформацијата на земјиштето од општествена сопственост во сопственост чиј титулар е државата, односно Република Македонија.

Со оглед на ваквиот сопственички карактер на земјиштето чија што узурпација е предмет на регулатива со одредбите на оспорениот Закон, не постои уставен основ за давање на посебна заштита во посебно пропишана; административна постапка за ова земјиште чиј титулар е државата, надвор од правилата на имотното право кои важат за другите титулари на правото на сопственост на земјиште.

Напротив, имотните односи настанати со противправни заземања – узурпации на земјишта во општествена, односно сопственост на државата треба да бидат решавани според правилата на Законот за основните сопственосно-правни односи (преку rei vindicatio) и во судска постапка пред надлежните судови, согласно член 32 од Законот за судовите, иницирана од јавното правобранителство како законски застапник на имотните права и интереси на Републиката, со сведување на управата на ниво на соработка со јавното правобранителство преку прибавување на податоци од органите на управата надлежни за геодетски работи, за имотноправни работи, за работите од областа на урбанизмот и со ангажирање на вешти лица од управата.

6. Од овие причини Судот најде дека оспорениот закон не е во согласност со одредбите од членот 8 став 1 алинеја 3 и 4 од Уставот, според кои владеењето на правото и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска се темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија, и со членот 30 став 1 од Уставот, според кој се гарантира правото на сопственост, поради што одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Милан Недков и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д- Јован Проевски, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Цунов.

У. бр. 220/97
18 март 1998 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на
Република Македонија,
д-р **Милан Недков**, с.р.

484.

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 11 март 1998 година, донесе

О Д Л У К А

1. СЕ УКИНУВА член 46 став 4 од Деловникот на Советот на општина Велес, донесен од Советот на општината на 18 март 1997 година.

2. Оваа одлука произведува правно дејство со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, по повод поднесена иницијатива од Владата на Република Македонија, поведе постапка за оценување законитоста на член 46 став 4 од Деловникот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со законот.

4. На седницата Судот утврди дека во член 46 став 1 од Деловникот е предвидено дека раководните органи на јавните служби, установи и претпријатија што ги основа Советот, ги именува и разрешува Советот на општината.

Во ставот 2 на овој член е предвидено дека предлогот за именување и разрешување на раководните органи од став 1 го поднесува градоначалникот на општината.

Во став 3, пак, е предвидено дека ако на предлогот на градоначалникот Советот не именува односно не разреши раководен орган на јавните служби, установи и претпријатија, тогаш Советот донесува заклучок со кој му утврдува рок од 30 дена да поднесе предлог.

Во оспорениот став 4 на овој член е предвидено дека ако во утврдениот рок со заклучокот градоначалникот не поднесе нов предлог или ако на новиот предлог не биде именуван односно разрешен раководниот орган, член на советот има право да поднесе предлог за именување односно разрешување на раководниот орган.

5. Според член 29 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 52/95) Советот на единиците на локалната самоуправа, покрај другото, на предлог на градоначалникот именува и разрешува раководни органи на јавните служби, установите и претпријатијата што ги основа советот на единицата на локалната самоуправа.

Од наведените законски одредби недвосмислено произлегува дека единствено градоначалникот дава предлог на советот на единицата на локалната самоуправа за избор и разрешување на раководни органи и дека предлог не може да даде член на совет.

Со оглед на тоа што во конкретниов случај во оспорениот член од Деловникот е предиведно дека предлог за именување или разрешување на раководен орган до советот може да поднесе член на советот ако во определениот рок по заклучок на советот градоначалникот не поднесе предлог, Судот оцени дека оспорената одредба не е во согласност со Законот за локалната самоуправа.

6. Врз основа на изнесеното се одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Милан Недков и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Јован Проевски, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Цунов.

У. бр. 191/97
11 март 1998 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Милан Недков**, с.р.

врз основа на книговодствената состојба на тие пласмани на крајот на месецот еден ден по рокот предвиден за доставување на КН-БИФО (извештај за книговодствената состојба на сметките на банките).

6. Извештаите од точка 5 на оваа одлука банките ги доставуваат според Упатство што го пропишува гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

7. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.04.1998 година.

Бр. 02-15/LXIV-1/98
02 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
Љубе Трпески, с р.

487.

Врз основа на член 18 и член 63 точка 15 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ" – Пречистен текст, бр. 29/96), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата LXIV-та седница одржана на 02.04.1998 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ОБЕМОТ И ДИНАМИКАТА НА ПОРАСТОТ НА ДЕНАРСКИТЕ ПЛАСМАНИ НА ШТЕДИЛНИЦИТЕ ВО II-ТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 1998 ГОДИНА

1. Денарските пласмани на штедилниците одобрени на стопанските субјекти во општествена, приватна и мешовита сопственост и на граѓаните на крајот од II-то тримесечје од 1998 година, можат да бидат повисоки во однос на состојбата на тие пласмани на 28.02.1998 година за 4,7%.

Притоа, штедилниците можат да ги зголемат денарските пласмани од став 1 на оваа точка до 0,9% на 30 април 1998 година, до 2,8% на 31 мај 1998 година и до 4,7% на 30 јуни 1998 година, кумулативно во однос на состојбата на тие пласмани на 28.02.1998 година.

2. Штедилниците можат меѓусебно да го разменуваат неискористениот дел од порастот на денарските пласмани во висината на дозволениот пораст, во согласност со точка 1 од оваа одлука:

Условите за меѓусебната размена, штедилниците ги договараат со склучување на договор.

За износот на разменетиот лимит (право на пораст на денарските пласмани), штедилниците се должни да ја известат Народна банка на Република Македонија во рок од два дена од склучување на договорот со доставување на фотокопија од истиот.

3 Доколку одредени штедилници покажуваат значителен износ на неискористено право на пораст на денарските пласмани и истото не го разменале со други штедилници кои целосно го искористиле правото на пораст на денарските пласмани, Народна банка на Република Македонија ќе го распредели неискористениот дел од правото на пораст на денарските пласмани на други штедилници кои го искористиле утврденото право.

4. Под денарски пласмани, во смисла на оваа одлука, се подразбираат денарските пласмани утврдени во точка II од Одлуката за методологијата за утврдување на вкупните денарски побарувања на банки и штедилници чиј што пораст се ограничува („Службен весник на РМ", бр.7/97).

5. Заради следење и контрола на спроведувањето на одредбите на оваа одлука, штедилниците ќе и доставуваат на Народна банка на Република Македонија декадни и месечни извештаи за остварената состојба на денарските пласмани. Декадните извештаи се доставуваат во Народна банка на Република Македонија два дена по истекот на декадата. Месечните извештаи се доставуваат врз основа на книговодствената состојба на тие пласмани на крајот на месецот еден ден по рокот предвиден за доставување на КН-БИФО (извештај за книговодствената состојба на сметките на банките).

6. Извештаите од точка 4 на оваа одлука штедилниците ги доставуваат според Упатство што го пропишува гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

7. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.04.1998 година.

О.бр.02-15/LXIV-2/98
2 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
Љубе Трпески, с.р.

488.

Врз основа на членовите 19, 50 и 63 став 1 точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ", бр. 29/96 – пречистен текст) и член 36 од Законот за банки и штедилници („Службен весник на РМ", бр. 29/96 – пречистен текст), Советот на Народна банка на Република Македонија на својата LXIV-та седница, одржана на 2.04.1998 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА МЕРКИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКИ СПРЕМА БАНКИ ВО УСЛОВИ НА ПРИВРЕМЕНА ИЛИ ТРАЈНА НЕЛИКВИДНОСТ

1. Со оваа одлука се утврдуваат мерките и постапката за преземање мерки спрема банките во услови на привремена или трајна неликвидност.

2. Банката е привремено неликвидна доколку:

– ги задржува од извршување налозите на депонентите поднесени за плаќање;

– не ги измирува, или не е во состојба да ги измири обврските што достасуваат за плаќање спрема странство и во земјата;

– не ги измирува навремено обврските по користени средства од примарната емисија по сите основи;

– не ја извршува обврската за одржување на просечно ниво на задолжителна резерва;

– не ја извршува обврската за одржување на минимална ликвидност; и

– не ја извршува обврската за одржување на најмалиот износ на девизни средства на сметките во странство.

3. Доколку банката е привремено неликвидна гувернерот може спрема таа банка да ги преземе следните мерки:

– запирање на користење средства од примарната емисија;

– забрана за пласирање средства;

– запирање на вршење девизно-валутни и менувачки работи во земјата;

– исклучување од учеството на девизниот пазар;

– ограничување на задолжувањето во странство;

– запирање со кредитирање на определени основачи и депозитори;

– ограничување на правото на трансфер на профит, или исплата на дивиденди;

– овластување на лице од Народна банка на Република Македонија да го организира и контролира работењето во банката; и

– поднесување пријава за стопански прекршок.

4. Решението за преземање мерки спрема банката се доставува и до Заводот за платен промет.

5. Банката е трајно неликвидна доколку:

– без прекин подолго од 5 дена, односно со прекин подолго од 8 дена во текот на последните 45 дена не ги измирува, или не е во состојба да ги измири пристигнатите обврски во земјата или странство, односно до-

колку наместо банката обврските ги исполнило друго правно лице, или Република Македонија по основ на гаранција;

– без прекин подолго од 5 дена, односно со прекин подолго од 8 дена во текот на последните 45 дена не располага со доволно средства за покривање на депозитите што може да се повлечат; и

– по завршување на финалната обработка на налозите за плаќање на крајот од денот банката искаже негативно салдо на жиро-сметката.

6. По утврдувањето на состојбата од претходниот став на оваа точка, гувернерот на Народна банка на Република Македонија донесува Одлука за прогласување на банката за неликвидна и во врска со оваа одлука гувернерот на Народна банка на Република Македонија може да изрече мерка банката да се исклучи од платниот промет.

Исклучувањето на неликвидна банка од платниот промет подразбира дека:

– нема да се извршуваат налози издадени од неликвидна банка за плаќање од нејзината жиро-сметка, или девизните сметки во странство;

– нема да се извршуваат налози за плаќање поднесени од депонентите за исплати од нивните сметки во банката;

– неликвидна банка не може да врши плаќање во готови пари во домашна и странска валута;

– неликвидна банка не смее да се задолжува во земјата и странство,

– уплатите во корист на сметките на депонентите на банката ќе се насочуваат во депозит во Народна банка на Република Македонија

Исклучувањето на неликвидната банка од платниот промет не се однесува на:

– плаќање по основ на активирани девизни гаранции и конфирмирани акредитиви отворени во странство од девизна сметка на банката во странство и на пристигнати обврски по девизни акредитиви и камати спрема странство,

– ќе се извршуваат сите налози за уплати во корист на банката врз основа на наплата на достасани обврски од должниците на банката; и

– исплати по штедни влогови и тековни сметки според прописите.

7. Врз основа на Одлуката за прогласување на банка за неликвидна, во најкус можен рок, ќе се испитаат условите за воведување на предсанациона, санациона, ликвидациона, или стечајна постапка кај банката.

8. Одлуката за прогласување на неликвидност на банка се доставува до банката, Заводот за платен промет, Советот на Народна банка на Република Македонија и субјектите од член 25 од Законот за Народна банка на Република Македонија.

9. Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за поблиските услови за прогласување на неликвидност на банка и постапката по прогласувањето на неликвидност на банка („Службен весник на РМ", бр. 45/96).

10. Оваа одлука влегува во сила во рок од 8 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

О. бр. 02-15/LXIV-3/98
2 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
Љубе Трпески, с.р.

489.

Врз основа на член 80 од Законот за банки и штедилници („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/96-пречистен текст) и член 63 точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/96-пречистен текст) Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXIV-та седница, одржана на 2.04.1998 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОБЕМОТ И НАЧИНОТ НА РАБОТЕЊЕТО НА ШТЕДИЛНИЦИТЕ

1. Во Одлуката за утврдување на обемот и начинот на работењето на штедилниците („Службен весник на Република Македонија" бр 7/97, 35/97 и 13/98) точка 2 став 1 се менува и гласи:

„Штедилниците можат да прибираат штедни влогови најмногу до износ кој е за 1,5 пати поголем од нивниот основачки капитал".

2. Оваа одлука влегува во сила осум дена по објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

О. бр. 02-15/LXIV-4/98
2 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
Љубе Трпески, с. р.

490.

Врз основа на член 16 став 3 од Законот за девизно работење („Сл. весник на Република Македонија" бр. 30/93) и член 63 став 1 точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Сл. весник на Република Македонија" бр. 29/96) Советот на Народна банка на Република Македонија на својата LXIV седница одржана на 2.04.1998 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ НА КУПО-ПРОДАЖБА НА ДЕВИЗИ МЕЃУ ПРАВНИТЕ ЛИЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Одлуката за начинот и условите на купо-продажба на девизи меѓу правните лица во Република Македонија, („Сл. весник на Република Македонија" бр. 30/93 , 38/93, 58/93, 22/94, 52/94, 67/94 и 65/96) во член 16 став 3 зборовите „најдоцна до 13,00 часот" се менуваат со зборовите „најдоцна до 13,45 часот".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила 8 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

О. бр. 02-15/LXIV-6/98
2 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
Љубе Трпески, с. р.

491.

Врз основа на член 57 став 2 од Законот за девизно работење („Сл. весник на РМ" бр. 30/93, 40/96) и член 63 точка 30 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Сл. весник на РМ" бр. 29/96), Советот на Народна банка на Република Македонија, на својата LXIV седница одржана на 2.04.1998 година донесе

ОДЛУКА
ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА МЕНУВАЧКИ РАБОТИ

Во Одлуката за условите и начинот на вршење на менувачки работи („Сл. весник на РМ" бр. 9/96 и бр. 65/96) се вршат следните измени и дополнувања:

1. Во точка 2 потточка 10 алинеја 1 се брише.

2. По точка 2 се додава нова точка 3 која гласи: „Менувачите од точка 1, заедно со дозволата за вршење менувачки работи, добиваат посебен писмен белег кој е составен дел на оваа одлука.

Писмениот белег од став 1 на оваа точка е доказ дека менувачницата во целост ги исполнува условите за вршење менувачки работи согласно Одлуката.

Писмениот белег од став 1 на оваа точка го поставува овластено лице од Народна банка на Република Македонија и тоа на стаклениот преден дел на менувачницата. Менувачниците кои го немаат горенаведениот писмен белег ќе се сметаат за менувачници кои работат без дозвола за вршење менувачки работи.

При одземање на дозволата за работа, на менувачницата ѝ се одзема и писмениот белег од став 1 на оваа точка од страна на овластено лице на Народна банка на Република Македонија".

3. Точките 3,4,5,6,7,8,9,10,11,12,13,14,15 и 16 стануваат точки 4,5,6,7,8,9,10,11,12,13,14,15,16 и 17.

4. Оваа одлука влегува во сила осум дена од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

О.бр. 02-15/LXIV-5/98
2 април 1998 година
Скопје

Претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија
Гувернер,
Љубе Трпески, с.р.

ИСПРАВКИ

По извршеното срамнување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Одлуката за давање согласност на Статутот на Централното основно училиште „Братство" – Скопје објавена во „Службен весник на Република Македонија" бр.35/97, направена е грешка, поради што се дава

ИСПРАВКА
НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЦЕНТРАЛНОТО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ „БРАТСТВО" – СКОПЈЕ

Во насловот на Одлуката и во член 1, наместо „Централио основно училиште" треба да стои „Основно училиште".

Бр. 23-1435/1
6 април 1998 година
Скопје

Од Владата на
Република Македонија

По извршеното срамнување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Одлуката за пренесување на правото на користење на теренски моторни возила од државна сопственост објавена во („Службен весник на Република Македонија" бр. 15/98), направена е грешка, поради што се дава

ИСПРАВКА
НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА ТЕРЕНСКИ МОТОРНИ ВОЗИЛА ОД ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Во член 1 и член 2, наместо зборовите „Шумски резерват" треба да стојат зборовите „Државно ловиште".

Бр. 23-31/1
6 април 1998 година
Скопје

Од Владата на
Република Македонија

По извршеното срамнување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Правилникот за образецот, содржината и начинот на издавање на избирачката легитимација и за образецот и начинот на водење на евиденцијата за издадените избирачки легитимации („Службен весник на РМ" бр. 60/97), е направена грешка, поради што се дава

ИСПРАВКА
НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОБРАЗЕЦОТ, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА ИЗБИРАЧКАТА ЛЕГИТИМАЦИЈА И ЗА ОБРАЗЕЦОТ И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ИЗДАДЕНИТЕ ИЗБИРАЧКИ ЛЕГИТИМАЦИИ

Во член 3 став 1 во редовите два и пет наместо зборот „сина", треба да стои зборот „црна", а во осмиот ред наместо зборот „сини", треба да стои зборот „црни".

Бр. 11-903/1
31 март 1998 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Ѓорѓи Спасов**, с.р.

Огласен дел

СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

Пред овој суд е поведена постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Клица Решат од Скопје, ул. "Рифат Бурѓевиќ" бр.66, Скопје, преку полномошникот Дрпњанин Мерсад, адвокат од Скопје, против тужената Клица Амира, моминско Рамовиќ, со непозната адреса на живеење.

Согласно член 84 од ЗПП, судот на тужената и го постави за привремен застапник, адвокатот од Скопје Прентиќ Рамо, ул. "Маршал Тито" бб, Сарај, Скопје, кој ќе ги штити правата и интересите на тужената се додека таа или нејзин полномошник не се појават пред судот, односно додека Меѓуопштинскиот центар за социјални работи на општините на град Скопје на го извести судот дека и поставил привремен старател.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, XIX П.бр. 921/98 (6343)

Пред овој суд се води постапка за утврдување на сопственост по тужбата на тужителот Илиевски Димитрија од Скопје против туженит Илми Шерифов Калиси, со непозната адреса на живеење.

За привремен застапник на туженит е поставен адвокатот Борис Ношпал од Скопје, ул. "Орце Николов" бр. 155, со решение на Меѓуопштинскиот центар за социјални работи на град Скопје број 3020-529 од 3.X.1997 година, кој ќе ги застапува тужените до нивното јавување во судот.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје,II П.бр. 4700/96. (6474)

Пред овој суд е покренатa процесна постапка за долг, по тужба на тужителот ПТПУ "Скопи" од Скопје, против туженит Спасиќ Стојанчо, од с. Иванковци-Велес. Вредност на спорот 150.000,00 денари.

Со решение од 02.IV.1998 година, на туженит му е поставен за привремен застапник адвокатот Санде

Алексовски од Скопје, ул."Мацир Мало" бр. 39, кој ќе го застапува тужениот во постапката се додека тој или негов полномошник не се јави во судот, односно додека од Центарот за социјални работи на тужениот не му биде поставен старател.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, VI. П.бр. 4494/96. (6525)

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Пред овој суд е заведен спор за утврдување право на сопственост на недвижен имот по тужбата на тужителот Блаже Блажевски од Скопје, ул."520" бр.11, против туженот Сотир Штрабек од Скопје, сега со непозната адреса на живеење

Се повикува тужениот да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас и во истиот рок да ја достави својата точна адреса на живеење или да назначи свој полномошник кој што ќе ги застапува неговите интереси во текот на постапката. Во спротивно, на истиот ќе му биде одреден привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси пред судот.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, XVII. П.бр. 2737/97. (6488)

Пред Основниот суд Скопје II - Скопје во тек е постапка по тужбата на Марија Милошевиќ од Скопје против Владимир Милошевиќ од Скопје, со непозната адреса во странство.

На туженот судот му го постави за привремен застапник, адвокатот Страшо Пеливанов, ул."Наум Наумовски Борче" бр. 76/2, кој ќе ги застапува неговите интереси до неговото преземање на постапката.

Се повикува тужениот Владимир Милошевиќ во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во судот лично или преку полномошник и да ја преземе постапката. Во спротивно, таа ќе продолжи преку привремениот застапник.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, XI П.бр 3238/97. (6463)

ОСНОВЕН СУД ВО ГОСТИВАР

Пред Основниот суд во Гостивар се води граѓанска постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Небија Билали од Гостивар, против тужената Руждије Билали од Гостивар, а сега со непозната адреса во странство. Вредност на спорот неопределена.

На тужената се поставува привремен застапник лицето Душица Димитриеска, правник од Гостивар, на работа во Основниот суд Гостивар, стручен соработник, која ќе ги застапува интересите на тужената додека таа или нејзиниот полномошник или застапник не се јават на главната расправа пред овој суд, односно се додека Органот за старателство не постави старател.

Од Основниот суд во Гостивар, П.бр. 60/98. (6490)

Пред овој суд по предлог на предлагачот Исмаили Талат од с. Врапчиште се води постапка за докажување на смртта на лицето Исмаили Басри од с. Врапчиште, роден 6.V.1928 година, од татко Исмаили Муатем, мајка Исмаили Зехра.

Основниот суд во Гостивар го повикува лицето Исмаили Талат од с. Врапчиште во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот во "Службен весник на РМ" и на огласна табла при овој суд да се јави во Основниот суд во Гостивар.

Судот истовремено ги повикува сите лица што знаат нешто за неговиот живот тоа да му го соопштат на овој суд.

По истекот на рокот од 15 дена, доколку повиканото лице не се јави пред овој суд, ќе се утврди дека е умрено.

Од Основниот суд во Гостивар,Р.бр.48/98. (6265)

ОСНОВЕН СУД ВО КИЧЕВО

На туженият Меднан Ајвазоски од Кичево, ул."Арсо Војвода" бр. 34, сега на привремена работа во Белгија, со непозната адреса на живеење, му се поставува за привремен застапник полномошникот - адвокат Златко Додески од Кичево кој ќе ги застапува неговите интереси, се додека тој или негов застапник не се појави пред судот, се до правосилното завршување на постапката по тужбата на тужителот Зуле Демироски од с. Лисичани за надомет на штета вредност од 41.850.00 денари.

Од Основниот суд во Кичево, П.бр.617/97. (6260)

ОСНОВЕН СУД ВО КОЧАНИ

Пред овој суд е во тек извршна постапка за наплата на долг по предлог за извршување на доверителот Бари Јашаров, ул."Шукри Шаин" бр. 13 од Кочани, против должникот Раим Шабанов Амедов, ул. "Стамен Манов" бб - Кочани.

Се повикува должникот Раим Шабанов Амедов од Кочани, да се јави во Основниот суд во Кочани во рок од 30 дена по објавувањето на огласот, или во истиот рок да ја достави својата сегашна адреса на живеење. Во спротивно, ќе му биде одреден привремен старател во смисла на член 84 од ЗПП кој ќе ги застапува неговите интереси пред судот до окончување на постапката или до неговото појавување пред судот.

Од Основниот суд во Кочани. (6457)

Пред овој суд е во тек извршна постапка за одземање на малолетно дете по предлог за извршување на доверителот Виолета Митрова од Кочани, против должникот Блаже Митров од нас. Оризари.

Се повикува Блаже Митров да се јави во Основниот суд во Кочани во рок од 30 дека по објавувањето на огласот или во истиот рок да ја достави својата сегашна адреса на живеење. Во спротивно на истиот ќе му биде одреден привремен старател во смисла на член 84 од ЗПП кој ќе го застапува неговиот интерес пред судот до окончување на постапката или до негово појавување пред судот.

Од Основниот суд во Кочани. (6458)

ОСНОВЕН СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд во тек е бракоразводна парница по тужбата на тужителката Нуредини Фатиме од с. Гургурница, против туженият Нуредини Љазим од с. Гургурница, сега со непозната адреса во Германија.

Се повикува тужениот да се јави во Основниот суд во Тетово во рок од 30 дена од објавувањето на огласот, или да одреди свој полномошник кој ќе се грижи за неговите права и интереси. Доколку тоа не го стори во определениот рок, судот ќе му одреди привремен старател преку Центарот за социјални работи во Тетово.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр.339/98. (6261)

Пред овој суд е во тек постапка по предлог на предлагачите Вејсели Исмаил и Вејсели Шерафедин, двајцата од Тетово, за докажување на смртта на нивниот татко Мустафи Вејсел Рушит од Тетово.

Се повикува лицето Мустафи Вејсели Рушит од Тетово да се јави во Основниот суд во Тетово или секој друг што знае за неговиот живот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот. Во спротивно, судот врз основа на доказите и привременият старател ќе ја утврди смртта на Мустафи Рушит.

Од Основниот суд во Тетово, Р.бр.96/98. (6262)

Пред овој суд води спор за развод на брак по тужбата на Малиќи Минивере од с. Бродец против Љатиф Малиќи од с. Вешала, а сега со непозната адреса во Германија.

Се повикува туженият да се јави на судот или постави свој засатапник во рок од 30 дена од објавувањето на огласот. По истекот на овој рок ќе му биде поставен привремен старател.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр.276/98. (6263)

Пред овој суд води спор по тужбата на тужителот Адеми Нусрет од Скопје,ул."Никола Малешевски" бр 41 влез II, стан 12, против Хабиб Мустафа од Тетово, ул."146" бр. 34, а сега со непозната адреса во странство. Се повикува туженият да се јави во судот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот или постави свој застапник. По истекот на овој рок, судот ќе му постави старател.

Од Основниот суд во Тетово, П.бр.450/97. (6264)

ОСНОВЕН СУД ВО ШТИП

Пред Основниот суд во Штип во тек е процесна постапка по тужбата на тужителот Милан Гошевски од с. Драгоево, протиов тужената Верица Малинова од Штип.

Се повикува тужената во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот да се јави пред Основниот суд во Штип и да достави точна адреса или да определи свој полномошник или застапник. Во спротивно, ќе и биде поставен привремен застапник по службена должност од страна на Основниот суд во Штип, кој ќе ги застапува нејзините интереси до завршувањето на постапката или до јавувањето на тужената.

Од Основниот суд во Штип,П.бр. 1373/96. (6489)

ЗАПИШУВАЊЕ ВО СУДСКИОТ РЕГИСТАР

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Трег. бр 2534/97, на регистарска влошка бр. 3-02001187-000-03 го запиша во трговскиот регистар основањето на Друштво за производство, трговија и услуги на големо и мало „ЕУРО-КОНТ" Коста и Игор, д.о.о, експорт-импорт, бул „Партизански одреди" бр 37/1 лок 17, ТЦ Буњаковец, Скопје.

Д о о. е основано од страна на двајца содружници и тоа: еден домашен државјанин, Коста Наумов, ул „Палмиро Тољати" бр 106-б, и еден странски државјанин од СССР, Игор Васиљевич Лукинчук од Иваново – Франковска обл. СССР.

Дејности 011212, 011219, 011231, 011232, 011299, 011430, 011521, 011941, 011949, 012111, 012112, 012120, 012130, 012141, 012142, 012201, 012202, 012310, 012321, 012322, 012323, 012324, 012410, 012421, 012429, 012701, 012702, 012703, 012810, 012820, 012830, 013050, 013060, 013091, 013099, 013901, 013902, 013903, 030003, 050301, 050302, 060501, 060502, 060503, 060601, 060602, 060609, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070132, 070140, 070150, 070160, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070230, 070240, 070250, 080111, 080112, 080121, 080122, 080129, 080190, 080201, 080202, 090110, 090121, 090122, 090123, 090124, 090129, 090131, 090132, 090133, 090139, 090140, 090150, 090160, 090171, 090172, 090179, 090181, 090182, 090189, 090201, 090202, 090209, 110109, 110302, 110303, 110304, 110309, 110909, 070310, 070320, надворешна трговија со прехранбени и непрехранбени производи, застапување и посредување во меѓународниот промет, консигнација, реекспорт, малограничен промет со соседните земји, меѓународен транспорт на стоки и услуги и меѓународна шпедиција.

Во правниот промет со трети лица друштвото истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските настанати во правниот промет со трети лица друштвото одговара со целокупниот свој имот.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Трег. бр. 2534/97. (879)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Трег. бр. 2431/97, на регистарска влошка бр. 3-02001212-000-03 го запиша во трговскиот регистар основањето на Друштвото за услуги, инженеринг и промет „ЕЛЕКТРОМОДУЛ" Новица – Дамир д.о.о. експорт-импорт ул.„Стогово" бр.15 А Скопје.

Друштвото е основано со Договор за основање на друштвото како друштво со ограничена одговорност на ден 20.10.1997 год.

Содружници на друштвото се: Новица Митески од Скопје, ул.„Мечкин Камен" 17 Република Македонија, како домашен содружник и Дамир Таслиќиќ од Осијек, ул.„Свете Ане" 21 Република Хрватска како странски содружник.

Дејности: 011721, 011729, 013400, 012500, 013909, 050100, 050201, 050209, 050301, 050302, 060105, 060501, 060502, 060503, 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070215, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 080111, 080121, 080129, 080190, 080201, 080202, 090110, 090121, 090122, 090123, 090124, 090131, 090132, 090133, 090139, 090140, 090150, 090160, 090179, 090181, 090182, 090183, 090189, 090209, 110109, 110302, 110304, 110309, 110620, 110901, 110905, 110909, 070310, 070320, консигнациона продажба, угостителски и туристички услуги во земјата и во странство, реекспорт, агенциски услуги во областа на транспортот, посредување и застапување на прометот со Бугарија, Грција, СРЈ и Албанија.

Управител на друштвото е Митрески Новица, без ограничување во овластувањата.

Друштвото во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со сите свои средства.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Трег. бр. 2431/97. (882)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег. бр. 7413/97, на регистарска влошка бр 1-1225-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на „РУДПРОЕКТ" п.о. Консалтинг и инженеринг во рударството и индустрија ул. „Васил Ѓорѓов" бб, Скопје

Дејности: 070132, 070129, 070229

Од Основниот суд во Скопје I – Скопје, Срег бр 7413/97. (2665)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Трег бр 2214/97, на регистарска влошка бр 6-02000836-000-01 го запиша во трговскиот регистар Трговецот поединец, Бурекџилница ЕС Енвер Беќир Себатоски, ТП, ул „Казанџиска“ бр 13, л 11, Скопје

Основач е Енвер Беќир Себатоски

Дејности 070111

Во правниот промет со трети лица „ТП“ ќе настапува во свое име и за своја сметка

За обврската сторена во прометот „ТП“ ќе одговара лично со целиот свој имот

Енвер Себатоски, управител со неограничени овластувања

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Трег бр 2214/97 (894)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Трег бр 2367/97, на регистарска влошка бр 6-02001179-000-06 го запиша во трговскиот регистар Трговецот-поединец Авто такси „КИЈО-КОМПАНИ“ ТП, Јордан Благоја Ѓоргиев, ул „Скоевска“ бр 21-б, Скопје

Дејност 060602

Во правниот промет со трети лица „ТП“ ќе настапува во свое име и за своја сметка

За обврските сторени во правниот промет „ТП“ ќе одговара со целиот свој имот

Јордан Ѓоргиев, управител со неограничени овластувања

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Трег бр 2367/97 (895)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Трег бр 2681/97 на регистарска влошка бр 6-02001196-000-09 го запиша во трговскиот регистар основањето на Гостилница ТП „ЗОКИ“ Ѓоргиевски Димитрија Зоран ул.„Жан Жорес“ бр Б 25 Г Баба Скопје

Дејност. 080190.

ТП во правниот промет истапува во свое име и за своја сметка

За сторените обврски одговара со сиот имот и средства

Ѓорѓиевски Зоран – управител без ограничувања

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Трег бр 2681/97 (896)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Трег бр 2675/97 на регистарска влошка бр 6-02001195-000-06 го запиша во трговскиот регистар основањето на Трговец-поединец автопревозник „АНЕ – ПРЕВОЗ“ ТП Анка Љубомир Алексовска бул „Партизански Одреди“ бр.42-а Скопје

Дејности: 060502, 060501, 060503, 060601, 060602

Управител Анка Алексовска од Скопје

Во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските одговара со целокупниот свој имот.

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Трег бр 2675/97 (897)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Трег бр 2642/97 на регистарска влошка бр 6-02001164-000-06 го запиша во трговскиот регистар основањето на Трговец-поединец таксист „ДУШКО“ ТП, Душко Анѓеле Филипов, ул „Црноризец Храбар“ 18-б, Скопје

Дејност 060602

Управител Душко Филипов од Скопје, ул „Црноризец Храбар“ 18-б

Во правниот промет со трети лица истапува во свое име и за своја сметка, а за обврските одговара лично со целиот свој имот

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Трег бр 2642/97 (898)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег бр 20039/92 на регистарска влошка бр 1-31437-0-0-0 го запиша во судскиот регистар основањето ја претпријатието во приватна сопственост д о о и запишување на правото на работење во надворешниот трговски промет на Претпријатието за трговија на големо и мало „ВИН“ д о о увоз-извоз, Скопје ул „Владимир Комаров“ бр.36/1-1

Претпријатието е основано со акт за основање бр 01/91 од 22 12 92, а основач е Драган Мијановиќ од Скопје, ул „Владимир Комаров“ бр 36/1-1

Дејности 070111, 070112, 070113, 070114, 070121, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 070211, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070222, 070223, 070224, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 110303, 110309, 110109, 080111, 080112, 080113, 080114, 080119, 080121, 080122, 080123, 080129, 080190, 080201, 080202, 070310, 070320, застапување и посредување, малограничен промет со Грција, Албанија, Бугарија и СР Југославија, реекспорт и шпедиција и царински продавници

Лице овластено за застапување во надворешно трговскиот промет е Драган Мијановиќ од Скопје, ул „Владимир Комаров“ бр 36/1-1, директор

Во правниот промет со трети лица претпријатието настапува во свое име и за своја сметка

За обврските настанати во правниот промет со трети лица, претпријатието одговара со сите свои средства

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег бр 20039/92 (899)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Трег бр 2614/97 на регистарска влошка бр 3-02001192-000-09 го запиша во трговскиот регистар основањето на трговското друштво Агенција за односи со јавност „ФОРУМ“ Ванчо Орданоски и партнери д о о ул „Ферид Бајрам“ бр 39 Скопје

Основачи на друштвото се Ѓунер Исмаил, Ванчо Орданоски и Сашо Орданоски од Скопје

Дејности 120311, 120190, 120312, 120349, 120362, 120363, 120361, 120364, 110301, 110302, 110303, 110309, 110901, 110902, 110903, 110905, 110909, 110109, 110401, 110402, 110403, 110406, 110404, 013400, 011113, 011231, 011313, 011390, 011430, 011527, 011710, 011721, 011722, 011729, 011741, 011742, 011743, 011749, 011791, 012310, 012201, 012202, 012321, 012323, 012324, 012421, 012439, 012622, 012901, 013500, 013909, 050100, 050201, 050202, 050203, 050302, 060101, 060102, 060103, 060501, 060502, 060503, 060601, 060602, 060609, 060802, 070111, 070112, 070113, 07012, 070122, 070123, 070124, 070125, 070126, 070127, 070128, 070129, 070131, 070132, 070140, 070150, 07021, 070212, 070213, 070214, 070219, 070221, 070223, 070225, 070226, 070227, 070229, 070230, 070240, 070250, 070260, 080111, 080112, 080121, 080122, 080190, 080201, 080202, 090121, 090201, 070310, 070320, реекспорт, малограничен транспорт и шпедиција, застапување и посредување во надворешно трговскиот промет, туристички работи со странство

Друштвото во правниот промет со трети лица има неограничени овластувања и целосна одговорност

Ванчо Орданоски – управител без ограничување

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Трег бр 2614/97 (900)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег бр 7171/97, на регистарска влошка бр 1-57935-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на директор на Претпријатието за трговија на големо и мало „СУДЦЕСС" дистрибутион нетворк" д о о увоз-извоз, бул „Јане Сандански" бр 17-2/3, Скопје

Се брише Додевска Фросина, се запишува Милковиќ Александар како нов директор

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег бр 7171/98 (1550)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег бр 7262/97, на регистарска влошка бр 1-44974-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лице на Претпријатието за производство, трговија и услуги „МАТИЦА МАЈА" ц о. ул „Орце Николов" бр 10 Кавадарци

Се брише Кочев Атанас, а се запишува Кала Кочева како директор без ограничување

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег бр 7262/97 (929)

Основниот суд Скопје I – Скопје, со решението Срег бр 6691/97, на регистарска влошка бр. 1-1186-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар трансформацијата на Акционерското друштво за поправка и одржување на друмски моторни возила „АВТОРЕМОНТ" А Д со П О ул „Шишка" бб Кавадарци

Трансформација на Акционерското друштво за поправка и одржување на друмски моторни возила „АВТОРЕМОНТ" А Д со П О ул „Шишка" бб Кавадарци

Од Основниот суд Скопје I – Скопје, Срег бр 6691/97 (930)

